# ЗА СМРТТА, УМИРАЊЕТО И ИДНАТА НАДЕЖ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
октомври, ноември, декември 2022

**ЗА СМРТТА, УМИРАЊЕТО И ИДНАТА НАДЕЖ**
Автор: *Алберто Р. Тим*

Број 4/2022

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

Цитатите од Светото писмо се преземени од Стандардната верзија на македонската Библијата, издадена од United Bible Societies (UBS) и од преводот на Душан Константинов. Сите права се задржани.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Бунт во совршена вселена ........ 7
2. Смрт во грешен свет ........ 14
3. Разбирање на човечката природа ........ 21
4. Старозаветна надеж ........ 28
5. Случаи на воскресение пред Крстот ........ 35
6. Тој умре за нас ........ 42
7. Христова победа над смртта ........ 49
8. Новозаветна надеж ........ 56
9. Контрадикторни текстови? ........ 63
10. Пеколниот оган ........ 70
11. Измами од последното време ........ 77
12. Библиски поглед на светот ........ 84
13. Судски процес ........ 91
14. Сè ново ........ 98

**Додаток**

Утрински стихови – октомври ........ 106
Утрински стихови – август ........ 107
Утрински стихови – септември ........ 108
Секојдневно читање на Библијата ........ 110
Текстови за вечерно богослужение ........ 111
Табели за почеток на саботата во Македонија ........ 112-114

# ЗА СМРТТА И УМИРАЊЕТО – НАШАТА ИДНА НАДЕЖ



Бог ги создал човечките суштества за да уживаат во заемното со љубов проникнато општење со Него и со делата на Неговото создавање во текот на целата вечност. Меѓутоа, тој меѓусебен однос бил прекинат со таинствената појава на гревот на небото (Исаија 14,12-15; Езекиел 28,12-19; Откровение 12,7-12) и подоцнежниот пад на Адам и Ева (1. Мојсеева 3,1-19; Римјаните 5,12). Трагично, смртта го зафатила не само човечкиот род туку целокупниот жив свет. Реалноста на смртта денес може да се види во лисјата што паѓаат од дрвјата, цвеќињата што венеат во нашите вазни, нашите недолжни миленици умираат во агонија и нашите најблиски се одземени од нас на толку суров начин. Нашиот свет е полн со страдања и неизбришани солзи.

Од копнеж за подобар свет, луѓето си насликале бројни места како „рај“ во кои би сакале да живеат. На пример, во 1933 година, англискиот романсиер Џејмс Хилтон ја објави книгата *„Изгубениот хоризонт“*, врз основа на која беше снимен истоимениот филм неколку години подоцна. Филмот и книгата ја раскажуваат приказната за авионска несреќа при која авионот останал без гориво и завршил паѓајќи над снежните падини на Хималаите. Пилотот загинал во несреќата, но неколкутемина преживеани биле извлечени од урнатините, по што група Тибетанци ги однеле во небесната долина Шангри-Ла, чии жители, изолирани од надворешниот свет, раснеле во љубов и мудрост, живеејќи речиси бесмртен живот во постојана хармонија и радост.

Се разбира, тоа е само фикција. Но, нам, како смртни човечки суштества, ни треба сигурност во сегашноста и надеж за иднината. Како што добро забележал швајцарскиот теолог Емил Брунер: „Она што е кислородот за белите дробови, тоа е надежта за смислата на човечкиот живот. Одземете им го кислородот и ќе настапи смрт од задушување, одземете им ја надежта и човештвото ќе згаснува останувајќи без здив; ќе го обземе очајот, предизвикувајќи парализа на менталните и духовните способности со чувство на бесмисленост и бесцелност на постоењето. Како што

судбината на човечкиот организам зависи од снабдувањето со кислород, така судбината на човештвото зависи од поседувањето надеж“ (Емил Брунер, *Eternal Hope,* London: Luttervorth Press, 1954, p. 7 стр. 7). Навистина, библиската надеж нè одржува во текот на животните кризи со кои се соочуваме на нашето патување кон вечноста.

За разлика од замислената Шангри-Ла од „*Изгубениот хоризонт*“, нашата надеж за вечен живот не се заснова на „не преку измислени приказни“ (2. Петрово 1,16). Се заснова на веродостојното Божјо ветување за совршен свет без солзи, болка и смрт (Откровение 21,1-5). Тоа драгоцено ветување ја вдахнувало апостолската црква, а и многу други христијани со векови се држеле за него и го чувале. Никогаш не губејќи ја својата моќ, истото тоа ветување и денес му дава смисла и цел на нашиот живот. Тоа ни овозможува со доверба да гледаме во иднината. Тоа нè уверува дека сите наши мили и драги кои умреле во Христа на крајот ќе воскреснат од мртвите за да наследат вечен живот.

Во оваа поука ќе се занимаваме со прашањето за големата борба меѓу доброто и злото, имајќи предвид две главни теми. Едната од нив е потеклото и постојаното присуство на гревот и смртта. Втората тема е Божјите постојани напори да ги реши тие проблеми и да го врати светот во првобитната совршена состојба. Посебен акцент ќе ставиме на смртната природа на човечките битија и на фактот дека воскресението е она што води до бесмртност. Реално, не треба да се плашиме од смртта бидејќи Христос умрел за нас и ја скршил нејзината моќ. Освен тоа, ние сме убедени дека Тој ги држи „клучевите од адот и смртта“ (Откровение 1,18).

Во текот на ова тримесечје ќе ја проучуваме болната тема за смртта, но низ призмата на надежта што ни е понудена преку Исуса Христа.

*Д-р Алберто Р. Тим, (Универзитет Ендрус), е помошник директор на Наследството на Елена Г. Вајт, член на одборот на Институтот за библиски истражувања (BRICOM) и одборот на Институтот за геонаучни истражувања (GRICOM). Тој претходно служел како претседател на Латиноамериканскиот адвентистички теолошки колеџ (LATS) на повеќе кампуси.*

.

**Лекција 1**
**24 -30 септември 2022**

# БУНТ ВО СОВРШЕНА ВСЕЛЕНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Јованово 4,8. 16; 1. Јованово 4,7-16; Езекиел 28,12-19; Исаија 14,12-15; Откровение 12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Како падна ти од небото, Денице, сине на зората! Се разби од земјата ти, кој ги угнетуваше народите“ (Исаија 14,12).**

Многу мислители се обиделе да го објаснат потеклото на злото. Некои сугерираат дека злото отсекогаш постоело бидејќи, според нивно верување, доброто може да се вреднува само во спротивност на злото. Други веруваат дека светот бил совршен по создавањето, но злото на некој начин сепак се појавило. На пример, според грчката митологија, злото настанало кога љубопитната Пандора отворила запечатена кутија од која излетале сите зла на овој свет (овој мит, сепак, не го објаснува потеклото на злото скриено во таа кутија).

Наспроти тоа, Библијата учи дека нашиот драг Бог е семоќен (1. Дневникот 29,10.11) и совршен (Матеј 5,48). Сè што прави Тој мора да биде совршено (5. Мојсеева 32,4), а тоа го вклучува и начинот на кој го создал овој свет. Тогаш, како можело злото да се појави во еден совршен свет? Според текстот 1. Мојсеева 3 глава, падот на Адам и Ева го донел гревот, злото и смртта на оваа планета.

Меѓутоа, овој одговор покренува и едно друго прашање. Уште пред падот, злото веќе постоело, манифестирано во облик на „змија“ која ја измамила Ева (1. Мојсеева 3,1-5). Затоа треба да се вратиме назад, уште пред падот, за да го најдеме изворот и потеклото на злото што толку многу доминира во нашето сегашно постоење и што одвреме-навреме го прави прилично несреќно.

## СОЗДАВАЊЕТО – ИЗРАЗ НА ЉУБОВТА

Природата во својата сегашна состојба испраќа двосмислена порака во која доброто и злото се измешани. Грмушките од рози раѓаат убави, миризливи цветови, но и остро трње. Туканот може да нѐ импресионира со својата убавина, а потоа да нѐ преплаши со тоа што ги напаѓа гнездата на други птици и ги јаде нивните слаби младенчиња. Дури и човечките суштества, кои се способни за голема добрина во еден момент, веќе во следниот можат да бидат зли, полни со омраза, па дури и насилни. Не е ни чудо што во параболата за пченицата и каколот, слугите го прашуваат својот господар: „Господару, зар не посеа добро семе на својата нива? Тогаш, од каде е каколот во неа?“ (Матеј 13,27). А господарот им одговара: „Човек непријател го направи тоа“ (Матеј 13,28). Исто така, Бог создал совршена вселена, но непријателот го осквернил со таинственото семе на гревот.

**Прочитајте го текстот 1. Јованово 4,8.16. Што ни кажува фактот дека „Бог е љубов“ за природата на Неговите творечки активности?**

---

Фактот дека „Бог е љубов“ (1. Јованово 4,8.16) води до најмалку три основни заклучоци. Прво, љубовта по својата природа не може да постои затворена во себе, туку мора да биде изразена. (Каква е таа љубов што не се покажува?) Божјата љубов се манифестира на внатрешен план меѓу трите Личности на Божеството, а на надворешен преку Божјиот однос со Неговите созданија. Второ, сѐ што прави Бог е израз на Неговата безусловна и непроменлива љубов. Ова ги вклучува Неговите дела на создавањето, Неговите дела на откупување, па дури и дејствувањето на Неговите казнени судови. Всушност, „Божјата љубов се покажува во неговата правда исто толку колку и во неговата милост. Правдата е основа на неговиот престол и плод на неговата љубов“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 762 ориг.). И трето, бидејќи Бог е љубов и сѐ што прави е израз на Неговата љубов. Тој не може да биде зачетник на гревот, кој е во директна спротивност со Неговиот карактер.

Дали Бог навистина имал потреба да ја создаде вселената? Од перспектива на Неговиот суверенитет, би можеле да кажеме дека немал, бидејќи тоа била Негова доброволна одлука. Но, од перспектива на Неговата природа на љубов, Тој ја посакувал вселената како предмет на Неговата љубов. Колку восхитува тоа што создал суштества, како што се луѓето, со способност да одговорат на Неговата љубов, но и да споделуваат и покажуваат љубов не само кон Бога, туку и кон другите (видете Марко 12,30.31).

**Да го погледнеме создадениот свет. Како можеме да ги препознаеме во него изразите на Божјата љубов, и покрај пустошот кој го предизвикал гревот? Како може да научиме да извлекуваме поуки од откровението на Божјата љубов, што јасно се гледа во делата на создавањето?**

# СЛОБОДНАТА ВОЛЈА – ОСНОВА НА ЉУБОВТА

**Прочитајте го текстот 1. Јованово 4,7-16. Што ни кажува овој текст за тоа кој е предусловот за негување на љубовта?**

Вештачките цвеќиња можат да бидат прекрасни, но тие не растат и не цветаат како вистинските. Роботите се однапред програмирани да зборуваат и да извршуваат многу задачи, но тие немаат ниту живот ниту чувства. А животот и слободната волја се, всушност, неопходен услов за некој да може да прифати, да негува и споделува љубов. Така, нашиот Бог, кој е полн со љубов, создал ангели (вклучувајќи го и Луцифера) и човечки суштества со слобода да донесуваат сопствени одлуки, вклучувајќи ја и можноста да заталкаат од вистинскиот пат. Со други зборови, Бог ја создал целата вселена како совршена и хармонична средина за да можат Неговите суштества да растат во љубов и мудрост.

Во текстот 1. Јованово 4,7-16, апостол Јован нагласува дека „Бог е љубов“ и дека ја покажал таа љубов испраќајќи го својот Син да умре за нашите гревови. Како резултат на тоа, ние треба да му ја изразиме нашата благодарност со тоа што ќе се сакаме едни со други. Таквата љубов, божествено замислена, би била најубедлив доказ дека Бог живее во нас и ние живееме во Него. Овој повик да ја одразуваме Божјата љубов во нашите меѓусебни односи има смисла само ако е упатен до суштества кои решиле да ја негуваат и изразат таа љубов или, обратно, да живеат егоцентрично. Сепак, слободата на избор лесно може да се злоупотреби, што е тажен факт кој се покажал во трагичниот бунт на Луцифер на небото.

**Дури и кога ја сфаќаат важноста на слободната волја, некои луѓе сè уште се прашуваат: Ако Бог знаел дека Луцифер ќе се побуни, зошто го создал? Зар создавањето на Луцифер, во крајна линија, не го прави Бога одговорен за потеклото на злото?**

Ова е многу тешко прашање, бидејќи зависи од многу фактори, вклучувајќи го и вистинското значење на зборот „одговорен“. Потеклото и природата на гревот се тајни кои никој не може целосно да ги објасни.

Дури и да е така, Бог не го довел гревот во постоење со Негова наредба, туку само дозволил да постои, а потоа, на крстот, ја зел врз Себе конечната казна за гревот, која овозможила целосно да го искорени. Затоа, во сите наши мачни размислувања за злото, никогаш не смееме да заборавиме дека сам Бог ја платил највисоката цена за постоењето на гревот и злото (видете Матеј 5,43-48; Римјаните 5,6-11), и дека самиот Тој е еден од нив, кој пострадал повеќе отколку што може да пострада кој било од нас.

**Како дар од Бога, слободната волја е света, но со себе повлекува тежок товар со далекосежни последици, не само за нас самите, туку и за другите. Кои важни одлуки се подготвувате да ги донесете користејќи го овој дар и какви ќе бидат последиците од изборот што ќе го направите?**

## НЕОБЈАСНИВА НЕБЛАГОДАРНОСТ

**Прочитајте го текстот Езекиел 28,12-19. Што можеме да научиме од овој текст за таинственото потекло на гревот?**

---

Голем дел од книгата на пророк Езекиел е напишана на симболичен јазик кој се поврзува со последното време. Во многу случаи, некои ентитети (како што се лица, животни или предмети), како и локални настани, се користени за да се претстават и доловат поширокиte космички и историски реалности. Во Езекиел 28,1-10, за Тирскиот цар (патем, Тир бил напреден древен феникиски пристаништен град), Господ зборува како за богат и арогантен владетел, кој бил само „човек“, но за себе тврдел дека е бог, па дури и седел (според сопствените зборови) на престолот на боговите.

И тогаш, во текстот Езекиел 28,12-19, таа историска реалност станува аналогија што го навестува првобитниот пад на Луцифер на небото. И така, Тирскиот цар, кој како човечко суштество живеел „во срцето на морињата“ (Езекиел 28,2.8), сега претставува „помазан херувим – заштитник“ (Езекиел 28,14), кој живеел „во Едемската градина“ и „светата Божја гора“ (Езекиел 28,13.14).

Клучната изјава во овој извештај се наоѓа во Езекиел 28,15, која гласи: „Ти беше совршен во патиштата свои, од денот кога беше создаден, сè додека не се најде во тебе беззаконие.“ Според тоа, што е многу важно, Луциферовото совршенство опфаќало потенцијал за зло – и можност да прави зло, бидејќи, како морално битие, тој поседувал слободна волја – нераскинлив дел од она што значи да се биде совршено битие.

Всушност, Луцифер бил совршено создаден – што ја подразбирало и неговата способност слободно да одлучува. Но, бидејќи го злоупотребил тоа совршенство и дарот на слободната волја, тој се расипал, сметајќи се поважен отколку што навистина бил.

Незадоволен од тоа како Бог го создал и колку го цени, Луцифер го изгубил чувството на благодарност кон Бога и посакал да му се дава поголемо признание отколку што навистина заслужувал. Како можело да му се случи тоа на едно совршено ангелско суштество, кое живеело во совршена вселена, претставува тајна.

„Гревот е нешто таинствено и необјасниво. Немало причини за неговото постоење. Да се бара објаснување за гревот значи да се бара негово објаснување, а со тоа и негово оправдување. Гревот се појавил во совршената вселена, а тоа се покажало како нешто непростливо“ (Ellen G. White, The Truth About Angels, стр. 30).

**Во 1. Солуњаните 5,18, Павле вели дека треба да „благодариме“ за сè. Како овие зборови ни помагаат да го надминеме секое чувство на неблагодарност и самосожалување, особено во тешки времиња?**

# ЦЕНАТА НА ГОРДЕЛИВОСТА

Во рамките на Светото писмо, можат да се забележат две преовладувачки теми или мотиви кои меѓусебно се натпреваруваат. Едниот мотив е Салем, или горaта Сион, Ерусалим или Новиот Ерусалим, кој го претставува царството Божјо. Другиот мотив е Бабел или Вавилон – лажното царство на сатаната. Бог постојано го повикувал својот народ да излезе од паганскиот Вавилон за да Му служи во Ветената земја.

На пример, Аврам (подоцна Авраам) бил повикан да се пресели од Ур Халдејски во земјата Ханан (1. Мојсеева 11,31–12,9). На крајот од нивното долго прогонство, Евреите го напуштиле Вавилон и се вратиле во Ерусалим (Ездра 2). А во книгата Откровение, Божјиот народ е повикан да излезе од Вавилон на последното време (Откровение 18,4), за конечно да живее со Него на горaта Сион и во Новиот Ерусалим (Откровение 14,1; Откровение 21,1–3,10).

**Прочитајте го текстот Исаија 14,12-15. Какви далекосежни последици донела гордeливоста на Луцифер, додека сè уште бил на небото, на целата вселена и на нашата планета?**

---

Во Библијата градот Вавилон претставува сила која директно му се спротивставува на Бога и на Неговото царство, а вавилонскиот цар (со посебна алузија на Навуходоносор) станува симбол на гордeливост и арогантност. Бог му открил на царот Навуходоносор дека Вавилон е само златна глава на големата статуа која претставувала повеќе последователни царства (Даниел 2,37.38). Спротивставувајќи му се на Божјото откровение, царот направил статуа од злато – за симболички да покаже дека неговото царство ќе владее засекогаш – па дури побарал сите да му се поклонат (Даниел 3). И така, како тирскиот цар (Езекиел 28,12-19), и вавилонскиот цар станал симбол за Луцифер.

Текстот Исаија 14,3-11 го опишува падот на надмениот и суров вавилонски цар. Потоа, во текстот Исаија 14,12-15, наративот од историското царство се преместува во небесните дворови, нагласувајќи дека сличниот надмен и арогантен дух довел до првобитниот пад на Луцифер. Текстот објаснува дека Луцифер планирал да го издигне својот престол над целата небесна војска и да се изедначи „со Севишниот“ (Исаија 14,14). Тоа бил зачеток на една нова, непријателска ситуација, во која Божјата алтруистичка љубов и склоност кон соработка се соочиле со себичноста и натпреварувачкиот дух на Луцифер. Непријателот не се двоумел да го обвини Бога за тоа што го прави самиот и да шири лаги меѓу другите ангели. Ова биле таинствените почетоци на злото во вселената.

**Зошто толку лесно човек може да стане возгордеан и фалбаџија во врска со својата позиција и достигнувања? Како држењето на погледот приковано за крстот ни помага да не паднеме во таквата стапица?**

## ШИРЕЊЕ НЕВЕРСТВО

**Прочитајте Откровение 12 глава. Што нè учи оваа глава за ширењето на бунтот на небото и на земјата?**

______________________________________________________________________

Падот на Луцифер не претставувал само судир на спротивставени идеи. Текстот Откровение 12 глава ни кажува дека избувнала голема војна на небото меѓу Луцифер и неговите ангели од една страна и Христа и Неговите ангели од друга страна. Во тој текст, Луцифер е наречен „големиот змев“, „старата змија“, „ѓавол и сатана“, „клеветник на нашите браќа“ (Откровение 12,9.10). Христос се нарекува „Михаил“ (Откровение 12,7), што значи „кој е како Бог“.

Врз основа на укажувањето за „архангел Михаил“ (Јуда 1,9), некои толкувачи сметаат дека Тој е само ангелско суштество. Меѓутоа, во Книгата на пророкот Даниел, секоја голема визија кулминира со Христа и Неговото вечно царство – како камен фрлен без рака (Даниел 2,34.45), како Син Човечки (Даниел 7,13), како Заповедник на војската, Кнез над кнезовите (Даниел 8,11.25) и како Михаил, големиот Кнез (Даниел 12,1). Значи, ако Ангелот Господов е всушност Господ лично (2. Мојсеева 3,1.6; Дела 7,30-33 итн.), тогаш Михаил мора да биде истата божествена Личност, односно лично Христос.

Откровение 12 глава ни дава општ преглед на тековниот конфликт, кој (1) започнал на небото со бунтот на Луцифер и една третина од небесните ангели, (2) кулминирал со Христовата решавачка победа на крстот и (3) продолжува со Божјиот народ на остатокот на крајот на времето.

Размислувајќи за почетокот на тој судир, Елена Вајт објаснува дека во неговата голема милост, „Бог во својата голема милост долго го трпел Луцифера. Не го отстранил веднаш од неговата висока положба кога почнал да предизвикува дух на незадоволство, па дури ни тогаш кога почнал да ги шири своите бунтовни барања меѓу ангелите. Долго му било дозволено да остане на небото. Често му било нудено проштавање под услов да се покае и да биде покорен“ (*Големата борба,* стр. 495, 496 ориг.).

Не знаеме колку долго траела војната на небото. Без оглед на нејзиниот интензитет и временско траење, најважниот аспект на оваа борба е фактот дека сатаната и неговите ангели се поразени и „за нив веќе не се најде место на небото“ (Откровение 12,8; видете и Лука 10,18). Проблемот, се разбира, е што тие потоа дошле овде на земјата.

**На кои сè начини можеме да ја согледаме реалноста на оваа битка што се одвива на земјата? Која е нашата единствена надеж дека ќе го победиме нашиот непријател во таа борба?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните поглавја: „Зошто било дозволено да се појави грев?“, стр. 33-43 ориг., во книгата Патријарси и пророци и Потеклото на злото, стр. 492-504 ориг., во книгата *Големата борба* од Елена Вајт.

„Нема надеж за спасение за оние (сатаната и неговите ангели) кои биле сведоци на неописливата слава на небото и уживале во неа, кои ја виделе страшната Божја величественост и кои, во присуство на сета таа слава, се побуниле против Него. Нема нов, повеличествен приказ на возвишената Божја сила што би можел да остави толку длабок впечаток врз нив како оној што веќе го доживеале. Кога би можеле да се побунат во самото присуство на неопислива слава, нема поповолна положба во која би можеле да бидат искушувани. Нема резервна сила, ниту поголеми подеми и падови на бесконечната слава што би можеле да ги надминат нивните завидни сомнежи и бунтовни негодувања. Нивната вина и нивната казна мора да бидат сразмерни со возвишените предности што ги имале во небесните дворови“ (Елена Вајт, *Confrontation,* стр. 21).

„Уште од почеток Бог-Отецот и Христос знаеле за отпадот на сатаната и за падот на човекот предизвикан со дејствувањето на измамната сила на отпадникот. Бог не е причина за постоењето на гревот, но Тој однапред го видел неговото постоење, обезбедувајќи средство со кое ќе ѝ се противстави на оваа страшна можност. Неговата љубов кон светот била толку голема, што Тој се заветувал дека ќе го даде својот единороден Син 'за ниеден кој верува во него да не загине, туку да има живот вечен' (Јован 3,16)“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 22 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте во класата за прашањето дали, во крајна линија, Бог е одговорен за појавата и постоењето на злото во нашиот свет. Како да најдеме одговор за ова обвинение?**

**2. Како крстот се вклопува во нашето разбирање на целиот овој проблем на злото? Зошто крстот и она што се случило на него може да биде од клучна важност за секое разбирање на потеклото на злото?**

**3. По неколку милениуми грев и страдања во овој свет, сатаната треба да биде целосно свесен за трагичните последици од неговиот бунт. Зошто тогаш тој го продолжува својот бунт против Бога?**

**4. Во Матеј 5,43-48, Христос зборува за Божјата безусловна љубов кон сите луѓе како образец за сите наши заемни односи. Како би можеле подобро да го одразуваме во вашето семејство и црква?**

**5. Апостол Петар нѐ опоменува дека „ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта“ (1. Петрово 5,8). Прочитајте исто така во Ефесјаните 6,10-20. Како може да се спротивставиме „против ѓаволските лукавства“ (Ефесјаните 6,11)?**

**Лекција 2**
**Од 1 до 7 октомври 2022**

# СМРТ ВО ГРЕШНИОТ СВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 2,16.17; 1. Мојсеева 3,1-7; Псалм 115,17; Јован 5,28, 29; Римјаните 5,12; 2. Коринќаните 5,21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот – смртта, по таков начин и смртта премина на сите луѓе преку еден човек, зашто сите зашто сите згрешија“ (Римјаните 5,12).**

Христос бил божествен Посредник преку кого Бог го донел во постоење нашиот свет и целата вселена (Јован 1,1-10; Колошаните 1,16; Евреите 1,2). Но, кога Бог Отецот му ја укажал таа посебна чест на Христа и објавил дека заедно ќе го создадат овој свет, „Луцифер почувствувал завист и љубомора кон Исуса Христа“ (Елена Вајт, *The Story of Redemption*, стр. 14) и смислил заговор против Него.

Откако бил исфрлен од небото, сатаната решил да ја „уништи среќата на Адам и Ева“ на земјата и на тој начин „да предизвика тага на небото“. Мислел дека „ако може да ги наведе (Адама и Ева) во непослушност на кој било начин, Бог ќе донесе одлука да ги помилува, за да може потоа тој и сите паднати ангели на законски начин да ја делат Божјата милост со нив“ (Елена Вајт, *The Story of Redemption*, стр. 27). Сосема свесен за стратегијата на сатаната, Бог ги предупредил Адам и Ева да не се изложуваат на искушенија (1. Мојсеева 2,16.17). Тоа значи дека уште тогаш, додека овој свет бил совршен и беспрекорен, постоеле јасни граници кои луѓето биле повикани да ги почитуваат.

Оваа седмица, ќе размислиме за падот на Адам и Ева, за тоа како гревот и смртта го зафатиле нашиот свет и како Бог уште во Едем го посеал семето на надеж за човештвото.

## СПРОТИВСТАВЕНИ ТВРДЕЊА

Овој свет, кога бил создаден од Господа, бил совршен (1. Мојсеева 1,31). Смртта била непознато искуство за Адама и Ева. Во тој контекст, Бог дошол во едемската градина и ги предупредил: „Од секое дрво во градината можеш да јадеш, освен од дрвото за познавање на доброто и на злото; од него не јади; зашто во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш“ (1. Мојсеева 2,16.17).

**На кој начин текстот 1. Мојсеева 2,16.17 ја открива реалноста на слободната волја во совршениот Едем? Односно, зошто Бог морал да ги предупреди ако тие не можеле слободно да одлучуваат?**

---

Извесно време по даденото предупредување од Бога, сатаната зел лик на змија преку која влегол во Едем. Ева гледала како змијата со задоволство го јаде забранетото овошје и притоа не умира. „Таа јадела од забранетото дрво“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци* стр. 54 оригинал) и ништо не ѝ се случило.

**Прочитајте 1. Мојсеева 3,1-4. Ако се ставите на местото на Ева, зошто овие зборови би можеле да ви звучат убедливо?**

---

Од перспектива на човечката логика, аргументот на змијата звучел многу поубедливо од Божјите зборови. Како прво, никаде во светот на природата дотогаш немало докази за постоење на грев и смрт. Потоа, змијата навистина го изела забранетото овошје и тоа со големо задоволство. Тогаш зошто Ева би се притеснувала да го стори истото? Божјата заповед изгледала премногу ограничувачка и бесмислена.

За жал, при одлучувањето помеѓу овие две спротивставени тврдења, Ева занемарила три основни принципи: (1) човечкото расудување не е секогаш најсигурниот пат да се проценат духовните предмети; (2) Божјата реч можеби ни изгледа нелогично и бесмислено, но таа секогаш е точна и доверлива; и (3) може да постои нешто што само по себе не е ниту зло ниту погрешно, но Бог тоа го избрал како тест за нашата послушност.

Треба да бидеме свесни дека искуството на Ева во едемската градина не бил единствениот случај во времето. Секој ден и секој момент ние одлучуваме помеѓу Божјата реч (која за многумина можеби е непопуларна) и заводливите влијанија на културата околу нас. А тој наш избор ќе има вечни последици.

**На кој начин јасните учења на Библијата се судираат со принципите на овој свет?**

## ИЗМАМЕНИ ОД ЗМИЈАТА

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,1-7. Кои критериуми ги користела Ева кога избирала помеѓу Божјите и сатанските зборови?**

---

Текстот 1. Мојсеева е еден од најјасните примери за психологијата на искушението. Бог ги предупредил Адама и Ева дека, ако јадат од забранетиот плод, сигурно ќе умрат (1. Мојсеева 2,16.17). Меѓутоа, сатаната, земајќи облик на змија, употребил неколку реторички стратегии за да ја наведе Ева на грев.

Прво, тој ја генерализирал конкретната Божја забрана. Тој прашал: „Вистина ли е дека Бог рекол да не јадете од ниедно дрво во рајот?" (1. Мојсеева 3,1). Ева возвратила со противаргумент дека забраната се однесувала само на едно конкретно дрво, бидејќи ако некогаш го допрат или го изедат неговиот плод, ќе умрат.

Тогаш сатаната директно се спротивставил на Божјите зборови. Тој категорично изјавил: „Нема да умрете" (1. Мојсеева 3,4).

Најпосле сатаната го обвинил Бога дека намерно ги лишува Адама и Ева од суштинското знаење. Измамникот изјавил: „Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него (забранетото дрво), ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло" (1. Мојс. 3,5).

Љубопитноста на Ева ја довела на маѓепсан сатански терен. Таму била принудена да одлучи дали да остане верна на Божјата ограничувачка заповед или да ја прифати примамливата понуда на сатаната. Бидејќи се посомневала во Божјата реч, таа се потпирала на сопствените сетила – емпириски метод на лична перцепција – за да избере меѓу двете спротивставени изјави.

Прво, од прехранбена перспектива, таа забележала дека „родот на дрвото е добар за јадење". Второ, од естетска гледна точка, забележала „дека е убав на изглед". Трето, врз основа на логичка анализа, таа заклучила дека „дрвото е пожелно поради тоа што дава знаење". Така, во нејзиниот ум, таа несомнено имала добри причини да ги послуша зборовите на змијата и да го проба плодот од забранетото дрво. За жал, таа го сторила токму тоа.

Некои тврдат дека секое знаење е корисно сè додека се придржуваме до принципот: „Сè испитувајте, за доброто држете се!" (1. Солуњаните 5,21) Меѓутоа, трагичното искуство на Адама и Ева во едемската градина покажува дека знаењето само по себе може да биде многу штетно. Понекогаш е навистина подобро за нас нешто да не знаеме.

**Што нè учи овој извештај кога станува збор за тоа колку е лесно да ги рационализираме и оправдаме нашите грешни избори?**

## „НЕМА ДА УМРЕТЕ“

**Прочитајте го текстот од 1. Мојсеева 3,4. На колку различни начини оваа лага се повторувала низ вековите?**

---

Еден моќен израз на таа лага е општото верување во бесмртност на душата. Овој термин бил основа на многу древни религии и филозофии. Во древниот Египет, тоа го поттикнало обичајот на мумификација и погребна архитектура како што се гледа, на пример, во пирамидите.

Истата теорија станала еден од главните столбови на грчката филозофија. На пример, во книгата на Платон „Држава“, Сократ го прашува Глаукон: „Дали си свесен дека нашата душа е бесмртна и дека никогаш не пропаѓа?“ Во друго дело на Платон, Федон, Сократ продолжува со истиот тон, изјавувајќи: „Душата е бесмртна и непропадлива, и нашите души навистина ќе живеат во Адот. „Овие филозофски поставки обликувале голем дел од западната култура, па дури и постапостолското христијанство. Но, тие потекнуваат од многу порано, од едемската градина и водат директно од самиот сотона.

Во срцевината на едемското искушение е уверувањето на сатаната упатено кон Ева: „Нема да умрете“ (1. Мојсеева 3,4). Со ова нагласено тврдење, сатаната го ставил својот збор над Божјата реч.

**Спротивно на учењето за бесмртност на душата, на што нè учат следните стихови и како можеме да ги искористиме за да ја побиеме таа лага? (Псалм 115,17; Јован 5,28.29; Псалм 146,4; Матеј 10,28; 1. Коринќаните 15,51-58).**

---

Сатанската теорија за вродена бесмртност на душата опстојува дури и во нашиот современ свет. Книгите, филмовите и ТВ програмите продолжуваат да ја шират идејата дека ние, кога ќе умреме, едноставно преминуваме во друга состојба на свеста. Штета што оваа лага се објавува и од многу христијански проповедници. Дури и науката се вмешала. Постои организација во САД која се обидува да произведе технологија која, како што тврдат, ќе ни овозможи да контактираме со мртвите, за кои тие веруваат дека сè уште се живи, но постојат како ПМЛ (постматеријални личности). Со оглед на широкото ширење на оваа заблуда, не е ни чудо што оваа измама ќе игра клучна улога во завршните настани од човечката историја.

**На кој начин оваа лага се манифестира во вашата култура? Зошто мора повеќе да се потпираме на Божјата реч отколку на нашите сетила?**

## ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ГРЕВОТ

**Според 1. Мојсеева 3,7-19 и Римјаните 5,12, кои биле главните последици од гревот?**

---

Фасцинирана од убедливите зборови на змијата, Ева не ги насетила долгорочните последици на патот по кој тргнала. Чинот на јадење од забранетото овошје сам по себе не бил толку значаен колку тоа што го претставувал. Со таквиот чин на непослушност, Ева се откажала од својата верност на Бога и покажала нова приврзаност кон сатаната.

Текстот 1. Мојсеева 3 глава го опишува падот на Адам и Ева и некои од неговите најтрагични последици. Од теолошка перспектива, и двајцата биле обземени со теофобија (страв од Бога) и се скриле од Него (1. Мојс. 3,8). На психо-социјално ниво, тие се срамеле од себе и почнале меѓусебно да се обвинуваат (1. Мојс 3,7.9-13). Од физичка гледна точка, ги чекале пот, страдање и на крајот смрт (1. Мојс. 3,16-19). А од еколошка перспектива, светот на природата бил нарушен (1. Мојс. 3,17.18).

Едемската градина повеќе не била толку убаво и пријатно место како некогаш. „Кога во овенатото цвеќе и во отпаднатите лисја ги виделе првите знаци на распаѓање, Адам и неговата содружничка тагувале повеќе и поболно отколку што тагуваат луѓето денеска за своите покојници. Смртта на нежното и милно цвеќе навистина била повод тие да почувствуваат болка; но кога величествените стебла ги отфрлиле своите лисја, таа сцена на нивниот ум живо им го предочила суровиот факт дека смртта станала судбина на сè што е живо на овој свет“ (*Патријарси и пророци*, стр. 62 ориг.).

Адам и Ева не умреле веднаш, во смисла дека животот им завршил, туку смртната пресуда ја добиле истиот ден. Господ му рекол на Адам: „Со пот на лицето свое ќе јадеш леб, сè дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се вратиш!“ (1. Мојсеева 3,19). Падот во грев навистина донел трагични последици за целото човештво. Апостол Павле објаснува дека „како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот - смртта, по таков начин и смртта премина на сите луѓе преку еден човек, зашто сите згрешија“ (Римјаните 5,12).

Тажен и болен е фактот дека и ние денес, како и целото човештво низ сите векови, ги трпиме последиците од она што се случило во Едем. Затоа, колку треба да бидеме благодарни затоа што, благодарение на Исуса и крстот, имаме надеж во вечен живот во свет во кој гревот никогаш повеќе нема да се појави.

**Додека размислуваме за трагичното искуство на Ева, какви поуки можеме да научиме од последиците од нашите сопствени грешни постапки?**

## ПРВОТО ЕВАНГЕЛСКО ВЕТУВАЊЕ

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,15.21. Каква надеж за сите луѓе можеме да најдеме во овие стихови?**

---

Текстот 1. Мојсеева 3 глава ја опишува страшната трагедија што го снашла светот по падот. Сѐ се променило, а Адам и Ева можеле да го видат контрастот помеѓу светот каков што бил некогаш и каков станал по падот.

Но, среде нивната фрустрација и очај, Бог им дал охрабрување за сегашноста и надеж за иднината. Прво, тој ја проколнал змијата со зборови на месијанска надеж. Тој изјавил: „И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата“ (1. Мојсеева 3,15).

Зборот „непријателство“ (еврејски „eybah“) подразбира не само вековна космичка борба меѓу доброто и злото, туку и лична одбивност кон гревот, која, според Божјата благодат, е всадена во човечкиот ум. По природа, ние сме целосно паднати (Ефесјаните 2,1.5) и сме станале „робови на гревот“ (Римјаните 6,20). Но, благодатта што Христос ја всадува во секој човечки живот, создава во нас непријателство кон сатаната. И токму тоа „непријателство“, божествениот дар од Едем, ни овозможува да ја прифатиме Неговата спасоносна благодат. Без таа преобразувачка благодат и обновувачка сила, човештвото сѐ уште би било во ропство на сатаната – како слуга кој е секогаш подготвен да ги исполнува неговите барања.

Потоа Господ употребил животински жртви за да го илустрира ова месијанско ветување (видете 1. Мојсеева 3,21). „Кога Адам принел жртва за грев, според Божјите посебни упатства, тоа била најболната церемонија за него. Неговата рака морала да се крене за да го одземе животот што само Бог можел да го даде, и да принесе жртва за грев. Тогаш прв пат бил сведок на смртта. Додека ја гледал жртвата што крвави грчејќи се во смртната мака, тој требал да се радува со вера во Божјиот Син, кого таа жртва го претставувала, а кој требало да умре како жртва за човекот“ (Елена Вајт, *The Story of Redemption*, стр. 50).

**Прочитајте 2. Коринќаните 5,21 и Евреите 9,28. Што нѐ учат овие текстови за она што за прв пат било откриено во Едем?**

Знаејќи дека на крајот ќе умрат (1. Мојсеева 3,19.22-24), Адам и Ева ја напуштиле едемската градина. Но, тие не ја напуштиле голи, туку биле облечени во својата наметка од смоквини лисја (1. Мојсеева 3,7). Сам „Бог им направи на Адам и на неговата жена облеки од кожа, и ги облече во нив“ (1. Мојсеева 3,21), што е симбол за Неговата праведност која нѐ покрива (видете Захарија 3,1-5; Лука 15,22). Затоа, уште тогаш, на самиот почеток, во Едем, Евангелието им било објавено на луѓето.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгите на Елена Г. Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Искушение и пад“, стр. 52-62 (оригинал) и „План за откуп“, стр. 63-70 (оригинал) во книгата Патријарси и пророци; „Познавање на доброто и злото“, стр. 23-27 (оригинал) во книгата Воспитување.

Во последниве години било правено истражување за појавата позната како „искуство на блиска смрт“ (ИБС). Она што се случува е дека луѓето „умираат“, во смисла дека нивното срце престанува да чука и тие престануваат да дишат. Но, потоа тие се враќаат во живот, со фантастични приказни за тоа како лебделе на друго ниво на реалноста, каде сретнале некое светло суштество. Некои дури спомнуваат средби со одамна починати роднини. Многу луѓе, дури и христијани, кои не ја разбираат вистината за смртта, веруваат дека овие приказни се дополнителен доказ за бесмртноста на душата. Сепак (и ова треба да биде најјасно предупредување дека нешто не е во ред), повеќето од оние кои доживеале такви искуства тврдат дека духовните суштества што ги сретнале во таа прилика им упатувале утешни зборови и убави мисли за љубов, мир и добрина. Но, тие не слушнале ништо за спасението во Христа, за гревот и за судот. Ако навистина го почувствувале претвкусот на христијанскиот живот по смртта, зар не би требало во исто време да видат барем малку од најосновните христијански учења? Сепак, она што го учат звучи главно како Њу Еиџ догма, што објаснува зошто луѓето по такво искуство генерално стануваат помалку наклонети кон христијанството отколку пред „смртта“. Освен тоа, зошто ниеден од христијаните кои се убедени дека нивниот ИБС е предвкус на христијанското небо, никогаш не ја слушал христијанската теологија за време на тоа искуство, наместо присуството на голема доза сентиментализам од Њу Еиџ? Одговорот е дека тие биле измамени од истото суштество кое ја измамило Ева во Едем, и тоа со помош на истата лага. (Видете ја лекција 11).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како искуството на Адам и Ева ни покажува дека Божјето простување не ги укинува нужно и сите последици од гревот? Зошто ова е толку важна вистина што секогаш треба да ја имаме на ум?**
2. **Дрвото за познавање на доброто и злото било непријателски „маѓепсан терен“ за Адам и Ева. На каков „маѓепсан терен“ ние сме искушани да стапиме?**
3. **Сатаната се обидува да го наведе Божјиот народ да верува дека „Христовите барања се помалку строги отколку што се верувало порано, и дека со прилагодување на светот тие ќе имаат поголемо влијание врз световните луѓе“ (Елена Вајт, *Testimonies to Ministers and Gospel Workers,* стр. 474). Што треба да направиме за да не паднеме во оваа вешто поставена стапица?**

**Лекција 3**
**Од 8 до 14 октомври 2022**

# РАЗБИРАЊЕ НА ЧОВЕЧКАТА ПРИРОДА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1,24-27; 1. Мојсеева 2,7.19; Матеј 10,28; Проповедник 12,1-7; 1. Царевите 2,10; 1. Царевите 22,40.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа“ (1. Мојсеева 2,7).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Напнатоста меѓу зборовите на Божјата реч, „Ќе умреш“ (1. Мојсеева 2:16,17) и противречното ветување на сатана, „Нема да умрете“ (1. Мојсеева 3,3), не била ограничена само на Едемската градина. Таа одекнува низ целата историја.

Многумина се трудат да ги усогласат зборовите на сатаната со Божјите. Според нив, опомената „ќе умреш“ се однесува само на расипливото физичко тело, додека ветувањето „нема да умрете“ претставува алузија на бесмртна душа или бесмртен дух.

Но, тој пристап е неодржлив. На пример, можат ли да се помират противречните зборови на Бога и сатаната? Дали постои нематеријална душа или дух што ја преживува физичката смрт во свесна состојба? Постојат многу филозофски, па дури и научни обиди да се одговори на овие прашања. Меѓутоа, како христијани кои својата вера ја темелат на Библијата, мораме да бидеме свесни дека Семоќниот Бог, Оној што нè создал, исто така нè познава совршено (види Псалм 139). Затоа, само во Светото писмо, Неговото Слово упатено до нас, може да најдеме одговори на овие клучни прашања.

Оваа седмица ќе разгледаме како Стариот завет ја дефинира човечката природа и состојбата на мртвите.

## „ЖИВА ДУША“

**Прочитајте 1. Мојсеева 1,24-27 и 1. Мојсеева 2,7,.19. Какви сличности и разлики гледате во начинот на кој Бог ги создавал животните и луѓето? Што ни кажува текстот 1. Мојсеева 2.7 за човечката природа?**

---

Извештајот во 1. Мојсеева открива дека во шестиот ден од седмицата на создавањето, Господ Бог донел во постоење копнени животни и првата човечка двојка (1. Мојсеева 1,24-27). Таа вели дека Тој „ги создаде од земјата сите полски животни, и сите небески птици“ (1. Мојсеева 2,19). Тој, исто така, го создал „човекот од земен прав“ (1. Мојсеева 2,7).

Иако и животните и човекот потекнуваат „од земја“, создавањето на човекот се разликувало од создавањето на животните во два основни принципи. Прво, Бог физички го обликувал човекот, а потоа „му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа“ (1. Мојсеева 2,7). Тој бил физичко создание пред да стане живо суштество. Второ, Бог ги создал луѓето како машко и женско според Божјиот „образ и подобие“ (1. Мојсеева 1,26.27).

Стихот 1. Мојсеева 2,7 објаснува дека вдишувањето на „духот на животот“ во неговото физичко тело, го преобразило Адама во „жива душа“ (хебрејски: Nephesh chayyah). Ова значи дека никој од нас нема душа што може да постои надвор од телото. Всушност, секој од нас е живо суштество или жива душа. Тврдењето дека оваа „душа“ е свесен ентитет што може да постои одвоено од човечкото тело е паганска, небиблиска идеја. Разбирањето на вистинската природа на луѓето нѐ спречува да го прифатиме популарното верување за нематеријалната душа и сите оние опасни заблуди што се засноваат на неа.

Ниту еден дел од човечкото битие не може да постои во свесна состојба независно од личноста како целина. Бог нѐ создал на прекрасен и чудесен начин и не треба да мудруваме надвор од она што го кажува Библијата за ова прашање. Всушност, не само што природата на животот е тајна (научниците сѐ уште не можат да се сложат околу тоа што навистина значи дека нешто е живо), природата на свеста е уште потаинствена. Како може нешто помалку од еден и пол килограм материјално ткиво (клетки и хемиски соединенија) во нашата глава – мозокот – да содржи и да произведе нешто нематеријално како што се мислите и чувствата? Оние кои го проучуваат ова признаваат – ние навистина не го знаеме тоа.

**Какво чудо е животот! Зошто треба да уживаме во тој дар – не само во животот, туку и во вечниот живот, како уште поголемо чудо?**

## „КОЈА ДУША ГРЕШИ, ТАА ЌЕ УМРЕ“

**Прочитајте Езекиел 18,4.20 и Матеј 10,28. Како овие стихови ни помагаат да ја разбереме природата на човечката душа?**

---

Човечкиот живот на овој грешен свет е кревок и поминлив (Исаија 40,1-8). Ништо што е заразено со грев, не може по природа да биде вечно. „Затоа, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот – смртта, по таков начин и смртта премина на сите луѓе преку еден човек, зашто сите згрешија“ (Римјаните 5,12). Смртта е природна последица на гревот, која влијае на целокупниот живот во овој свет.

Во овој поглед, постојат две важни библиски сфаќања. Едното е дека умираат и луѓето и животните. Како што забележал царот Соломон: „зашто сѐ што се случува со синовите човечки, се случува и со животните;... Сѐ оди на едно место: сѐ произлегува од земјата, и сѐ ќе се врати во земјата“ (Проповедник 3,19.20).

Другото разбирање е дека физичката смрт на една личност подразбира престанок на нејзиното постоење како жива душа (хебрејски: nephesh). Во 1. Мојсеева 2,16.17, Бог ги предупредува Адама и Ева дека ќе умрат ако некогаш згрешат јадејќи од плодот на дрвото на познавање на доброто и злото.

Повторувајќи ја оваа опомена, Господ ја нагласува својата мисла во стиховите во Езекиел 18,4 и Езекиел 18,20: „Која душа греши, таа ќе умре“. Оваа изјава има две главни импликации. Едната е дека сите ние како грешници сме изложени на неизбежниот процес на стареење и умирање (Римјаните 3,9-18,23). Втората е дека библискиот концепт го негира популарното сфаќање за наводната природна бесмртност на душата. Ако душата е бесмртна и живее на друго ниво на реалноста по смртта, тогаш ние навистина не умираме, нели?

Спротивно на ова, библиското решение за проблемот со смртта не е бестелесна душа која се сели во рај, чистилиште, па дури и во пекол. Вистинското решение е конечното воскресение на оние кои умреле во Христа. Како што рекол Исус во својата проповед за Лебот на животот, „секој што ќе го види Синот и ќе поверува во Него да има вечен живот, а Јас ќе го воскреснам во последниот ден“ (Јован 6,40).

**Зошто сигурноста во Второто доаѓање, кое е потврдено со Христовото прво доаѓање (бидејќи, на крајот на краиштата, каква корист би имало првото Христово доаѓање без Второто?), има толку суштинско значење за сето она во што веруваме? Каква надеж би имале без ветувањето за Неговото враќање?**

## „А ДУХОТ ЌЕ СЕ ВРАТИ КАЈ БОГА“

**Прочитајте 1. Мојсеева 2,7 и Проповедник 12,1-7. Каква спротивност забележувате во овие два библиски текста? Како тие ни помагаат подобро да ја разбереме човечката состојба по смртта? Прочитајте исто така 1. Мојсеева 7,22.**

---

Како што веќе видовме, Библијата учи дека човечкото суштество е душа (1. Мојсеева 2,7) и како таква таа престанува да постои кога телото ќе умре (Езекиел 18,4.20).

Но, што е со „духот“? Зар тој не останува свесен по смртта на телото? Многу христијани веруваат во ова, па дури и се обидуваат да го оправдаат ова сфаќање со цитирање на Проповедник 12,7, кој гласи: „И ќе се врати правот во земјата, како што си бил; а духот ќе се врати кај Бога, Кој го дал.“ Меѓутоа тука не се тврди дека духот на мртвите останува свесен во присуство на Бога.

Текстот Проповедник 12,1-7, всушност, со многу драматични изрази го опишува процесот на стареење, кој се завршува со смрт. Седмиот стих зборува за смртта како процес спротивен на создавањето, опишан во 1. текстот Мојсеева 2,7. Како што веќе кажавме, на шестиот ден од седмицата на Создавањето, „Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа“ (1. Мојсеева 2,7). Но, сега текстот Проповедник 12,7 ни кажува дека правот „се врати... во земјата, како што си бил; а духот ќе се врати кај Бога, Кој го дал“. Според тоа, духот животен што Бог го дувнал во ноздрите на Адам, а кој исто така им го дава на сите луѓе, се враќа кај Бога или, со други зборови, едноставно престанува да струи низ нашите ноздри.

Треба да се има на ум дека Проповедник 12,7 го опишува процесот на умирање на сите луѓе, без да прави разлика меѓу праведникот и неправедниот. Ако наводните духовите на сите мртви преживуваат во свесна состојба во Божјо присуство, тогаш дали и духовите на злите се со Бога? Оваа идеја не е во согласност со целокупното учење на Светото писмо. Бидејќи истиот процес на умирање го доживуваат и луѓето и животните (Проповедник 3,19.20), смртта не е ништо друго туку престанок на постоењето на живите суштества. Како што рекол псалмистот: „Го одвратиш ли лицето Свое – се збунуваат, им го одземеш ли духот нивен – умираат и во земјата своја се враќаат“ (Псалм 104,29).

**Често велиме дека смртта е само дел од животот. Зошто ова е суштински погрешно тврдење? Смртта е спротивност на животот, и негов непријател. Тогаш која голема надеж ја наоѓаме во следниот стих: „А како последен непријател ќе биде уништена смртта“ (1. Кор. 15,26)?**

## „МРТВИТЕ НЕ ЗНААТ НИШТО“

**Прочитајте ги следните текстови: Книгата за Јов 3,11-13; Псалм 115,17; Псалм 146,4 и Проповедник 9,5.10. Што можеме да научиме од нив за состојбата на луѓето по смртта?**

Некои библиски коментатори тврдат дека овие текстови (Јов 3,11-13; Псалм 115,17; Псалм 146,4; Проповедник 9,5.10), напишани на поетски јазик, не можат да се користат за да се дефинира човечката состојба по смртта. Вистина е дека поезијата понекогаш знае да биде двосмислена, и дека лесно може да биде погрешно разбрана, но тоа не е случај кога станува збор за овие стихови. Нивниот јазик е јасен, а нивните концепти се во целосна хармонија со сите старозаветни учења на оваа тема.

Прво, во третата глава од Книгата на Јов, патријархот го проколнал сопственото раѓање поради сите страдања што го снашле. (Кој не посакал во најстрашните моменти воопшто да не се родил?) Да умрел при раѓање, размислува тој, би останал да спие и да мирува (Јов 3,11.13).

Псалм 115 го опишува местото каде што се чуваат мртвите како место на тишина, бидејќи мртвите не го фалат Господа (Псалм 115,17). Ова не звучи како мртвите, верните (и благодарни) мртви, да се на небото и дека го обожаваат Бога.

Според Псалм 146, менталните активности на поединецот престануваат со смртта: „Излегува духот негов и тој се враќа во земјата: во тој ден исчезнуваат сите негови планови.“ (Псалм 146,4). Тоа е совршен библиски опис за тоа што се случува при смртта.

А текстот Проповедник 9 глава додава дека „мртвите не знаат ништо“, и дека „во гробот, каде што ќе појдеш, нема ни работа, ни размислување, ни знаење, ни мудрост“ (Проповедник 9,5.10). Овие изјави го потврдуваат библиското учење дека мртвите се наоѓаат во несвесна состојба.

Сепак, ова библиско учење за несвесната состојба на мртвите не треба да предизвикува никаква паника кај христијаните. Како прво, никаков пекол што вечно гори, ниту привремено чистилиште не ги чека оние што умираат без спасение. Второ, прекрасна награда ги чека оние кои умираат во Христа. Не е ни чудо што „за верникот смртта не значи многу... За христијанинот смртта е само сон, миг на тишина и темнина. Животот е скриен со Христа во Бога, и 'кога ќе се појави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се појавите со Него во слава' (Јован 8,51, 52; Колошаните 3,4)“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 787 оригинал).

**Размислете за оние кои умираат во Христа. Тие ги затвораат очите при смртта и без разлика дали ќе поминат 1500 години или 5 месеци во гробот, ним им е сеедно. Следно нешто за што ќе станат свесни е Христовото доаѓање. Тогаш зошто, во извесна смисла, би можело да се каже дека на мртвите им е подобро отколку на нас, живите?**

## ПОЧИВАЊЕ СО ПРЕДЦИТЕ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 25,8; 2. Самоилова 7,12; 1. Царевите 2,10; 22,40. Како овие текстови придонесуваат кон вашето разбирање на смртта?**

---

---

Стариот завет на различни начини ги изразува идеите за смртта и погребувањето. Една од нив е придружување на своите предци. На пример, за Аврама се вели: „И откако издивна, умре Авраам во среќна старост... престар и сит од животот, и се прибра кај народот свој" (1. Мојс. 25,8). И за Арон и Мојсеј се вели дека се „прибрале" кај „народот свој" (5. Мојс. 32,50).

**Што можеме да научиме за природата на смртта од фактот дека и добрите и лошите цареви оделе на исто место? (2. Царевите 24,6; 2. Дневникот 32,33).**

---

Друг начин на кој била опишувана смртта е тврдењето дека некој почива со своите предци. Во врска со смртта на цар Давид, Библијата вели: „И потоа Давид почина кај татковците свои и беше погребан во Давидовиот град" (1. Царевите 2,10). Истиот израз се користи и за неколку други еврејски цареви, како за верните така и за неверните.

Можеме да забележиме најмалку три значајни аспекти за почивањето со предците. Едното е сознанието дека порано или подоцна ќе дојде време кога ќе треба да се одмориме од мачната работа и страдањата. Второ е разбирањето дека ние не сме први и единствени кои ќе тргнат по таа непријатна патека, бидејќи нашите предци веќе поминале таму пред нас. Третото е сознанието дека, со тоа што ќе бидеме погребани во нивна близина, нема да бидеме сами и ќе останеме заедно дури и при несвесната состојба на смртта. Можеби ова нема многу смисла во некои од денешните индивидуалистички култури, но многу значело во древно време.

Оние кои умираат во Христа можат да бидат погребани покрај своите најблиски, но и покрај тоа, меѓу нив нема комуникација. Тие ќе останат без свест до оној славен ден кога ќе се разбудат од длабокиот сон за повторно да им се придружат на своите мили и драги кои умреле во Христа.

**Замислете како би изгледало кога мртвите би биле свесни и би можеле да видат каков е животот овде долу, особено за нивните најмили, кои често ужасно страдаат по нивната смрт. Тогаш, зошто вистината дека мртвите спијат треба да биде толку утешна за живите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борба* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Првата голема измама“, стр. 531-550 оригинал.

Ако некогаш сте имале операција и сте биле подложени на општа анестезија, можеби имате бледа претстава за тоа како изгледа смртта. Но, дури и тогаш, додека сте под анестезија, вашиот мозок сè уште функционира. А замислете како им е на мртвите, кога целата мозочна активност целосно престанува. Според тоа, она што човекот ќе го доживее при смртта е затворање на очите, а потоа, според случајот на секој мртов човек што некогаш живеел, следното нешто за што ќе стане свесен ќе биде или второто доаѓање на Исуса Христа, или неговото враќање по Милениумот (видете Откровение 20,7-15). До тој момент сите мртви, праведни и зли, навидум, ќе почиваат само за миг. За нас, живите, се чини дека смртта трае долго. На живите им делува така, но за мртвите тоа е само момент.

„Кога би било вистина дека душите на сите луѓе во мигот на смртта веднаш заминуваат на небото, тогаш ние побргу би посакале смрт отколку живот. Мнозина, заведени со ова верување, му ставиле крај на својот живот. Кога ќе ги совладаат грижи, тешкотии и разочарувања, им се чини полесно да ја прекинат слабата нишка на животот и да се вивнат во мили ната на вечниот свет“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 539 ориг.).

„Никаде во Светото писмо не пишува дека праведниците ја примаат својата награда или грешниците казната во мигот на смртта. Патријарсите и пророците не оставиле вакво тврдење. Христос и неговите апостоли не го навестиле тоа. Библијата јасно учи дека мртвите не одат директно на небото, туку дека спијат до воскресението“ (Исто, стр. 549, 550).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како библиското сфаќање на човечкото суштество како целина – кое останува свесно само како неподелена личност – ни помага подобро да ја разбереме природата на смртта?**

**2. Теоријата за природна бесмртност на душата, со своите безбројни огранoци, го освоила целиот свет. Тогаш зошто нашето учење за состојбата на мртвите е толку значајно? Зошто, дури и меѓу христијаните, наидуваме на толку силно противење на ова прекрасно учење?**

**3. Како разбирањето на состојбата на мртвите треба да нè заштити од нешто што би можело да „се појави“ пред нашите очи? Односно, зошто не можеме секогаш да веруваме во она што го гледаме, особено ако го гледаме, или мислиме дека го гледаме, духот на некој мртов роднина, како што некои тврдат дека го виделе?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 4**
**15-21 октомври 2022**

# СТАРОЗАВЕТНА НАДЕЖ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Книгата за Јов 19,25-27; 1. Тимотеј 6,16; Псалм 49; 71; Исаија 26,14, 19; Даниел 12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Авраам со вера го принесе како жртва Исака, кога беше искушуван; и тој, што го доби ветувањето, го принесе својот единствен син... зашто тој сметаше дека е Бог силен и дека и мртви може да воскреснува и така да речам, го прими Исак воскреснат“ (Евреите 11,17.19).**

Старозаветната надеж не се заснова на грчките идеи за вродената бесмртност на душата, туку на библиското учење за конечното воскресение на мртвите.

Но, како би можело човечкото тело, кое повеќе не постои, кремирано до пепел или уништено на некој друг начин, да биде вратено во живот? Како може некој што починал стотици или илјадници години порано да го обнови својот идентитет?

Овие прашања нѐ наведуваат да размислуваме за тајната на животот. Ние сме живи и уживаме во животот што Бог милостиво ни го дарува секој ден. Иако сме далеку од тоа дека го разбираме натприродното потекло на животот, знаеме дека Бог на почетокот, со силата на својата Реч, го довел животот во постоење од нежива материја (1. Мојсеева 1; Псалм 33,6.9). Значи, ако Бог на почетокот можел да создаде живот на земјата од ништо (латински: ex nihilo), зошто би се сомневале во Неговата способност да го обнови човечкиот живот и неговиот првобитен идентитет?

Оваа седмица ќе размислуваме за тоа како се развивал концептот на конечното воскресение во старозаветно време, со посебен осврт на изјавите на Јов, на некои од псалмистите и пророците Исаија и Даниел.

# „ЌЕ ГО ВИДАМ БОГА“

**Прочитајте Јов 19,25-27 и споредете го со Јован 1,18 и 1. Тимотеј 6,16. Кога и под какви околности Јов очекувал „дека ќе го види Бога“?**

---

Животот не е фер. Ова особено се гледа во случаите кога „добрите“ страдаат, а „неправедните“ напредуваат (видете Псалм 73,12-17; Малахија 3,14-18). На пример, Јов бил „непорочен, праведен, богобојазлив и го одбегнуваше злото“ (Јов 1,1). И покрај тоа, Бог му дозволил на сатаната да го мачи на повеќе ужасни начини. На физички план, неговото тело било нападнато од тешка болест (Јов 2,1-8). Во материјална смисла, тој изгубил голем дел од својот добиток и имот (Јов 1,13-17). Во домаќинството, тој ги изгубил слугите, па дури и сопствените деца (Јов 1,16.18). А на емотивно ниво, тој бил опкружен со пријатели кои го обвинувале дека е непокајан грешник кој заслужува сè што го снашло (Јов 4,1-5,27; 8,1-22; 11,1-20 итн.) Дури и неговата сопруга му рекла: „Ти сè уште си цврст во непорочноста своја. Проколни го Бога  и умри!“ (Јов 2,9)

Јов не бил свесен дека се нашол во епицентарот на големата космичка борба меѓу Бога и сатаната. Силно погоден од овие удари, тој го проколнал денот на неговото раѓање и посакал воопшто да не се родил (Јов 3,1-26). Како и да е, неговата безусловна верност кон Бога се огледа во следните зборови: „Тој може да ме убие: немам друга надеж“ (Јов 13,15). И покрај тоа што мислел дека неговиот живот е при крај, тој останал на верувањето дека смртта нема да го има последниот збор. Со силно уверување изјавил дека дури и да умре, неговиот Откупител еден ден ќе стане и дека тој, Јов лично, повторно ќе го види Бога во своето тело (Јов 19,25-27). „Тоа е јасен увид во воскресението“ (The SDA Bible Commentary, кн. 3, стр. 549).

Колку голема надеж среде таква трагедија! Опкружен со болести и страдања, економска пропаст, социјална осуда и емоционален слом, Јов сè уште можел да го чека денот кога ќе воскресне од мртвите и ќе го види својот сакан Откупител. Всушност, тврдењето на Јов за воскресението било вдахновено од истото уверување што Марта го споделила со Исуса векови подоцна: „Знам дека ќе воскресне при воскресението, во последниот ден“ (Јован 11,24). Јов, како и Марта, морал да се држи за тоа ветување со вера, иако, за разлика од Јов, на Марта наскоро ќе ѝ биде даден моќен искуствен доказ во прилог на нејзиното верување.

**Како можеме да научиме да имаме доверба во Бога, дури и среде тешките неправди во животот?**

## ОД СИЛАТА НА ГРОБОТ

**Прочитајте го текстот Псалм 49. Што го навело псалмистот да биде толку сигурен во своето конечно воскресение (Псалм 49,15), за разлика од оние што умреле без таа сигурност (Псалм 49,6-14)?**

________________________________________

________________________________________

Псалм 49 зборува за лажната сигурност на безумните, „имате верба во силите свои и се фалите со големото богатство свое“ (Псалм 49,6), за кои се вели дека „земјите нивни ги носат имињата нивни“ (Псалм 49,11) и кои живеат само за да си угодат себеси (Псалм 49,18). Тие се однесуваат како нивните куќи и нивната сопствена слава да ќе траат засекогаш (Псалм 49,11.17).

Но, безумните забораваат дека нивната чест поминува и дека умираат исто како животните (Псалм 49,12). „Тие се како овци определени за во пеколот, смртта им е пастир, а в зори праведните ќе господарат над нив; силата нивна ќе се истроши, пеколот ќе им биде дом“ (Псалм 49,14).

Како што рекол Јов неколку векови порано: „Гол излегов од утробата на мајка ми, гол и ќе се вратам“ (Јов 1,21; 1. Тимотеј 6,7). Псалмистот истакнува дека и мудриот и безумниот умира, оставајќи им го „својот имот на другите“ (Псалм 49,10).

Сепак, меѓу нив постои целосна спротивност. Од една страна се безумните кои умираат, иако се обидуваат да најдат сигурност во нивните минливи имоти и достигнувања. Наспроти нив, мудрите гледаат подалеку од човечката сага и темницата на гробот, кон славната награда што Бог ја зачувал за нив (1. Петрово 1,4). Имајќи го тоа на ум, псалмистот можел сигурно и со доверба да каже: „Но Бог ќе ја спаси душата моја од раката на пеколот, милостиво ќе ме прими“ (Псалм 49,15).

Во согласност со старозаветната надеж, оваа изјава не укажува на тоа дека душата на псалмистот веднаш ќе летне на небото во моментот на неговата смрт. Тој едноставно вели дека нема вечно да остане во гроб. Ќе дојде време кога Бог ќе го избави од смртта и ќе го однесе на небото.

Така, уште еднаш е прикажана извесноста на идното воскресение, кое носи надеж, сигурност и смисла на сегашното постоење. Според тоа, мудриот ќе добие многу пославна и потрајна награда отколку што безумникот би можел да добие за себе во текот на овој краток живот.

**На кои начини можеме да ја согледаме лудоста на оние кои се потпираат на сопственото богатство и достигнувања? Како може гледањето во крстот да нè заштити од тоа да ја направиме истата грешка?**

## „ОД БЕЗДНАТА НА ЗЕМЈАТА“

**Прочитајте го текстот Псалм 71. На што мисли Давид кога вели дека Бог „ќе ме изведеш од земните длабочини“ (Псалм 71,20)?**

---

---

Во Псалм 49 наоѓаме трогателен израз на надежта во воскресението, наспроти лажната сигурност на безумниот кој се надева во своето богатство. Во Псалм 71, Давид ја бара сигурноста и надежта во Бога додека е опкружен со непријатели и лажни обвинувачи, тврдејќи дека Бог го напуштил (Псалм 71,10.11).

Среде неговите неволји, Давид наоѓа утеха и сигурност во сеќавањето на тоа како Бог се грижел за него во минатото. Прво, тој согледува дека Бог го поддржувал уште од раѓање, и дека го извадил дури и од утробата на мајка му (Псалм 71,6). Потоа, тој признава дека Бог го поучувал уште од неговата младост (Псалм 71,17).

Уверен дека Бог е неговата карпа и тврдина, Давид Му се моли: „Биди ми Карпа за мое прибежиште, изведи ме на место сигурно“ (Псалм 71,3). „Не отфрлај ме на старост, кога ќе почне силата моја да исчезнува, не напуштај ме“ (Псалм 71,9). „Боже мој, не оддалечувај се од мене; Боже мој, побрзај ми на помош“ (Псалм 71,12). А потоа Давид додава: „Колку големи и тешки маки ми прати, но Ти пак ќе ме оживееш, и пак ќе ме изведеш од земните длабочини“ (Псалм 71,20).

Изразот „од земните длабочини“ може да се сфати буквално како алузија на идното физичко воскресение на псалмистот. Меѓутоа, би се рекло дека контекстот повеќе укажува на метафоричен опис на состојбата на длабоката депресија на Давид, во која тој се чувствува како земјата да го проголтала (споредете со стиховите: Псалм 88,6 и Псалм 130,1). Според тоа, може да се каже дека „тоа е првенствено фигуративен говор, но се однесува и на физичкото воскресение“ (*Andrews Study Bible note on Ps. 71:20*).

На крајот, каква и да е ситуацијата, важно е да разбереме дека Бог е тука, дека Тој се грижи за нас и дека ние, впрочем, не се надеваме во овој, туку во животот што доаѓа – вечниот живот што го имаме во Исуса по воскресението, до кое ќе дојде при Неговото враќање.

**Сите ние понекогаш минуваме низ моменти на страшно обесхрабрување. Меѓутоа, како сосредоточувањето на присуството на Господа во минатото може да ни помогне да напредуваме во верата и довербата во моменти кога ни изгледа како Тој да е далеку од нас?**

## „ВАШИТЕ МРТВИ ЌЕ ОЖИВЕАТ“

**Прочитајте го текстот Исаија 26,14.19. Која е разликата меѓу оние кои ќе умрат засекогаш (Исаија 26,14; видете и Малахија 4,1) и оние кои ќе примат вечен живот (Исаија 26,19)?**

Книгата на пророкот Исаија го нагласува големиот контраст меѓу Божјата величественост и нашата човечка кревкост (видете Исаија 40). Додека ние сме како трева која се суши и цвет што венее, Божјата реч останува засекогаш (Исаија 40,6-8). Меѓутоа, и покрај нашата грешност, Божјата спасоносна благодат е достапна за сите луѓе и станува делотворна дури и меѓу незнабошците кои го прифаќаат Неговиот завет и ја држат саботата (Исаија 56).

Во Книгата на пророк Исаија, надежта во воскресението е значително проширена. Додека претходните библиски алузии за воскресението биле изложени повеќе од лична перспектива (Јов 19,25-27; Псалм 49,15; Псалм 71,20), пророкот Исаија за воскресението зборува како за нешто што го опфаќа и него и целата заветна заедница на верници (Исаија 26,19).

Во 26. глава Исаија ги споредува различните судбини на злите и на праведните. Од една страна, злите ќе останат мртви и никогаш нема да оживеат, особено по „втората смрт“ (Откровение 21,8). Тие ќе бидат целосно уништени и секој спомен за нив ќе биде изгубен засекогаш (Исаија 26,14). Овој стих нагласува дека нема души што живеат или духови кои остануваат живи по смртта. Зборувајќи за конечното уништување на злите, до кое доаѓа подоцна, Господ на друго место изјавува дека злите ќе бидат целосно изгорени и дека нема да остане од нив „ниту корен, ниту гранка“ (Малахија 4,1).

Од друга страна, праведните мртви ќе воскреснат од гробот за да ја примат својата блажена награда. Во 25. глава, пророкот нагласува дека Господ Бог „ќе ја уништи смртта засекогаш“ и „ќе ги избрише Господ Бог солзите од сите лица“ (Исаија 25,8). Во 26. глава, ги наоѓаме следните зборови: „Твоите мртовци ќе оживеат, мртвите тела ќе воскреснат!“ Разбудете се и ликувајте вие, соборените во прав; зашто Твојата роса е роса на светлина, и земјата ќе ги даде мртовците“ (Исаија 26,19). Сите воскреснати праведници ќе уживаат во радосната гозба што Господ ќе ја приготви за сите луѓе (Исаија 25,6). При конечното воскресение ќе се состанат праведните од сите векови, вклучувајќи ги и вашите најблиски кои веќе умреле во Христа.

**Замислете да немаме никаква надеж, ни сигурност ни причина да мислиме дека смртта не е ништо друго, освен конечен крај за нас. И тогаш, уште полошо, секој што некогаш нè познавал ќе си замине и наскоро ќе изгледа како да не сме ни постоеле, како нашиот живот да не значел ништо. Колку се разликува таквата судбина од надежта што ја имаме?**

## ОНИЕ КОИ СПИЈАТ ВО ЗЕМСКИОТ ПРАВ

Како што видовме, Новиот завет многу зборува за воскресението на мртвите, а според него, концептот на воскресение на мртвите се појавува и во Стариот завет. Овие луѓе, во старозаветно време, имале надеж во конечното воскресение. Марта, која живеела во времето на Исуса, веќе ја имала таа надеж (Јован 11,24). Несомнено е дека Евреите уште тогаш поседувале одредено знаење за воскресението до кое ќе дојде во последните денови, иако не сите верувале во тоа (видете Дела 23,8).

**Прочитајте го текстот Даниел 12 глава. Каква надеж во воскресението наоѓаме во списите на овој голем пророк?**

---

Во стихот Даниел 12,1 се споменува Михаел, „големиот кнез“, чиј идентитет нашироко се негира. Бидејќи секое големо видение во Книгата на пророк Даниел завршува со појавувањето на Христос и Неговото царство, истото би требало да важи и во случајот на овој конкретен стих. Во Книгата на пророк Даниел наоѓаме алузии за истото божествено Битие, опишано како „Водачот на таа војска“ (Даниел 8,11), „Кнез над кнезовите“ (Даниел 8,25), „Помазаникот Божји“ (Даниел 9,25), и на крајот како „Михаил, големиот кнез“ (Даниел 12,1). Затоа, и ние треба да го препознаеме Христа во личноста на Михаил.

Сите старозаветни текстови што ги разгледавме досега (Јов 19,25-27; Псалм 49,15; Псалм 71,20; Исаија 26,19) зборуваат за воскресението на праведните. Само Даниел 12 глава го спомнува воскресението на праведните и на неправедните. Кога Михаил ќе стане, „и многумина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат – едни за живот вечен, а други за вечен срам“ (Даниел 12,2).

Многумина веруваат дека овој стих укажува на посебното воскресение на одредени луѓе, верни и неверни, за време на Христовото враќање.

„Гробовите се отвораат 'и мнозина од оние што спијат во земниот прав се будат – едни за живот вечен, а други за укор и за вечен срам' (Даниел 12,2). Сите што умреле верувајќи во веста на третиот ангел, излегуваат прославени од своите гробови да го слушнат заветот на Божјиот мир заедно со оние што го држат него виот Закон. А оние 'што го прободоа' (Откровение 1,7), како и оние што му се подбивале на Христа во неговите претсмртни маки и го исмевале, и нај огорчените противници на неговата вистина и на неговиот народ, стануваат да го видат во неговата слава и да ги посматраат почестите што ќе им се дадат на верните и послушните“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 637 оригинал).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Пророци и цареви* од Елена Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Виденија за идната слава“, стр. 722-733 оригинал.

Модерната наука учи дека сета материја се состои од атоми, кои и самите се составени од два вида помали честички, кваркови и лептони, кои се сметаат за градежни блокови на целокупната физичка реалност. Според тоа, ако има кваркови и лептони во сржта на физичкиот свет, не може ли Бог, кој не само што го создал овој свет, туку и го одржува, едноставно да ги преуреди кварковите и лептоните кога ќе дојде време да нѐ воскресне? Исмејувајќи се со воскресението, атеистот Бертранд Расел прашал што се случува со оние кои ќе бидат изедени од канибали, бидејќи нивното тело потоа се вградува во телото на канибалите – и кој и што добива при воскресението? Но, да претпоставиме дека Бог едноставно зема кваркови и лептони, најситните градежни блокови на животот, од каде било, и потоа повторно нѐ составува од нив, врз основа на информациите што ги има за секој од нас? Нему не му требаат нашите кваркови и лептони, тој може да употреби каков било друг материјал. Или едноставно може да создаде нови кваркови и лептони со својот збор, и да започне со нив. Како и да го прави тоа, Бог кој ја создал вселената, може повторно да нѐ создаде, а тоа ветил дека ќе го направи за време на воскресението на мртвите.

„Животодавецот ќе се повика на својата купена сопственост при првото воскресение и до тој победоносен час, кога ќе се огласи последната труба и кога огромната војска ќе се подигне во вечната победа, секој заспан светец ќе биде чуван и штитен како скапоцен камен кој Бог по познава по име. Благодарение на силата на Спасителот, која престојувала во нив за време на нивниот живот, и бидејќи биле учесници во божествената природа, тие ќе бидат подигнати од мртвите“ (The SDA Bible Commentary, кн. 4, стр. 1143 година).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Се проценува дека постојат 2 трилиони (илјада милијарди) галаксии, од кои секоја се состои од милијарди и милијарди ѕвезди. А некои од овие ѕвезди имаат планети кои кружат околу нив, исто како што планетите од нашиот Сончев систем кружат околу сонцето. Сега, замислете ја неверојатната моќ на Бога, кој не само што ги создал сите тие ѕвезди, туку и ги одржува, и ја познава секоја по име (Псалм 147,4). Иако овој зачудувачки факт не докажува дека истиот Бог може и сака да воскреснува мртви, какo таа ни ја открива неверојатната сила што ја има, и несомнено покажува дека нешто како што е воскресението во никој случај не е надвор од Неговата моќ?**

**2. Текстот Евреите 11 ја нагласува верноста и очекувањата на многу таканаречени „херои на верата“ од древно време. Како може оваа глава да го збогати нашето разбирање за надежта што ја имале старозаветните личности, дури и пред Исусовото воскресение?**

**Лекција 5**
**22 - 28 октомври 2022**

# СЛУЧАИ НА ВОСКРЕСЕНИЕ ПРЕД КРСТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јуда 1,9; Лука 9,28-36; 1. Царевите 17,8-24; Лука 7,11-17; Марко 5,35-43; Јован 11,1-44.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Исус и рече: 'Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее. И секој што живее и верува во Мене, нема да умре довека. Го веруваш ли тоа?'" (Јован 11,25.26).**

Старозаветните текстови во врска со воскресението што ги разгледувавме досега, главно се засноваа на личните очекувања (Книгата за Јов 19,25-27; Евреите 11,17-19; Псалм 49,15; Псалм 71,20) и ветувања за иднината (Даниел 12,1.2.13). Меѓутоа, постојат и вдахновени извештаи за случаи кога луѓето навистина биле воскреснати од мртвите.

Првото воскресение било Мојсеевото (Јуда 1,9; Лука 9,28-36). За време на израелската монархија, биле воскреснати и синот на вдовицата од Сарепта (1. Царевите 17,8-24) и синот на Сунамката (2. Царевите 4,18-37). Христос, додека престојувал на оваа земја во тело, го воскреснал синот на вдовицата од Наин (Лука 7,11-17), ќерката на Јаир (Лука 8,40-56), а потоа и Лазар (Јован 11). Освен Мојсеј, сите овие луѓе биле воскреснати како смртници кои повторно ќе умрат во свое време. Тие случаи го потврдуваат и библиското учење за несвесната состојба на мртвите (Книгата за Јов 3,11-13; Псалм 115,17; 146,4; Проповедник 9,5-10). Во ниту еден од тие извештаи, ниту во кој било друг библиски наратив за воскресение, не се споменува наводно искуство во задгробниот живот.

Оваа седмица ќе размислуваме подетално за случаите на воскресение пред смрт и за воскресението на самиот Христос.

## ВОСКРЕСЕНИЕТО НА МОЈСЕЈ

**Прочитајте ги текстовите Јуда 1,9 и Лука 9,28-36. Каков доказ за физичкото воскресение на Мојсеј наоѓате во овие стихови?**

---

Според тврдењата на некои грчки црковни отци од Александрија, во времето на Мојсеевата смрт можеле да се видат двајца Мојсеи: едниот жив по дух, другиот мртов во тело; едниот Мојсеј се вознел на небото со ангелите, другиот бил погребан во земја. (Види: Ориген, *Омилии за Исус Навин* 2.1; Климент Александриски, *Строматa* 6.15.) Таа разлика меѓу воздигнувањето на душата и погребувањето на телото може да има смисла за оние кои веруваат во грчкиот концепт за бесмртна душа, но такво нешто не наоѓаме во Библијата. Текстот Јуда 1,9 го потврдува библиското учење, бидејќи таму се води расправа „за телото на Мојсеј“, а не за некоја наводно преживеана душа.

Текстот 5. Мојсеева 34,5-7 ни кажува дека Мојсеј умрел на возраст од 120 години, а Господ го погребал на скриено место, во една долина во Моав. Но Мојсеј не остана долго во гробот. „Сам Христос, со ангелите што го закопале Мојсеја, дошол од небото да го разбуди заспаниот пророк... Христос не се впуштал во расправа со сатаната... Меѓутоа, Христос сето тоа му го препуштил на својот Отец, велејќи: 'Господ нека ти заповеди да замолчиш' (Јуда 9)... Воскресението било обезбедено еднаш засекогаш. На сатаната му бил оттргнат неговиот плен, а на умрените праведници им е овозможено повторно да живеат“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 478, 479 оригинал).

Јасен доказ за воскресението на Мојсеј наоѓаме на Гората на преобразувањето. Таму се појавил Мојсеј заедно со пророкот Илија, кој се вознел на небото без да види смрт *(2*. Царевите 2,1-11). Мојсеј и Илија дури и разговарале со Исуса (види Лука 9,28-36). „И ете, двајца луѓе разговараа со Него; а тие беа Мојсеј и Илија. Па, кога се појавија во слава, тие зборуваа за Неговото заминување, кое требаше да заврши во Ерусалим“ (Лука 9,30.31). Појавувањето на Мојсеј, како доказ за претстојната Христова победа над гревот и смртта, тука е опишана со термини што не можат погрешно да се разберат. Таму пред Исуса се појавија Мојсеј и Илија, а не нивните „духови“ (впрочем, Илија не умрел).

**На Мојсеј не му било дозволено да влезе во земниот Ханаан (5. Мојсеева 34,1-4), но бил префрлен во небесниот Ханаан. Што ни кажува ова за Бога „Кој, според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно сè што ќе побараме или помислиме“ (Ефесјаните 3,20)?**

# ДВА СЛУЧАИ ОД СТАРИОТ ЗАВЕТ

**Прочитајте ги текстовите: 1. Царевите 17,8-24 и 2. Царевите 4,18-37. Какви сличности и разлики забележувате меѓу двете воскресенија?**

---

Во Евреите 11 глава, читаме дека со вера некои „жени примија свои умрени воскреснати“ (Евреите 11,35). Така било и со двете воскресенија што ќе ги изнесеме во денешното истражување.

Првото од нив (види 1. Царевите 17,8-24) се случило за време на големиот отпад во Израел, настанат под влијание на царот Ахав и неговата жена, паганката Језавела. Додека земјата ја пустоши голема суша, Бог му заповеда на Илија да оди во Сарепта, град надвор од Израел. Таму сретнал сиромашна феничанска вдовица, која се подготвувала да го зготви последниот скуден оброк за себе и за нејзиниот син, пред и двајцата да умрат од глад. Но, нивниот живот бил поштеден благодарение на чудото со брашното и маслото, кои не биле потрошени додека не завршила сушата. Некое време подоцна, нејзиниот син се разболел и умрел. Очајната мајката го молела Илија, кој извикал кон Господа. „И Господ го слушна гласот на Илија, му ја врати душата на момчето во него, и тоа оживе“ (1. Цар. 17,22).

Второто воскресение (видете 2. Царевите 4,18-37) се случило во Сунам, село јужно од планината Гелвуја. Елисеј ѝ помогнал на една сиромашна вдовица да ги отплати своите долгови со помош на чудо со масло кое наполнило многу садови (2. Царевите 4,1-7). Подоцна, во Сунам, запознал богата мажена жена која немала деца. Пророкот ѝ рекол дека ќе има син, и тоа се случило токму како што било проречено. Детето пораснало во здраво момче, но еден ден ненадејно му се слошило и починало. Сунамката отишла на планината Кармил и го повикала Елисеја да дојде со неа за да го види нејзиниот син. Елисеј истрајно му се молел на Господа и детето на крајот оживеало.

Овие жени имале различна општествена заднина, но иста спасоносна вера. Феникиската вдовица го угостила пророкот во исклучително тешко време, кога за него немало безбедно место во Израел. Сунамката и нејзиниот сопруг изградиле посебна просторија, во која пророкот Елисеј можел да остане додека минувал низ нивниот регион. Кога тие две деца умреле, нивните верни мајки се обратиле кон Божјите пророци и ја доживеале радоста да ги видат своите деца повторно живи.

**Тоа се величествени стории, но за секоја од тие две, колку ли други се нераскажани, во кои ништо толку чудесно не се случило? Како треба тој тажен факт да нè научи колку е суштински важно за нашата вера ветеното воскресение на крајот на времето?**

## СИНОТ НА ВДОВИЦА ОД НАИН

Библијата вели дека Исус „одеше вршејќи добри дела и исцелувајќи ги сите што ги беше нападнал ѓаволот, зашто Бог беше со Него“ (Дела апостолски 10,38). Навистина, сите Евангелија се полни со извештаи за тоа како Исус им служел на напатените и мачни души, што навело многу Евреи подоцна да веруваат дека Исус е ветениот Месија.

„Имало цели села во кои не се слушнал извик на болка од ниедна куќа, бидејќи Тој поминал низ нив и ги исцелил сите болни. Неговото дело било доказ за неговото божествено помазание. Во секое дело на неговиот живот се откривале љубов, милосрдие и сомилост; неговото срце било полно со нежно сочувство кон човечките синови. Тој зел човечка природа за да може да ги сфати потребите на човекот. Најсиромашните и најпонижените не се плашеле да му пристапат. Дури и малечките деца ја чувствувале неговата привлечност“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 11, 12 ориг.).

**Прочитајте го текстот Лука 7,11-17. Која важна разлика постои меѓу тоа воскресение и оние за кои размислувавме вчера?**

---

За време на својата служба во Галилеја, Исус лекувал болни и истерувал демони. Во една прилика, Тој и Неговите следбеници се приближувале до Наин, кога низ портите на градот поминала погребна поворка. Во отворениот ковчег бил единствениот син на вдовицата, која неутешно плачела. Полн со сочувство кон ужалената мајка, Исус ѝ рекол,

„Не плачи.“ А потоа се сврте кон нејзиниот мртов син во ковчегот и му заповедал: „Момче, тебе ти велам, стани!“ Синот се вратил во живот и Исус „го предаде на мајка му“ (Лука 7,13-15). Исусовото присуство го сменило целото сценарио, а многумина кои биле сведоци на чудото знаеле не само дека се случило нешто неверојатно, туку и дека некој посебен (тие го нарекувале „големиот пророк“) бил меѓу нив.

И двете вдовици, Феничанката (1. Цар. 17,8-24) и Сунамката (2. Цар. 4,18-37), побарале помош – од Илија, односно од Елисеја. Но, вдовицата од Наин добила помош без воопшто да ја бара. Ова значи дека Бог се грижи за нас дури и кога не сме во можност или се чувствуваме недостојни да побараме помош од Него. Исус го видел проблемот и се справил со него – а тоа било толку типично за Исуса во текот на Неговата служба.

**Вистинската религија вклучува и грижа за сираците и вдовиците околу нас (Јаков 1,27). Иако, очигледно, нема да можеме да правиме исти чуда како што правел Исус, сепак што можеме да направиме за да им помогнеме на оние што страдаат околу нас?**

# ЌЕРКАТА НА ЈАИР

Воскресение пред смрт и воскресенијата што ги правел самиот Исус не биле ограничени на некоја посебна етничка група или општествена класа. Мојсеј веројатно бил најголемиот водач на Божјиот народ на сите времиња (5. Мојсеева 34,10-12). Спротивно на тоа, сиромашната феникиска вдовица не била ниту од Израел (1. Царевите 17,9). Сунамката била почитувана во нејзината заедница (2. Царевите 4,8). Вдовицата од Наин имала само еден син, од кој веројатно зависела (Лука 7,12). За разлика од неа, Јаир бил управител на синагогата, веројатно во Капернаум (Марко 5,22). Без разлика на нивното различно културно потекло и социјален статус, сите тие биле благословени со Божјата животодавна моќ.

**Прочитајте го текстот Марко 5,21-24,35-43. Што можеме да научиме за смртта врз основа на Христовите зборови: „Девојчето не е умрено, туку спие“ (Марко 5,39)?**

Дванаесетгодишната ќерка на Јаир лежела смртно болна дома. Затоа отишол кај Исуса и Го молел да дојде со него во неговата куќа и да ги положи своите исцелителни раце врз неа. Но, пред да стигнат таму, некој веќе донел тажна вест,

„Ќерка ти умре; што Му создаваш уште труд на Учителот?“ (Марко 5,35). Тогаш Исус му рекол на ожалостениот татко: „Не плаши се, само верувај“ (Марко 5,36). И навистина, единственото нешто што можел да го направи таткото било целосно да се потпре на Божјата интервенција.

Пристигнувајќи во куќата, Исус им рекол на оние што се собирале таму: „Што сте се развикале и расплакале? Девојчето не е умрено, туку спие“ (Марко 5,39). И тие го исмевале, бидејќи (1) знаеле дека таа умрела, и (2) не го разбрале вистинското значење на Неговите зборови. „Утешната метафора со која ‘смртта’ се означува како ‘спиење’ очигледно била омилениот начин на кој Христос зборувал за тоа искуство (Матеј 9,24; Лука 8,52; видете Јован 11,11-15). Смртта е сон, но многу длабок сон од кој само големиот Животодавец може да го разбуди човекот, бидејќи само Тој ги поседува клучевите од гробот (види Откровение 1,18; спореди Јован 3,16; Рим. 6,23)“ (*The SDA Bible Commentary, кн. 5, стр. 609*).

По воскреснувањето на ова девојче, оние што ја виделе „сите се зачудија многу“ (Марко 5,42). Ова не треба да нѐ изненади бидејќи, засега, смртта е конечна, апсолутна и навидум неотповиклива. Гледањето такво нешто со свои очи сигурно било неверојатно искуство што го менува животот.

**Зборовите на Исус: „Не плаши се, само верувај“ (Марко 5,36), се значајни и за нас денес. Како можеме да научиме да го правиме токму тоа, дури и во страшни ситуации, кога е навистина најважно да продолжиме да веруваме?**

## ЛАЗАР

**Прочитајте го текстот Јован 11,1-44. Во која смисла Исус се „прославил“ со болеста и смртта на Лазар (Јован 11,4)?**

___

___

И овде Исус повторно ја употребил метафората за спиење, кога зборувал за смртта. „Лазар, пријателот наш, заспал; но ќе отидам да го разбудам“ (Јован 11,11). Бидејќи некои помислиле дека тој зборува за буквален сон (Јован 11,11-13), Исус разјаснил што сака да каже со тоа: „Лазар умре“ (Јован 11,12-14). Всушност, кога Исус пристигнал во Витанија, Лазар бил мртов веќе четири дена. Неговиот труп веќе се распаѓал (Јован 11,17.39). Кога телото почнува да се распаѓа до тој степен што се смирисува, тогаш нема сомнеж – личноста е мртва.

Во таа смисла, кога Исус ѝ рекол на Марта: „Твојот брат ќе воскресне“ (Јован 11,23), таа веднаш го потврдила своето верување во конечното воскресение. Но Исус тогаш изјавил: „Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее. И секој што живее и верува во Мене, нема да умре довека. Го веруваш ли тоа?“ (Јован 11,23-26). А потоа додал: „Не ли ти реков дека, ако веруваш, ќе ја видиш славата Божја“ (Јован 11,40). Марта поверувала и ја видела славата Божја во воскресението на нејзиниот брат.

Библијата вели дека животот е создаден со Божјата реч (1. Мојсеева 1,20-30; Псалм 33,6), за да може да се обнови со Неговата реч, како во случајот со Лазар. По кратка молитва, Исус наредил,

„Лазаре! Излези надвор!“ (Јован 11,43) И токму таму и тогаш, тие луѓе ја виделе Божјата животодавна сила, истата сила што со Речта го донел светот во постоење, и истата сила што на крајот на времето, при воскресението, ќе ги повика мртвите назад во живот.

Со воскреснувањето на Лазар, Исус докажал дека има моќ да ја победи смртта – а за суштествата како нас, кои неизбежно умираат, дали може да има пославен начин да се покаже Божјата слава?

**Прочитајте го текстот Јован 11,25-26. Во еден стих Исус вели дека верниците умираат, а во следниот дека верниците никогаш не умираат. Што нѐ учи Исус овде и зошто сфаќањето дека смртта претставува несвесен сон е толку клучно за да се разберат Христовите зборови? Зошто нам, како смртни созданија, Неговите зборови ни даваат толку многу надеж?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгите на Елена Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Смртта на Мојсеј“, стр. 469-480 ориг., *Патријарси и пророци*; „Глас на строг укор“, стр. 129-142 ориг., „Пророк на мирот“, стр. 237-243 ориг., *Пророци и цареви*; „Римскиот капетан“, стр. 318, 319 ориг.; „Допир со вера“, стр. 342, 343 ориг.; „Лазаре, излези надвор!“, стр. 524-536 ориг., *Копнежот на вековите.*

„Во Христа е исконскиот, непозајмен, нестекнат живот. ‘Кој го има Синот, има живот’ (1. Јованово 5,12). Христовото божество е цврсто ветување за верникот за вечен живот. ‘Кој верува во мене’, рекол Исус, ‘ако и умре, ќе живее. Секој што живее и верува во мене, нема да умре засекогаш. Веруваш ли ти во ова?’ Христос овде однапред гледа во времето на своето второ доаѓање. Тогаш умрените праведници ќе станат во нераспадливост, а живите праведници ќе се земат на небото без да вкусат смрт. Чудото што ќе го стори Христос за неколку мига со воскресението на Лазара од мртвите, ќе го претставува воскресението на сите умрени праведници. Со својата реч и со своите дела Тој се прогласил себеси за зачетник на воскресението. Тој, кој и самиот набргу ќе умре на крст, стоел со клучевите на смртта како победник над гробот покажувајќи го своето право и својата сила да даде вечен живот“ (*Копнежот на вековите,* стр. 530 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Многу луѓе умреле за време на пророчката служба на Илија и Елисеј, како и за време на земната служба на самиот Христос, а само мал број од нив воскреснале (видете Лука 4,24-27). Размислете и за тоа каква разлика ќе има во искуството на умрените, без оглед дали тие биле воскреснати во минатото или за време на Второто доаѓање, земајќи ја предвид состојбата на човекот по смртта?**
2. **Многу писатели низ вековите пишувале за залудноста на животот, кој секогаш завршува со смрт. Заедно со другите живи суштества – кокошките, дабрите, остригите итн. – сите умираме. Меѓутоа, таквата судбина, во одредена смисла, е уште потешка за нас луѓето отколку за животните, бидејќи знаеме дека ќе умреме (видете Проповедник 9,5). Кокошките, дабрите и остригите не го знаат ова. Тогаш, зошто ветувањето за воскресението има толку клучна важност за нас?**
3. **Ако сметате дека душата е бесмртна и дека мртвите, особено оние кои биле праведни, живеат на небото по смртта, каква потреба има од воскресение на крајот на времето?**
4. **Ако некој ви се јави и ве праша: „Дали е Сели тука?“ – би можеле да одговорите: „Да, но таа спие.“ Меѓутоа, во случај да умре, а некој ве праша: „Дали е Сели тука?“ – вие сигурно не би одговориле: „Да, таа е тука, но мртва е“. Зошто не можеме да кажеме така? Што нѐ учи ова за природата на смртта?**

**Лекција 6**
**Од 29 октомври до 4 ноември 2022**

# ТОЈ УМРЕ ЗА НАС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 13,8; Матеј 17,22.23; Марко 9,30-32; Јован 19,1-30; Римјаните 6,23; 1. Коринќаните 1,18-24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да се издигне и Синот Човечки, та секој што верува во Него да не загине, но да има живот вечен“ (Јован 3,14.15).**

Се вели дека не можеме да ја избегнеме само смртта и даноците.

Тоа не е сосема точно. Луѓето можат да ги избегнат даноците, но не и смртта. Можеби ќе можат да ја одложат смртта за неколку години, но порано или подоцна, таа секогаш доаѓа. И бидејќи знаеме дека сите мртви, и праведни и неправедни, прво завршуваат на истото место, нашата надеж во воскресението е сè што имаме. Како што рекол Павле, без таа надеж, „оние, кои умреле во Христа, загинале“ (1. Коринќаните 15,18), што би било прилично чудно да се каже ако „оние кои умреле во Христа“ лебдат на небото во Божјата присутност.

Затоа, Христовото воскресение е од клучно значење за нашата вера, бидејќи во Неговото воскресение имаме гаранција за нашето. Но, пред да воскресне од мртвите, Христос, се разбира, морал да умре. Затоа Тој, среде својата агонија во Гетсиманија, во исчекување на неговата смрт, се молел: „Душата сега Ми се нажали, и што да кажам? Оче, избави Ме од овој час! Но, заради тоа и дојдов за овој час“ (Јован 12,27). Според тоа, Тој дошол за да умре.

Оваа седмица ќе се фокусираме на Христовата смрт и на нејзиното значење за ветувањето за вечен живот.

# ОД ПОЧЕТОКОТ НА СВЕТОТ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 13,8; Дела 2,23 и 1. Петрово 1,19.20. Зошто Христос може да се смета за „погубен од основањето на светот“?**

___

___

„И ќе му се поклонат сите земни жители, чии имиња не се запишани во книгата на животот на Јагнето заклано, од создавањето на светот“ (Откровение 13,8). Она што е од клучно значење за нас овде е идејата дека Христос, Јагнето, е „заклано, од создавањето на светот“. Очигледно, ова мора да го разбереме во симболична смисла (книгата Откровение е полна со симболи), бидејќи Христос бил распнат неколку илјади години по создавањето на земјата. Она што го кажува овој текст е дека планот на спасението е воспоставен пред создавањето на светот. И во центарот на тој план е смртта на Исуса, Јагнето Божјо, на крстот.

**Прочитајте го текстот Тит 1,2. Според тој текст, пред колку време бил направен планот на спасението, чие средиште е Христовата смрт?**

___

___

„Планот за нашето спасение не бил дополнителна мисла, план создаден по Адамовото паѓање.... Тој е откровение на начелата што биле темел на Божјиот престол уште од вечноста“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 22 оригинал).

Тој план првично им бил откриен на Адам и Ева во Едем (1. Мојсеева 3,15.21), а типолошки е прикажан со секоја крвна жртва во Стариот завет. На пример, кога ја ставил на тест Аврамовата вера, Бог обезбедил овен да биде жртвуван наместо Исак (1. Мојсеева 22,11-13). Таа замена уште појасно типолошки ја прикажала заменичката природа на Христовата искупителна жртва на крстот.

Според тоа, централното место во целокупниот план на спасение го зазема Исусовата заменичка смрт, која со векови била симболизирана со жртви на животни, од кои секоја претставувала тип на Исуса, кој умрел на крстот како „Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе“ (Јован 1,29).

**Жртвите на животните се ужасни и крвави – тоа е точно. Но поентата е токму во таа грозоморност и крвавост, која нè учи за Христовата смрт наместо нас и за тоа колку страшна била цената на гревот.**

## НАЈАВУВАЊЕ НА КРСТОТ

**Какви биле реакциите на учениците на Исусовото претскажување на сопственото страдање и смрт, и што треба да нѐ учат нивните реакции за опасностите од погрешното разбирање на Светото писмо?**

**Матеј 16,21-23** ________________________________________

________________________________________________________

**Матеј 17,22.23; Марко 9,30-32; Лука 9,44.45** ________________

________________________________________________________

**Лука 18,31-34**_________________________________________

________________________________________________________

Исус бил роден за да умре и живеел за да умре. Секој чекор што го преземал Го приближувал до Неговата голема откупителска жртва на крстот на Голгота. Целосно свесен за својата мисија, Тој не дозволил никому или ништо да го одвлече вниманието од неа. Всушност, „целиот негов живот бил само увертира во Неговата смрт на крстот“ (Елена Г. Вајт, *Fundamentals of Christian Education,* стр. 382).

Во последната година од својата земна служба, Исус сѐ поотворено им зборувал на учениците за својата претстојна смрт. Но, тие изгледа биле неспособни и неволни да ја прифатат реалноста на Неговите тврдења. Бидејќи биле задоени од лажните претстави за улогата на Месија, последното нешто што го очекувале било дека Тој, Исус, особено како Месија, ќе умре. Накратко, нивната погрешна теологија им донела непотребна болка и страдање.

Исус веќе му објавил на Никодим: „И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да се издигне и Синот Човечки, та секој што верува во Него да не загине, но да има живот вечен“ (Јован 3,14.15). Додека биле во Цезареја Филипова, Исус им рекол на учениците „дека Тој треба да отиде во Ерусалим и да пострада многу од старешините, првосвештениците и книжниците и да биде убиен, и на третиот ден да воскресне“ (Матеј 16,21). Додека поминувале сами низ Галилеја (Марко 9,30-32) и за време на нивното последно патување во Ерусалим (Лука 18,31-34), Исус повторно им зборувал на своите ученици за неговата смрт и воскресение. Но, бидејќи тоа не сакале да го слушнат, тие едноставно не Го слушале. Колку лесно можеме да ја направиме истата грешка.

**Народот, особено Божјиот избран народ, имал лажни претстави за првото доаѓање на Месија. Кои лажни претстави постојат денес во врска со второто Христово доаѓање?**

## „СЕ СВРШИ!“

**Прочитајте го текстот Јован 19,1-30. Која клучна порака за нас се наоѓа во зборовите на Исус: „Се сврши“?**

Конечно пристигнал решавачкиот момент за Христа, човештвото и целата вселена. Во длабока агонија, Тој се борел против силите на темнината. Полека го преминувал патот од Гетсиманската градина, преку нечесното судење, до ридот Голгота. Злите ангели се обидувале да Го совладаат. Додека Исус висел на крстот, првосвештениците, книжниците и старешините му се потсмевале велејќи: „Други спасуваше, а Сам Себе не може да се спаси! Ако е Тој Цар Јудејски, нека слезе од крстот, па ќе поверуваме во Него“ (Матеј 27,42).

Дали Христос можел да слезе од крстот и да се спаси себеси? Да, можел, но не сакал. Неговата безусловна љубов кон целокупното човештво, вклучувајќи ги и оние кои Му се потсмевале, не му дозволила да се откаже. Всушност, „тие потсмевачи биле меѓу оние за чие спасение Тој умирал, и не можел да слезе од крстот и да се спаси, зашто бил прикован, не со клинци, туку со Неговата волја да ги спаси“ (Alfred Plummer, *An Exegetical Commentary on the Gospel According to S. Matthew;* London: Elliot Stock, 1910, p. 397).

Христос тука, со своето страдање, го победувал сатанското царство, иако токму сатаната бил тој што ги придвижил настаните што довеле до крстот, вклучувајќи го и предавството на Јуда (Јован 6,70; Јован 13,2, 27). „На некој начин, кој евангелистот не се обидува да го опише, Исусовата смрт била дело и на сатаната, но и чин со кој Исус извојувал победа над сатаната“ (George E. Ladd, *A Theology of the New Testament,* rev. ed. Cambridge, UK; Lutterworth Press, 1994, p. 192).

Со својот восклик од крстот: „Се заврши!“ (Јован 19,30), Христос го објавил не само крајот на Неговата агонија, туку и она што е особено важно, тоа што ја добил големата космичко-историска битка против Сатаната и неговите зли сили... „Цело небо ја прославувало победата на Спасителот. Сатаната бил победен и знаел дека неговото царство пропаднало“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 758 оригинал).

Тешко е да се согледа тој неверојатен контраст – во своето крајно понижување, Синот Божји, заради нас и заради целата вселена, ја извојувал најголемата и најславна победа.

**Размислете колку лош мора да е гревот, кога Христовата смрт била неопходна за негово искупување. Што треба да нè научи таа вистина за тоа колку бескорисни се нашите дела за да стекнеме каква било заслуга пред Бога? На крајот на краиштата, што би можеле ние да додадеме на она што Христос веќе го направил за нас? Изнесете го вашиот одговор во саботношколската класа.**

# ТОЈ УМРЕЛ ЗА НАС

**Прочитајте ги текстовите Јован 3,14-18 и Римјаните 6,23. Според тие стихови, што значела за нас Христовата смрт?**

---

Кога Исус дошол на реката Јордан за да се крсти, Јован Крстител извикал: „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!“ (Јован 1,29) Таа изјава го прогласила Христа за антитипско Божјо Јагне на кое укажувале сите старозаветни жртви.

Меѓутоа, самите животински жртви не можеле да ги отстранат гревовите (Евреите 10,4). Тие обезбедиле само условно простување, кое зависело од делотворноста на Христовата идна жртва на крстот. „Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда“ (1. Јованово 1,9).

**Прочитајте го текстот Јован 3,16-17. Која голема надеж можеме да најдеме во тие стихови, особено кога со право чувствуваме дека заслужуваме осуда за нешто што сме го направиле?**

---

Размислете што значи сето тоа. Исус, едно со Оној кој ја создал вселената (Јован 1,1-3), се принел себеси за секој од нас како жртва за гревовите, и сето тоа за да не мораме да бидеме осудени за она за кое со право би можеле да бидеме осудени. Тоа е големото ветување на евангелието.

Исус Христос изјавил дека „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син“ да умре за нас (Јован 3,16). Но, никогаш не треба да заборавиме дека Христос доброволно се принел себеси во наша полза (Евреите 9,14). Мартин Лутер го нарекол крстот како „олтар на кој Тој (Христос), проникнат со огнот на безграничната љубов што горела во Неговото срце, му ја принел на Отецот живата и света жртва на Неговото тело и крв, со жестоко посредување, со гласно пекање и врели, мачни солзи (Евреите 5,7)“ (*Luther's Works*, vol. 13, St. Louis, MO: Concordia Publishing House, 1956, p. 319). Христос умрел еднаш за сите (Евреите 10,10) и еднаш засекогаш (Евреите 10,12), бидејќи Неговата жртва е сеопфатна и никогаш не ја губи својата моќ.

И тоа не е сè: „Дури само една душа да го прифатела Евангелието на Неговата благодат, Христос би избрал живот на макотрпна работа, понижување и срамна смрт само за спасение на таа една душа“ (Елена Г. Вајт, *Во потрага по подобар живот,* стр. 135 оригинал).

**Повторно прочитајте го текстот Јован 3,16, заменувајќи ги зборовите „свет“ и „никој“ со вашето име. На кои сè начини можеме, од миг во миг, да учиме да го усвојуваме тоа ветување за нас сами, особено кога сме во искушение да грешиме?**

# ЗНАЧЕЊЕТО НА КРСТОТ

**Прочитајте 1. Коринќаните 1,18-24. Што кажува Павле за крстот, и како го споредува со мудроста на „овој свет“? Зошто поракатa за крстот е толку важна, дури и денес, кога „материјализмот“ (идејата дека целата реалност има само материјална природа, што значи не постои Бог или некој натприроден домен) доминира со мудроста на овој свет?**

Христос е самото средиште на историјата на спасението. „Дури ни во сета вечност нема да можеме да ја сфатиме длабочината на љубовта откриена на крстот на Голгота, каде што бескрајната Христова љубов и неограничената себичност на сатаната се соочиле лице в лице“ (Stephen N. Haskell, *The Cross and Its Shadow;* South Lancaster, MA: Bible Training School, 1914).

Додека Христос понизно се принесувал себеси како откуп за човечкиот род, сатаната себично Му нанесувал најтешки страдања и маки. Христос не умрел само од природната смрт со која секој човек мора да се соочи. Тој умрел со втората смрт, така што ниту еден од оние што Го прифаќаат нема да мора да ја искусат.

Што се однесува до значењето на Крстот, постојат неколку важни аспекти кои треба да ги земеме предвид. Прво, Крстот е конечното откровение на Божјата правда во справувањето со гревот (Римјаните 3,21-26). Второ, Крстот е врвно откровение на Божјата љубов кон грешниците (Римјаните. 5,8). Трето, крстот е голем извор на сила за раскинување на синџирите на гревот (Римј. 6,22.23; 1. Коринќаните 1,17-24). Четврто, Крстот е нашата единствена надеж за вечен живот (Филипјаните 3,9-11; Јован 3,14-16; 1. Јованово 5,11-12). И петто, Крстот е единствениот противотров за каков било иден бунт во вселената (Откровение 7,13-17; 22,3).

Ниту една од тие клучни вистини за крстот не може да се открие со „мудроста на овој свет“. Напротив, и тогаш, како и сега, проповедањето на крстот било „лудост“ според световната мудрост, која често не ја признава ниту најочигледната можна вистина – дека Создателот постои (види Римјаните 1,18-20).

Грчкиот збор за „лудост“ е поврзан со нашиот збор „морон“. Што значи, проповедањето на крстот е нешто „моронско“ според „мудроста на овој свет“. Световната мудрост не е во состојба да го спознае Исуса ниту спасението што Тој ни го нуди преку Неговата заменичка смрт на крстот.

**Каква било вредност што би можела да ни ја понуди некоја „световна мудрост“, зошто никогаш не треба да дозволиме таа да влијае на она што го веруваме за Исуса, ниту на надежта што ни се нуди преку „безумието на проповедта“ (1. Коринќаните 1,21)?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во делата на Елена Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Гетсиманија“, стр. 685-697 ориг., и „Голгота“, стр. 741-758 ориг., во книгата *Копнежот на вековите* и „Покајание“, стр. 27, во книгата *Патот кон Христа*.

„Видов дека целото небо е заинтересирано за нашето спасение. Па зошто тогаш да бидеме рамнодушни? Дали е во ред да бидеме невнимателни, како да не ни е грижа дали сме спасени или изгубени? Дали ќе ја занемариме жртвата што е принесена за нас? Некои го прават токму тоа. Тие си играат со понудената благодат, а Божјото незадоволство почива врз нив. Но, Божјиот Дух нема да се жалости засекогаш. Брзо ќе се повлече ако оваа состојба малку подолго потрае. Ако луѓето со својот живот покажат дека не ја ценат милоста што ја понудил Исус, дури и откако е направено сето она што Бог можел да го направи за да ги спаси, смртта ќе биде нивниот дел и тие скапо ќе платат за тоа. Тоа ќе биде страшна смрт, бидејќи ќе мора да ја почувствуваат агонијата што Христос ја претрпел на крстот за да ја платат цената на откупувањето што тие го одбиле. И тогаш ќе сфатат што изгубиле - вечен живот и бесмртно наследство. Големата жртва што е принесена за спасение на душите ни ја покажува нивната вредност. И кога таква драгоцена душа еднаш ќе се изгуби, таа е изгубена засекогаш“ (Е. Г. Вајт, *Сведоштва за црквата, кн. 1, стр. 124).*

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Текстот Евреите 10,4 гласи: „Бидејќи не е можно телешката и јарешката крв да ги однесе гревовите.“ Како тогаш се спасувале луѓето во старозаветно време? Како може аналогијата со кредитната картичка – со која плаќаме веднаш, а на сметката ни стигнува подоцна – да ни помогне подобро да го разбереме ова прашање?**

**2. Прочитајте го текстот 2. Коринќаните 5,18-21. Ако Христос умрел за гревовите на целиот свет, зошто нема сите да бидат спасени? Зошто личниот избор игра толку клучна улога во одредувањето кој ќе биде спасен благодарение на крстот, а кој ќе биде изгубен и покрај големата жртва принесена во наша полза?**

**3. Што учи „световната мудрост“ и што е „лудост“ пред Бога? Што е со идејата дека сите неверојатни творби и сета убавина на овој свет настанале сосема случајно? Или дека вселената е создадена апсолутно од ништо? На кои други примери можете да се сетите?**

**4. Навратете се на последното прашање од проучувањето предвидено за вторник. Што е тоа во врска со крстот и она што се случило на него, а ја прави идејата за спасение со дела толку јалова, толку погрешна и толку спротивна на планот на спасение?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 7**
**Од 5 до 11 ноември 2022**

# ХРИСТОВАТА ПОБЕДА НАД СМРТТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 27,62-66; Јован 10,17.18; Матеј 27,51-53; Јован 20,11-29; 1. Коринќаните 15,5-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Штом Го видов, паднав пред Неговите нозе како мртов. Тој ја стави Својата десна рака врз мене и ми рече: 'Не плаши се! Јас сум Првиот и Последниот и Живиот. Бев мртов, и ете, жив сум за сите векови и ги имам клучевите од адот и смртта'" (Откровение 1,17.18).**

Во средиштето на христијанската вера е Исусовото воскресение. Павле го нагласил тоа многу силно кога напишал: „Зашто, ако мртвите не воскреснуваат, и Христос не воскреснал; ако, пак, Христос не воскреснал, напразна е верата ваша; вие сте уште во своите гревови; тогаш и оние, што умреле за Христос, пропаднале" (1. Коринќаните 15,16-18). Следната седмица ќе го разгледаме тоа подетално.

Затоа, без разлика колку Павле ја нагласувал Христовата смрт и колку и да е важна – „Бидејќи бев решил да не знам меѓу вас ништо друго освен за Исус Христос, и тоа - Распнатиот" (1. Коринќаните 2,2) – таа навистина не би ни била од никаква корист да не било Неговото воскресение. До тој степен Исусовото воскресение е клучно за целокупната христијанска вера и планот на спасение.

Меѓутоа, би било тешко да се разбере зошто Христовото воскресение, а со тоа и нашето, е толку важно ако, како што многумина веруваат, мртвите во Христа веќе уживаат во блаженствата на небото, бидејќи „заминале дома за да бидат со Господа".

Сево ова настрана, оваа седмица ќе го разгледаме Христовото воскресение и сите убедливи докази што ни се дадени за да веруваме во тоа.

## ЗАПЕЧАТЕНИОТ ГРОБ

Христовата мисија се чинело дека е завршена (и тоа неуспешно) со Неговата смрт на крстот. Сатаната успеал да го охрабри Јуда да го предаде Спасителот (Лука 22,3.4; Јован 13,26.27), а првосвештениците и старешините да бараат Негова смрт (Матеј 26,59; Матеј 27,20). Откако Исус бил уапсен, „сите ученици Го оставија и се разбегаа.“ (Матеј 26,56), а Петар трипати се откажал од Него (Матеј 26,69-75). Сега Исус лежел во гроб издлабен во карпа, затворен со голем камен и запечатен, чуван од римската стража (Матеј 27,57-66), додека невидливите демонски сили демнеле над него. „Да можел, тој (сатаната) би го држел Христа затворен во гробот“ (Елена Г. Вајт, *Manuscript Releases,* кн. 12, стр. 412).

За време на својата земна служба, Христос ја прорекол не само неговата смрт на крстот, туку и неговото воскресение. Користејќи го источниот, инклузивен начин на изразување – според кој дел од денот се смета како цел ден – Исус спомнал дека „како што Јона беше во утробата на китот три дни и три ноќи, така и Синот Човечки ќе биде во срцето на земјата три дни и три ноќи“ (Матеј 12,39.40). Во друга прилика, Исус нагласил дека ќе биде убиен, но дека повторно ќе стане третиот ден (Матеј 16,21; Матеј 17,22.23; Матеј 20,17-19). Првосвештениците и фарисеите биле свесни за овие изјави и презеле одредени мерки, надевајќи се дека ќе го спречат Неговото воскресение.

**Прочитајте го текстот Матеј 27,62-66. Како сите тие постапки подоцна му дале на светот уште повеќе докази за Исусовото воскресение?**

---

Сите овие мерки на претпазливост што биле преземени за да го задржат Исуса заклучен во гробот и да го спречат Неговото воскресение, само ја направиле Неговата победа над смртта и над војските на злото уште позабележителна.

Тие луѓе сигурно слушале за чудата на Исус, а виделе и некои од нив. А сепак мислеле дека стражата околу гробот може да го спречи Него, Кој направил толку чуда, повторно да стане!

Освен тоа, поставиле стража околу гробницата, во случај да се случи – што? Учениците да го украдат Неговото тело, а потоа да кажат дека Исус воскреснал од мртвите? И кога би ги прашале: Каде е воскреснатиот Исус? – тие едноставно можеле да кажат: Само верувајте ни на зборот.

**Ако ништо друго, постапките на првосвештениците јасно покажале колку тие се плашеле од Исуса, дури и по Неговата смрт. Можеби, длабоко во себе, тие се плашеле дека Тој сепак може да воскресне.**

## „СТАНА КАКО ШТО РЕЧЕ!“

Христовата победа над сатаната и над неговите сили на злото била осигурана на крстот и потврдена со празниот гроб. „Кога Исус е положен в гроб, сатаната ликувал. Се осмелил да се надева дека Спасителот нема повеќе да го земе својот живот. Тврдел дека полага право на Господовото тело и поставил своја стража околу гробот, сакајќи да го задржи Христа како заробеник. Бил мошне лут кога неговите ангели побегнале пред небесниот весник. Кога го видел Христа како излегува како победник, знаел дека неговото царство ќе заврши и дека на крај и самиот ќе мора да умре“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 782 оригинал). Иако Христовата човечка природа умрела, Неговата божествена природа не умрела. Во Својата божествена природа, Тој имал моќ да ги раскине оковите на смртта.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 28,1-6; Јован 10,17,18 и Римјаните 8,11. Кој бил директно вклучен во Исусовото воскресение?**

За време на неговата служба во Самарија, Исус изјавил дека има моќ да го положи својот живот и повторно да го земе (Јован 10,17,18). На Марта ѝ рекол: „Јас сум воскресението и животот“ (Јован 11,25). Други текстови зборуваат за Неговото воскресение како Божји чин (Дела 2,24; Римјаните 8,11; Галатјаните 1,1; Евреите 13,20). Во тој славен настан бил вклучен дури и еден моќен ангел Господов (Матеј 28,1.2).

Во меѓувреме, текстот на Матеј 28,11-15 ги открива напразните и неразумни напори на водачите да ја продолжат борбата против Исуса. Римските стражари им раскажале на водачите „за сето она што беше станало“ (Матеј 28,11). Она што премолчено се подразбира во овој извештај е фактот дека стражарите го набљудувале воскресението. Бидејќи, во спротивно, што би значеле нивните зборови? Ангел слегол од небото, го поместил каменот, седнал на него, а тие се онесвестиле? Следно што знаеле е дека гробницата е празна? Можеби, додека Римјаните биле без свест, некој ангел го однел Исусовото тело? Можеби тоа го направиле учениците? Или некој друг го украл? Што и да се случило, Христовото тело очигледно го снемало.

Тоа што ангел слегол од небото, што луѓето се онесвестиле од страв и гробот бил празен, би било доволно да ги вознемири верските водачи. Но, податокот што тие „им дадоа многу пари на војниците“ (Матеј 28,12) за да ги замолчат, потврдува дека она што им го кажале тие длабоко ги загрижило. А она за што зборувале војниците било, се разбира, Исусовото воскресение.

**Некои се потсмеваат на идејата дека првите луѓе што го виделе воскреснатиот Христос биле, всушност, Римјани. Зошто? Во која смисла овој факт станал симбол на она што требало да дојде – дека Евангелието ќе им биде објавено и на незнабошците?**

## МНОГУМИНА СТАНАЛЕ СО НЕГО

**„И наеднаш се расцепи завесата на храмот на две - од горе до долу; и земјата се затресе; и карпи паднаа и гробови се отворија; и многу тела на упокоени светии воскреснаа; па кога излегоа од гробовите, по воскреснувањето Негово, влегоа во светиот град и им се јавија на мнозина“ (Матеј 27,51-53). Што нè учи овој неверојатен извештај за Исусовото воскресение и што е постигнато преку него?**

---

Земјотрес ја означил Исусовата смрт (Матеј 27,50.51), а подоцна друг земјотрес го означил Неговото воскресение (Матеј 28,2). Во моментот кога Исус умрел, „и земјата се затресе; и карпи паднаа. и гробови се отворија; и многу тела на упокоени светии воскреснаа; па кога излегоа од гробовите, по воскреснувањето Негово, влегоа во светиот град и им се јавија на мнозина“ (Матеј 27,51-53). Тие свети воскреснале прославени, како сведоци на Христовото воскресение и прототип на оние кои ќе воскреснат на крајот на времето. Така, веднаш по Исусовото воскресение, на многу Евреи им бил даден силен доказ за тоа, за да поверуваат во Него и да го прифатат како свој Спасител, а многумина така направиле, вклучително и многу свештеници (Види Дела 6.7.)

„За време на својата служба Исус дигал мртви во живот. Тој го воскреснал синот на вдовицата од Наин, ќерката на поглаварот и Лазара. Но тие не биле облечени во бесмртност. Иако воскреснале, сè уште биле подложни на смртта. Но оние што излегле од гробот при Христовото воскресение, станале во вечен живот. Тие се вознеле со него како знак на неговата победа над смртта и гробот... Овие отишле во градот и им се покажале на мнозина објавувајќи: Христос воскресна од мртвите и ние воскреснавме со него. Така е овековечена светата вистина за воскресението“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 786 оригинал).

Човечки гледано, првосвештениците и старешините уживале големи предности. Тие поседувале верска власт над народот, а биле во состојба да ги убедат дури и римските власти и толпата да им помогнат да ги постигнат плановите што ги поставиле. Меѓутоа, тие заборавиле дека „Севишниот владее над човечките царства и дека ги дава кому сака Тој“ (Даниел 4,32). Нивните лаги биле побиени и поништени со појавата на тие воскреснати свети.

**Без разлика во колку лоша ситуација се наоѓаме во моментов, зошто и понатаму можеме да веруваме во Божјата конечна победа во наша полза, иако сè уште се мачиме на овој паднат свет?**

# ОНИЕ КОИ СВЕДОЧАТ ЗА ВОСКРЕСНАТИОТ ХРИСТОС

**Прочитајте: Јован 20,11-29 и 1. Коринќаните 15,5-8. Како реагирале учениците кога за првпат се сретнале со воскреснатиот Христос?**

---

Двајцата ангели крај празната гробница ѝ кажале на Марија Магдалена и на некои други жени дека Исус воскреснал (Матеј 28,1,5-7; Марко 16,1-7; Лука 24,1-11). Но, набргу Исус лично се појавил пред нив и луѓето Му се поклониле (Матеј 28,1.9.10; Јован 20,14-18). Тој се појавил пред Петар (Лука 24,34; 1. Коринќаните 15,5) и пред двајцата ученици на патот за Емаус, чиишто срца едноставно гореле додека Тој им зборувал (Марко 16,12; Лука 24,13-35). Кога Исус влегол во горната соба, учениците најпрвин биле преплашени, а потоа биле преплавени од радост и воодушевување поради сè што се случило (Лука 24,33-49; Јован 20,19-23). Една седмица подоцна Исус повторно влегол во истата просторија без да ја отвори вратата, а тогаш дури и Тома поверувал во Неговото воскресение (Јован 20,24-29).

Во текот на четириесетте дена помеѓу Неговото воскресение и вознесение, Исус се појавил „еднаш на повеќе од петстотини браќа“ (1. Коринќаните 15,6), како и на Јаков и на други ученици (1. Коринќаните 15,7). Исус им се придружил на некои ученици на брегот на Галилејското Море и појадувал со нив, по што следел Неговиот разговор со Петар (Јован 21,1-23). Можно е Исус да се појавил и во други пригоди (Дела 1,3), пред Неговата конечна средба со учениците на денот на Неговото вознесение (Лука 24,50-53; Дела 1,1-11). Павле се сметал себеси за очевидец на воскреснатиот Христос, кој му се јавил на патот за Дамаск (1. Коринќаните 15,8; споредете со Дела 9,1-9).

Кога на Тома, кој бил отсутен, другите ученици му рекле дека го виделе воскреснатиот Господ, тој одговорил: „Додека не ги видам раните од клинците на рацете Негови, и не го ставам прстот свој во раните од клинците, и не ја ставам раката своја во ребрата Негови, нема да поверувам“ (Јован 20,25). Кога повторно им се јавил на учениците една седмица подоцна, Исус му рекол на Тома, кој бил присутен во таа прилика: „Дај го прстот свој овде и види ги рацете Мои; дај ја раката своја и стави ја во ребрата Мои; и не биди неверлив, туку поверувај“ (Јован 20,27). Тогаш Тома рекол: „Господ мој и Бог мој!“ А Исус додал: „Поверува затоа што Ме виде; блажени се оние кои не виделе, а поверувале“ (Јован 20,29).

**„Блажени се оние кои не виделе, а поверувале.“ Иако вие лично не сте го виделе воскреснатиот Христос, кои причини сепак ги имате за вашата вера во Него?**

## ПРВИОТ ПЛОД НА ОНИЕ ШТО УМРЕЛЕ

**Прочитајте го стихот 1. Коринќаните 15,20 во светлината на текстот 5. Мојсеева 26,1-11. Во која смисла Павле вели за Христа дека тој е „првина (во оригиналот: прв плод) за умрените“?**

---

Принесувањето на „првиот плод“ бил древен израелски земјоделски обичај со длабоко религиозно значење. Тоа било свето признание на Бога како милостив Домаќин, кој на своите управители им ја доверил земјата со земјоделски култури подготвени за жетва (види ги следните текстови: 2. Мојсеева 23,19; 2. Мојсеева 34,26; 3. Мојсеева 2,11-16; 5. Мојсеева 26,1-11). Првите плодови не само што го означувале почетокот на жетвата туку го откривале и нејзиниот квалитет.

Според Вејн Грудем, „нарекувајќи го Христа ‘прв плод’ (грчки: *aparhē*), Павле користи метафора од земјоделието за да сугерира дека и ние ќе бидеме како Христос. Како што ‘првите плодови’ или првото пробување на собраните зрна покажуваат каков ќе биде остатокот од жетвата, така и Христос, како ‘прв плод’ покажува какво ќе биде нашето воскреснато тело кога Бог, во неговата последна ‘жетва’, ќе нè воскресне од мртвите и ќе нè доведе во неговото присуство“ (Wayne Grudem, *Systematic Theology*, Grand Rapids, MI: Zondervan, 1994, p. 615).

Вреди да се потсетиме дека Исус излегол од гробот со прославено човечко тело, но сепак ги носел трагите од неговото распнување (Јован 20,20.27). Дали тоа значи дека и воскреснатите Божји чеда ќе ги носат физичките траги на сопствените страдања? Во случајот со апостол Павле, дали тој ќе продолжи да трпи „убод во телото“ (2. Кор. 12,7) и ќе ги носи „на своето тело белезите на Исус“ (Галат. 6,17) во своето прославено тело?

Сè до својата смрт, Павле „требало на себе секогаш да го носи телесниот белег на Христовата слава – на своите очи, кои биле заслепени од небесната светлина (види Дела апостолски 9,1-9)“ (Ellen G. White, *The Story of Redemption*, стр. 275). Но, тоа не значи дека тој, или кој било друг од прославените свети, ќе се вознесе на небото со траги од неговите сопствени страдања (споредете со 1. Коринќаните 15,50-54). Што се однесува до Христа, „Тој секогаш ќе ги носи знаците на тоа сурово мачење. Секоја трага од распнувањето ќе ја раскажува приказната за чудесното спасение на човекот и за високата цена по која е купено“ (Елена Вајт, *Рани списи,* стр. *179*). Неговите лузни ни гарантираат дека сите наши лузни ќе исчезнат засекогаш.

**Христос засекогаш ќе ги носи лузните од неговото распнување. Што открива тоа за Божјата љубов кон нас и за тоа колку го чинело за да нè спаси? Како тоа ни покажува, меѓу другото, колку Божеството било подготвено да вложи во нашето спасение?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот за вековите* од Елена Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Во Јосифовиот гроб“, стр. 769-778 ориг.; „Господ воскресна“, стр. 779-787 ориг.; „Зошто плачеш?“, стр. 788-794 ориг.; „На патот за Емаус, стр. 795-801 ориг.; „Мир со вас“, стр. 802-808 ориг..

Модерниот поглед на свет не признава такво нешто како што е Исусовото воскресение. Меѓутоа, историските докази се толку силни, што дури и оние кои не можат да ја прифатат реалноста на воскресението се принудени да признаат дека многу луѓе навистина верувале дека го виделе воскреснатиот Исус. Според тоа, голем дел од аргументите на оние кои го негираат воскресението, е всушност обид да се објасни она што можело да ги наведе сите овие различни луѓе да мислат дека го виделе воскреснатиот Христос.

Така, некои тврдат дека сите ученици имале халуцинации за воскреснатиот Исус. Други тврдат дека Исус не умрел вистински, туку само се онесвестил, а потоа оживеал откако бил симнат од крстот – и кога повторно се појавил, Неговите следбеници мислеле дека воскреснал од мртвите. А (верувале или не) некои дури тврдат дека Исус имал брат близнак кого учениците го помешале со воскреснатиот Христос. Со други зборови, историските докази во прилог на Христовото воскресение се толку силни што оние кои се обидуваат да го негираат се принудени да смислуваат вакви аргументи. Бидејќи самото воскресение е толку важно, не треба да нè чуди што ни се дадени толку многу добри причини да веруваме во него.

„Гласот кој извикнал на крстот: ‘Се сврши’, се чул меѓу мртвите. Тој продрел низ ѕидовите на гробниците и ги повикал умрените да станат. Така ќе биде кога од небото ќе се слушне Христовиот глас. Тој глас ќе продре во гробниците и ќе ги отвори могилите и мртвите во Христа ќе воскреснат. При воскресението на Спасителот се отвориле неколку гробови, но при неговото второ доаѓање сите драгоцени мртви ќе го чујат неговиот глас и ќе излезат во славен бесмртен живот. Истата сила што го подигнала Христа од мртвите ќе ја подигне и неговата Црква и ќе ја прослави со него, над сите господства, над сите сили, над секое име што се споменува, не само на овој свет, туку и во светот што ќе дојде“ (*Копнежот на вековите, стр. 787 ориг.).*

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. „Се сврши“ (Јован 19,30) и „стана“ (Матеј 28,6) се двете најзначајни изјави што кога и да е биле изговорени. Како тие заемно се надополнуваат во историјата на спасението? Која голема надеж се наоѓа за нас во тие зборови?**

**2. Во почетокот верските водачи сакале да имаат стражари на гробот за да ги спречат учениците да го украдат Исусовото тело. Подоцна им платиле на стражарите да кажат дека учениците го украле телото. Како тој извештај помага да се открие вистината за Христовиот празен гроб, и зошто празниот гроб е толку важен за нас христијаните?**

**Лекција 8**
**Од 12 до 18 ноември 2022**

# НОВОЗАВЕТНАТА НАДЕЖ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 15,12-19; Јован 14,1-3; Јован 6,26-51; 1. Солуњаните 4,13-18; 1. Коринќаните 15,51-55.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А сведоштвото е тоа дека Бог ни дарувал живот вечен; и тој живот е во Неговиот Син. Кој Го има Синот Божји, тој го има и тој живот; кој го нема Синот Божји, го нема тој живот“ (1. Јованово 5,11.12).**

Иако пишувале на грчки, сите новозаветни писатели (освен Лука) биле Евреи, и тие, се разбира, пристапувале на природата на луѓето од еврејска холистичка, а не од грчка паганска перспектива.

Затоа, за Христа и за апостолите, христијанската надеж не била нешто ново, туку нешто што се надоврзува на исконската надеж што ја негувале патријарсите и пророците. На пример, Христос спомнал дека Аврам го видел Неговиот ден и се израдувал поради него (Јован 8,56). Јуда изјавил дека Енох пророкувал за Второто доаѓање (Јуда 1,14,15). А, посланието до Евреите зборува за хероите на верата како оние кои очекувале небесна награда што нема да ја добијат додека ние не ја примиме нашата (Евреите 11,39, 40). Тоа тврдење би било бесмислено доколку нивните души веќе биле со Господа на небото.

Нагласувајќи дека само оние кои се во Христа имаат вечен живот (1. Јованово 5,11.12), Јован ја побива теоријата за природната бесмртност на душата. Навистина, нема вечен живот надвор од спасоносниот однос со Христа. Според тоа, новозаветната надеж е христоцентрична, и таа е единствената надеж дека ова смртно постоење еден ден може да стане бесмртно.

# НАДЕЖ КОЈА ГИ НАДМИНУВА ГРАНИЦИТЕ НА ОВОЈ ЖИВОТ

Старогрчкиот историчар Херодот (5 век пред Христа) пишувал за едно племе чиишто членови во моментот на раѓањето на детето започнуваат период на жалост, поради страдањата со кои ќе треба да се соочи ако доживее зрела доба. Колку и да ни изгледа чуден овој обичај, има одредена логика во него.

Илјадници години подоцна, во Америка се појавил оглас во кој пишувало: „Зошто да живееш кога можеш да бидеш погребан за 10 долари?“.

Свесни сме дека животот може да биде доста тежок, дури и ако веруваме во Бога и се надеваме на вечноста. И замислете колку мора да им е тешко на оние кои не се надеваат на ништо друго освен на краткото и често болно постоење на овој свет. Повеќе секуларни писатели ја коментирале бесмисленоста на човековото постоење, бидејќи не само што сите умираме, туку сите живееме со сознанието дека ќе умреме. И токму тоа сознание го прави целиот човечки живот, кој и онака често е тежок и мрачен, навидум бесмислен и ништовен. Еден мислител ги нарекол луѓето „парчиња расипливо месо на коски што се разделуваат“. Звучи прилично морничаво, а сепак, тешко е да се негира дека и во тоа има некоја логика.

Сепак, за разлика од сето ова, го имаме библиското ветување за вечен живот во Исуса. И токму тоа е клучот – ја имаме таа надеж во Исуса и во она што ни го нуди Неговата смрт и воскресение. Во спротивно, каква надеж би имале?

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,12-19. Што кажува Павле за тоа колку тесно е поврзано Христовото воскресение со надежта во нашето сопствено воскресение?**

Павле изрично вели дека нашето воскресение е нераскинливо поврзано со Христовото. Ако ние не воскреснеме од мртвите, тоа значи дека и Христос не воскреснал, а ако Христос не воскреснал – тогаш што? „Ако, пак, Христос не воскреснал, напразна е верата ваша; вие сте уште во своите гревови“ (1. Коринќаните 15,17). Со други зборови, по смртта би останале мртви, засекогаш, и тогаш сè би било бесмислено. А Павле, всушност, тврди нешто сосема спротивно од ставот изразен во 1. Коринќаните 15,32: „Каква е мојата полза? Ако мртвите не воскреснуваат – ‘Да јадеме и да пиеме, бидејќи утре ќе умреме!’“

Ако нашето сегашно постоење, во форма на протоплазма базирана на јаглерод, е сè што постои, и ако нашите „седумдесет години, а кај посилниот до осумдесет“ (ако имаме среќа, или малку подолго ако не пушиме и не јадеме премногу хамбургери) – ако е тоа сè што некогаш ќе добиеме, тогаш сме во прилично тешка положба. Не е ни чудо што Елена Вајт забележува: „Небото ни е повредно од сè, а ако го изгубиме Небото, сме изгубиле сè“ (*Синови и ќерки Божји,* стр. 349 оригинал).

**Размислете за тоа колку се драгоцени нашата вера и нашата надеж. Зошто мораме да направиме сè што е во наша моќ за да можеме, со Божја милост, да ги одржиме и да ги зачуваме?**

## „ПАК ЌЕ ДОЈДАМ!“

**Прочитајте Јован 14,1-3. Поминале речиси 2000 години откако Исус ветил дека ќе дојде повторно. Како можеме да им помогнеме на другите да сфатат дека, и покрај одолжување на времето (што не е толку важно), тоа ветување сè уште важи, дури и за нашата генерација, временски толку далеку од моментот кога Исус го изговорил?**

---

Во книгата Откровение, Исус четири пати изјавил:

„Ете, доаѓам скоро“ (Откровение 3,11; Откровение 22,7.12.20). Очекувањето на Неговото неизбежно доаѓање ја придвижило мисијата на апостолската црква и животот на безброј христијани низ вековите ги исполнувало со надеж. Меѓутоа, генерација по генерација умирала, а тој ветен настан сè уште не се случил. И затоа многумина се прашуваат: Уште колку ќе треба да проповедаме дека „Исус доаѓа наскоро“? Дали тие зборови поттикнале нереални очекувања? (Види 2. Петрово 3,4)

Многу христијани се жалат на големото „доцнење“ (споредете со Матеј 25,5). Но, како воопшто знаеме дека се работи за големо „доцнење“? Кое би било „вистинското“ време Христос да се врати? Дали тоа било пред 50, 150, 500 години? Она што е навистина важно е библиското ветување дека „Господ нема да задоцни со Своето ветување, како што некои мислат за бавењето; но долго време трпи, бидејќи не сака да загине некој, туку сите да се покаат“ (2. Петрово 3,9).

И покрај долгите векови што поминале откако Исус се вознел на небото, ветувањето за Неговото доаѓање останува суштински важно дури и денес. Зошто? Бидејќи сè што имаме е овој краток живот (Псалм 90,10), по кој следи несвесно почивање во гроб (Проповедник 9,5.10), а потоа конечно воскресение, без никаква можност да ја промениме нашата судбина (Евреите 9,27). Што се однесува до секој од умрените (како што веќе беше наведено во 3-та лекција), бидејќи тие спијат во несвесен сон, за нив второто Христово доаѓање ќе следи само миг или два по смртта. Па дури и вие, според вашето лично искуство (како и сиот Божји народ од сите векови), нема да го чекате Христовото враќање подолго од момент по вашата смрт. А тоа е многу кратко, зар не?

Со секој изминат ден, ние сме еден ден поблиску до славното појавување на Господа Исуса Христа на небесните облаци. И иако не знаеме точно кога ќе дојде, можеме да бидеме сигурни дека ќе дојде, и тоа е она што навистина е важно.

**Еден пастор во својата проповед изјавил дека не му е важно кога Христос ќе се врати. Единствено што му е важно е Христос да се врати. Како ви звучи таа логика и како би можела да ви помогне ако сте обесхрабрени што Христос сè уште не дошол?**

# „ЈАС ЌЕ ГО ВОСКРЕСНАМ“

Во едно од своите чуда, Исус нахранил пет илјади луѓе со мала количина леб и риба (Јован 6,1-14). Сфаќајќи дека по тоа мноштвото имало намера да го прогласи за цар (Јован 6,15), Исус отпловил со своите ученици на другата страна на Галилејското Море. Но, следниот ден, мноштвото го следело и таму, а потоа Тој ја одржал моќната проповед за Лебот на животот, со посебен акцент на дарот на вечниот живот (Јован 6,22-59).

**Прочитајте го текстот Јован 6,26-51. Како Исус го поврзал дарот на вечниот живот со конечното воскресение на праведните?**

---

---

Во таа проповед, Исус нагласил три основни концепти во врска со вечниот живот. Прво, Тој се поистоветил себеси со лебот „Кој слегува од небото и му дава живот на светот“ (Јован 6,33.58). Кога изјавил: „Јас сум (грчки: *egō eimi)* лебот на животот“ (Јован 6,35.48), Исус се претставил себеси како големиот „ЈАС СУМ“ од Стариот Завет (2. Мојсеева 3,14). Второ, Исус објаснил дека нашиот вечен живот може да биде осигуран во Него: „Кој доаѓа кај мене“ и „кој верува во мене“ ќе го има тој благослов (Јован 6,35). И на крајот, Исус трипати го поврзал дарот на бесмртноста со конечното воскресение, уверувајќи ги своите слушатели со зборовите: „И јас ќе го воскреснам во последниот ден“ (Јован 6,40.44.54).

Исус ни го дал и следното извонредно ветување: „Вистина, вистина ви велам: кој верува во Мене има вечен живот“ (Јован 6,47). Според тоа, дарот на вечниот живот е веќе присутна реалност. Но, тоа не значи дека верникот никогаш нема да умре, бидејќи изразот „Јас ќе го воскреснам“ (Јован 6,40) подразбира враќање во живот на некој што умрел.

Сликата е јасна. Без Христа човекот нема вечен живот. Меѓутоа, дури и кога ќе го прифатиме Христа и ќе стекнеме сигурност за вечен живот, ние засега остануваме смртни и затоа подложни на природна смрт. При Второто доаѓање, Исус ќе нѐ воскресне, а потоа ќе ни го даде дарот на бесмртноста што веќе сега ни припаѓа. Дарот е обезбеден, не поради некоја наводна природна бесмртност на душата, туку поради праведноста на Исус која ја стекнуваме со вера во Него.

**Задржете се на размислувањето за Исусовите зборови дека ако верувате во Него, имате (токму сега) вечен живот! Како може ова преубаво ветување да ви помогне да се справите со болната реалност на нашата сегашна, макар и само привремена, смртност?**

## НА ЗВУКОТ НА ТРУБАТА

Солуњаните биле уверени дека вечен живот ќе им биде даден само на оние кои ќе останат живи до Второто доаѓање. „Тие внимателно ги чувале и пазеле животите на своите пријатели и сонародници за да не умрат и со тоа да не го загубат благословот што го очекувале при Господовото доаѓање. Но еден по еден нивните мили си заминувале од овој свет и Солуњаните со страв за последен пат ги гледале лицата на своите покојници, одвај наслутувајќи ја надежта дека повторно ќе ги сретнат во идниот живот“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 258 ориг.).

**Прочитајте 1. Солуњаните 4,13-18. Како Павле го исправил тоа погрешно сфаќање?**

Постои историска тенденција, на изразот „така Бог и упокоените преку Исус, ќе ги доведе со Него“ (1. Сол. 4,14), да му се припише поширoко значење од она што навистина го има. Многумина кои ја прифаќаат теоријата за природна бесмртност на душата сугерираат дека Христос, при своето второ доаѓање, ќе ги донесе со себе од небото душите на праведните мртви кои веќе се на небото со Бога. Така, тие души можат повторно да се соединат со нивното воскреснато тело. Меѓутоа, таквото толкување не е во согласност со општите учења на апостол Павле на оваа тема.

Прочитајте го коментарот на еден неадвентистички теолог во врска со вистинското значење на тој стих: „Причината зошто христијаните во Солун можеле да се надеваат додека ги оплакувале мртвите членови на нивната црква била таа што Бог ќе ги ‘донесе’, односно ќе ги воскресне, и ќе им овозможи да бидат присутни при Христовото враќање, така што и тие ќе бидат ‘со него’. Она што го подразбира тој текст е дека тие починати верници нема да бидат во некаква неповолна положба во времето на Христовата парусија, туку дека ќе бидат ‘со него’ на таков начин што ќе учествуваат подеднакво со живите верници во славата, која е поврзана со Неговото враќање“ (Jeffrey A. D. Weima, *1–2 Thessalonians, Baker Exegetical Commentary on the New Testament,* Grand Rapids, MI: Baker Academic, 2014, p. 319.

Ако душите на починатите праведници веќе биле со Господа на небото, немало да има потреба Павле да го спомнува конечното воскресение како христијанска надеж. Тој едноставно можел да забележи дека праведниците се веќе со Господа. Но наместо тоа, тој вели дека „умрените во Исуса“ (1. Солуњаните 4,14) ќе бидат подигнати од мртвите на крајот на времето.

**Надежта во конечното воскресение им донела утеха на ожалостените Солуњани. Истата надеж може да ни помогне и нам со доверба да се соочиме со болните моменти кога ледениот стисок на смртта ни ги одзема нашите најмили од нас.**

## СРЕДБА ЗА ВЕЧНОСТА

**Прочитајте го текстот 1. Коринќаните 15,51-55. Која „тајна“ (1. Коринќаните 15,51) ја открива Павле овде?**

---

Некои популарни проповедници сугерираат дека оваа „тајна“ (1. Коринќаните 15,51) е всушност „тајното возанесение“ (англиски: *secret rapture*) на црквата, до кое треба да дојде седум години пред Христовото славно второ доаѓање. При ова „тајно вознесение“ верните христијани ненадејно, тивко и тајно се пренесени на небото, додека сите останати се оставени овде, прашувајќи се што се случило. Луѓето можат, наводно, одеднаш да се најдат во автомобил без возач, бидејќи е однесен на небото, а сè што „останува е неговата облека“. Најпродаваниот серијал на книги *„Оставени“* (*Left Behind)* од 16 серии, врз основа на кој се снимени четири филмови, го промовира ова лажно учење кое допира до милиони луѓе.

Се разбира, ниту еден библиски текст не го поддржува таквото вештачко одвојување на вознесението и Второто доаѓање. „Тајната“ за која зборува Павле едноставно се однесува на преобразувањето на живите праведници, за да им се придружат на воскреснатите праведници при второто Христово доаѓање. Тоа е вистинското „вознесение“. Нема да има „тајно вознесување“, бидејќи Второто доаѓање ќе биде видливо за сите живи (Откровение 1,7), а воскресението на мртвите и преобразувањето на живите ќе се случат истовремено, на звукот на трубата што ќе го означи Христовото враќање (1. Коринќаните 15,51,52).

При Христовото враќање ќе дојде до највеличествената средба на сите времиња. Живите праведници ќе се преобразат „одеднаш, за еден миг на око“ (1. Коринќаните 15,52). На звукот на Божјиот глас тие ќе бидат прославени. Тогаш тие ќе станат бесмртни и, заедно со воскреснатите свети, ќе бидат подигнати од земјата за да се сретнат со својот Господ во воздухот. Божјите ангели „ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот до другиот крај на небесата“ (Матеј 24,31).

„Малечките деца светите ангели ги носат во прегратките на нивните мајки. Пријателите, кои толку долго ги разделила смртта, пак се соединети за никогаш повеќе да не се разделат и со радосни песни се искачуваат заедно во Божјиот град“ (Е. Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 645 ориг.).

**Тоа е толку извонредно ветување, толку поинакво од сè што сме доживеале, што е тешко да се разбере. Но, размислете за пространствата на вселената и неверојатната сложеност на животот на оваа земја. Самото создавање сведочи за Божјата несфатлива моќ. Што можеме да научиме од сето ова за Божјата моќ да ги преобрази живите и да ги воскресне мртвите при второто Исусово доаѓање?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Делата на апостолите од Елена Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Посланието до Солуњаните“, стр. 255-268 ориг. и „Повикани да прифатат повисоки духовни мерила“, стр. 319-321 ориг..

„Римјаните“, пишува Стивен Кејв, „добро го познавале верувањето на христијаните дека еден ден телесно ќе станат од гробот, и правеле сѐ што било во нивна моќ да ги исмеваат и да ги осуетат таквите надежи. Еден извештај за прогонството во Галија во 177 година вели дека маченициите прво биле погубени, а потоа нивните тела биле оставани да гнијат непогребани шест дена, пред да бидат запалени, а потоа нивната пепел била фрлена во реката Рона. 'Да видиме сега дали повторно ќе станат', веleле Римјаните, според тој извештај“ (Stephen Cave, *Immortality: The Quest to Live Forever and How It Drives Civilization*, New York: Crown Publishers, 2012, pp. 104, 105).

Таа мала очигледна поука од теолошкиот скептицизам, колку и да била драматична, сепак ја промашува суштината. Таа не докажува ништо во врска со библиското ветување за воскресение. Силата што го воскреснала Исус од мртвите може да го стори истото за нас, без оглед на состојбата на нашето тело. На крајот на краиштата, ако истата таа Сила ја создала и ја одржува целата вселена, тогаш сигурно може да ги преобрази живите и да ги воскресне мртвите.

„'Така и оние кои умреле во Исуса, Бог ќе ги доведе со него', пишува Павле. Мнозина овој израз го толкуваат така како умрените да ќе слезат со Христа од небото. Но Павле кажува дека, како Христос што станал од мртвите, така Господ умрените свети ќе ги подигне од гробовите и ќе ги земе на небото. Колку драгоцена утеха! Колку прекрасна и величествена надеж! И тоа не само за солунската црква, туку за сите христијани без оглед каде се наоѓаат“ (Е. Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 259 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Некој еднаш рекол: „Смртта нѐ брише целосно... А да се биде целосно збришан, заедно со секоја трага од сопственото постоење, тоа во голема мера му ја одзема смислата на човечкиот живот.“ Каква надеж воопшто би имале, соочени со таквата бесмисленост на животот?**

**2. Како можеме да ја усогласиме потребата за напредување кон совршенство (Филипјаните 3,12-16) со фактот дека дури при второто Христово доаѓање ќе добиеме нераспадлива и безгрешна природа (1. Коринќаните 15,50-55)?**

**3. Како би можеле да му помогнеме на некој што ја прифатил идејата за „тајно вознесување“ да увиди зошто тоа учење е погрешно?**

**4. Прочитајте уште еднаш 1. Коринќаните 15,12-19. Што во тие стихови претставува толку силен доказ за учењето дека мртвите спијат, наспроти мислењето дека се со Исуса на небото? Каква смисла воопшто би имале тие стихови, кога починатите праведници веќе сега, навистина, би биле на небото со Исуса?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 9**
**Од 19 до 25 ноември 2022**

# ПРОТИВРЕЧНИ ТЕКСТОВИ?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 16,19-31; Лука 23,43; Јован 20,17; Филипјаните 1,21-24; 1. Петрово 3,13-20; Откровение 6,9-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ги истражувате Писмата, зашто вие мислите дека во нив имате живот вечен; а токму тие сведочат за Мене“ (Јован 5,39).**

Петар нè предупредува: „Бидете секогаш подготвени со кротост и стравопочит за одговор на секого кој од вас ќе побара сметка за вашата надеж“ (1. Петрово 3,15). Павле додава: „Проповедај го словото, настојувај во погодно време и во невреме, укорувај, забранувај, советувај со голема долготрпеливост и поука. Зашто ќе дојде време кога луѓето нема да го слушаат здравото учење, но, водени по своите похоти, ќе си изберат учители да им го залажат слухот“ (2. Тимотеј 4,2,3). Со оглед на тоа, треба да се занимаваме не само за оние текстови кои можат лесно да се објаснат во согласност со нашите верувања, туку и за оние кои вообичаено се користат во прилог на учењата поинакви од оние што ние ги застапуваме.

И додека го правиме тоа, треба да го следиме вдахновениот пример на Исус. „Христос никогаш не прикривал ниту еден збор на вистината, туку секогаш со љубов го изговарал… Никогаш не бил груб, никогаш не изговорил без потреба остар збор, никогаш не и нанесувал непотребна болка на чувствителната душа. Тој не ги осудувал човечките слабости“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 353 оригинал).

Оваа седмица ќе проучуваме некои спорни текстови, кои обично се користат за да се оправда верувањето во вродената бесмртност на душата. Тие размислувања треба да ги зајакнат нашите сопствени убедувања и да ни помогнат љубезно да одговориме на оние што го доведуваат во прашање ова клучно учење.

## БОГАТИОТ И ЛАЗАР

**Прочитајте го текстот: Лука 16,19-31. Врз основа на што тврдиме дека оваа приказна не е буквален опис на задгробниот живот?**

---

Некои проучувачи сметаат дека текстот на Лука 16,19-31 треба да се толкува буквално, односно како точен опис на состојбата на мртвите. Меѓутоа, таквото гледиште би довело до повеќе небиблиски заклучоци и би противречеле на многу од текстовите што веќе ги разгледавме.

Прво, би требало да тргнеме од претпоставката дека небото и пеколот се наоѓаат на толку мало растојание, што тоа овозможува меѓусебна комуникација меѓу нивните жители (Лука 16,23-31). Исто така, би требало да заклучиме дека, додека телото лежи во гробот, останува некој свесен дел од бестелесната душа со „очи“, „прст“ и „јазик“, кој дури и чувствува жед (Лука 16,23.24).

Ако тој исечок навистина би бил опис на човечката состојба по смртта, тогаш небото сигурно не би било место на радост и среќа, бидејќи спасените ќе можат одблизу да ги набљудуваат бескрајните страдања на своите најмили кои се изгубени, па дури и да разговараат со нив (Лука 16,23-31). Како би можела една мајка да биде среќна во рајот додека ја набљудува постојаната агонија на своето сакано дете во пеколот? Во овој контекст, исполнувањето на Божјото ветување дека повеќе нема да има тага, плач и болка би било практично невозможно (Откровение 21,4).

Поради ваквите недоследности, многу современи проучувачи на Библајата сметаат дека приказната за богаташот и Лазар е парабола во која не може секој детал да се толкува буквално. На пример, Џорџ Е. Лад, иако не е адвентист, секако звучи како таков кога вели дека приказната веројатно била „парабола во која се користело еврејското сфаќање од тоа време, и која нема намера да учи што било за состојбата на мртвите“(G. E. Ladd, *„Eschatology“, The New Bible Dictionary,* edited by J. D. Douglas; Grand Rapids, MI: Eerdmans, 1962, p. 388).

Параболата за богаташот и Лазар ја истакнува острата разлика помеѓу раскошно облечениот „богат човек“ и обичниот сиромав човек „по име Лазар, (кој) лежеше пред вратата негова сиот покриен со красти“ (Лука 16,19.20). Тој извештај нѐ учи (1) дека статусот и општественото признание во сегашноста не се критериуми за идна награда, и (2) дека вечната судбина на секој човек се решава во овој живот и дека не може да се промени по смртта (Лука 16,25.26).

**„Авраам му рече:‚Штом Мојсеј и Пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат’“ (Лука 16,31). Каква порака треба да извлечеме за себе од овие моќни Исусови зборови, во врска со авторитетот на Библијата и како треба да се однесуваме кон неа?**

# „ДЕНЕС ЌЕ БИДЕШ СО МЕНЕ ВО РАЈОТ“

Еден од библиските текстови што најчесто се користи во обидот да се докаже бесмртноста на душата е Лука 23,43: „И Исус му рече: ‘Вистина ти велам, денес ќе бидеш со мене во рајот“. Речиси сите преводи на Библијата (со мали исклучоци) го толкуваат тој текст на сличен начин, создавајќи впечаток дека на самиот ден на Христовата смрт, Христос и крадецот ќе бидат заедно во Рајот. Тоа не треба да нè чуди бидејќи тие преводи ги направиле оние кои верувале во догмата за вродена бесмртност на душата. Меѓутоа, дали е тоа најдобриот превод на текстот?

**Споредете ги стиховите Лука 23,43 со Јован 20,17 и Јован 14,1-3. Како треба да се разбере ветувањето дадено на покајаниот разбојник на крстот во светлината на Исусовите зборови упатени до Марија Магдалена и ветувањето дадено на учениците?**

---

Претпоставката дека Христос и разбојникот отишле во рајот (или небото) истиот ден е во спротивност со она што Исус ѝ го рекол на Марија Магдалена по неговото воскресение, и кое потврдува дека тој сè уште не отишол во присуство на својот Татко на небото (Јован 20,17). Оваа заблуда, дека Исус и покајаниот разбојник отишле на небото тој ден, исто така е во спротивност со ветувањето што Исус им го дал на учениците – дека тие ќе бидат однесени на небото дури при Неговото второ доаѓање (Јован 14,1-3).

Проблемот во текстот Лука 23,43 се состои во тоа дали прилогот „денес“ (грчки: *sēmeron*) треба да се врзе со глаголот што следи („да се биде“) или на оној што му претходи („велам“). Вилсон Пароши забележува дека „од граматичка гледна точка“ е буквално невозможно да се одреди кое од нив е точно. „Лука, сепак, буквално покажува тенденција да го користи тој прилог со глаголот што му претходи. Ова се случува во 14 од 20 примери каде што зборот *sēmeron* се користи во Евангелието според Лука и Дела апостолски“ (Wilson Paroschi, *„The Significance of a Comma: An Analysis of Luka 23:43“*, Ministry, June 2013, p. 7).

Затоа, најприродниот начин за читање на текстот Лука 23,43 би бил: „Вистина ти велам денес, ќе бидеш со мене во рајот.“ Во овој случај, идиомскиот израз „ти велам денес“ го нагласува значењето и свечениот тон на ветувањето: „Ќе бидеш со мене во рајот.“ Накратко, Исус му ветил, токму таму и тогаш, дека ќе биде спасен.

**Прочитајте го извештајот за покајаниот разбојник (Лука 23,39-43), кому, и покрај гревот, и покрај тоа што немал што да му понуди на Бога, Христос му ветил вечен живот. На кои сè начини оваа моќна приказна ја открива големата вистина за спасението исклучиво со вера? Во која смисла и ние сме како тој разбојник, а во што се разликуваме?**

## „САКАМ ДА ЗАМИНАМ И ДА БИДАМ СО ХРИСТОС“

**Прочитајте ги Филипјаните 1,21-24 и 1. Солуњаните 4,13-18. Кога Павле очекувал да биде „со Христос“ (Филипјаните 1,23) и „со Господа“ (1. Солуњаните 4,17)?**

---

Павле бил воден од горливата желба да живее „во Христа“ сега (2. Кор. 5,17) и „со Господа“ по Неговото второ доаѓање (видете 1. Солуњаните 4,17). За апостолот, дури ни смртта не можела да ја наруши сигурноста на неговото припраѓање на неговиот Спасител и Господ. Како што напишал во своето Послание до Римјаните, „ни смртта ни животот“ не можат „да нѐ одвојат од љубовта Божја, која е во Христос Исус, нашиот Господ“ (Римјаните 8,38,39). „Туку, било да живееме или да умираме, за Господ живееме и за Господ умираме, – ние Му припаѓаме на Господ. Според тоа – живееме ли, умираме ли – Господови сме“ (Римјаните 14,8).

Имајќи ја оваа сигурност на ум, Павле зборува за верниците кои веќе умреле како такви „кои умреле во Исуса“ (1. Солуњаните 4,14) и кои ќе бидат воскреснати при второто Христово доаѓање за да примат вечен живот (1. Коринќаните 15,16-18; 1. Солуњаните 4,13-18).

Кога Павле вели дека има желба „да заминам и да бидам со Христос“ (Филипјаните 1,23), дали тој мисли дека неговата душа ќе оди во свесна состојба да живее со Христа? Во никој случај. Во тој текст, „Павле изразува желба да го напушти ова сегашно мачно постоење и да биде со Христа, не обѕрнувајќи се на некој одреден временски период што би можел да постои меѓу тие два настана. Тој стих не подразбира дека Павле очекувал да оди на небото веднаш по смртта. Тој многу јасно става до знаење дека нема да ја добие својата награда пред Второто доаѓање (2. Тимотеј 4,8)“ (*Andrews Study Bible,* p. 1555, note on Philippians 1:23).

Накратко, Павле „зборува за фактот дека првото нешто за кое ќе знае по неговото заминување (смртта) ќе биде Христос кој доаѓа на небесните облаци за да ги воскресне мртвите, кога и тој ќе биде ‘со Господа’“ (1. Солуњаните 4,17). Треба да се забележи дека библиските писатели понекогаш поврзуваат некои два настана кои можат да бидат разделени со долг временски период“ (*Andrews Study Bible,* p. 1555, note on Philippians 1:23).

Но, зошто Павле повеќе би сакал да умре отколку да живее? Затоа што тогаш конечно ќе се одмори од сите негови неволји и повеќе немало да трпи болки во телото. И тој би умрел целосно убеден дека, при Второто доаѓање, ќе го добие „венецот на правдата“ (2. Тим. 4,6-8). Иако Павле сигурно не ја посакувал смртта, тој знаел што ќе следи кога сепак таа ќе дојде.

**Кој од нас, особено во тешки моменти, не помислил колку би било убаво да ги затвориме очите во смрт, а потоа, во следниот свесен момент, „да бидеме со Господа“? Како оваа мисла ни помага да разбереме за што зборуваат Павле и посланието до Филипјаните?**

## ПРОПОВЕДАЊЕ НА ДУХОВИТЕ В ЗАТВОР

**Прочитајте го текстот од 1. Петрово 3,13-20. Како Христос им проповедал на „духовите кои беа в затвор... во времето на Ное"? (Види исто така: 1. Мојсеева 4,10.)**

Коментаторите кои веруваат во вродената бесмртност на душата обично истакнуваат дека Христос им проповедал на „духовите кои беа в затвор" (1. Петрово 3,19) додека и тој самиот почивал во гробот. Според нив, Неговиот отелотворен дух отишол во пеколот и им проповедал на бестелесните духови на претпотопните луѓе.

Меѓутоа, таа имагинативна замисла е неодржлива од библиска гледна точка, бидејќи по смртта нема друга шанса за спасение (Евреите 9,27.28). Зошто тогаш Исус би им проповедал на оние кои веќе немале шанса за спасение?

И што е најважно, таа теорија е во спротивност со библиското учење дека мртвите остануваат во гробот во несвесна состојба сè до конечното воскресение (Книгата за Јов 14,10-12; Псалм 146,4; Проповедник 9,5-10; 1. Коринќаните 15,16 -18; 1. Солуњаните 4,13-15).

Исто така, ако тој стих навистина значел дека Исус, додека се наоѓал телесно во гробот, слегол во пеколот и им проповедал на злите претпотопни луѓе, зошто само тие би ја слушнале таа порака? Зар не би имало и други изгубени кои горат во пеколот со нив? Зошто само претпотопните луѓе да го слушаат Неговото проповедање?

Исто така, би било бесмислено да се тврди дека Христос им проповедал на непослушните паднати ангели во времето на Ное. Додека „духовите кои беа в затвор" се опишани како оние што биле непослушни „некогаш" (1. Петрово 3,19.20), Библијата зборува за злите ангели како за такви кои се непослушни и денес (Ефесјаните 6,12; 1. Петрово 5,8). Освен тоа, паднатите ангели се чуваат „во вечни окови, во мрак за суд на големиот ден" (Јуда 1,6), без никаква можност за спасение.

Исто така, треба да забележиме дека во текстот 1. Петрово 3, „духовите кои се в затвор" од стих 19, во стих 20 се означени како оние кои „не се покорија... во времето на Ное." Изразот што се користи за дух (грчки: *pneuma*) овде и на други места во Новиот Завет (1. Коринќаните 16,18; Галатјаните 6,18), се однесува на живите луѓе кои можат да го слушнат и да го прифатат повикот за спасение. Изразот „в затвор" очигледно не се однесува на буквален затвор, туку на затворот на гревот во кој се наоѓа непрепородената човечка природа (Римјаните 6,1-23; 7,7-25).

Христовото проповедање на непокајаните жители на претпотопниот свет било остварено преку Ное, кој, и самиот поучен (Евреите 11,7), станал „проповедник на правдата" на своите современици (2. Петрово 2,5). Стиховите на Петар зборуваат за тоа што значи да се биде верен, а не претставуваат коментар за состојбата на мртвите.

## ДУШИТЕ ПОД ОЛТАРОТ

**Прочитајте го текстот Откровение 6,9-11. Како можат „душите“ на мртвите маченици да извикуваат „под олтарот“?**

---

Отворањето на петтиот апокалиптичен печат открило необична глетка. Душите на мачениците се гледаат, метафорички, „под жртвеникот“ како викаат кон Бога барајќи одмазда (Откровение 6,9-11). Некои коментатори се склони да го препознаат во тој „жртвеник“ кадилниот жртвеник што се споменува во врска со седмиот печат (Откровение 8,1-6). Меѓутоа, спомнувањето на „крв“ (наместо „кога“) во текстот Откровение 6,9-11, нè наведува да видиме во него алузија на олтарот за жртвите паленици, врз кој се излевала крвта на жртвите. (3. Мојсеева 4,18.30.34). Како што со крвта на тие жртви се попрскувало околу олтарот, така и крвта на мачениците била симболички излеана на Божјиот жртвеник кога тие, останувајќи верни на Божјото слово и на Исусовото сведоштво (Откровение 6,9; види и Откровение 12,17; 14,12), го загубиле животот.

„Душите“ под олтарот се исто така симболични. Ако ги сфатиме буквално, би можеле да дојдеме до заклучок дека тие маченици не се сосема среќни на небото, бидејќи тие сè уште викаат барајќи одмазда. Тоа не звучи како да уживаат во нивната награда – спасението. Желбата за одмазда може да ви го загорчи животот. Но, дали и смртта може да ви го загорчи?

Исто така, важно е да се запамети и дека на Јован не му било дадено да го види небото онака како што навистина е. „Нема никакви бели, црвени, црни и бледи коњи со воинствени јавачи. Исус не се појавува таму како јагне со рана од нож што крвави. Четирите живи суштества не претставуваат вистински крилести созданија со наведените животински карактеристики... Исто така, нема ни ‘души’ што лежат во подножјето на олтарот на небото. Целата таа сцена е само сликовито и симболично претставување“ (*The SDA Bible Commentary,* кн. 7, стр. 778).

Џорџ Е. Лад, кој не е адвентист, напишал вака (при што повторно звучи како адвентист): „Во горенаведениот случај (Откровение 6,9-11), олтарот очигледно е жртвен олтар на кој се излевала крвта на жртвите. Фактот што Јован ги видел душите на мачениците под олтарот нема никаква врска со состојбата на починатите, ниту со нивната положба во некоја преодна состојба. Тоа е само живописен начин да се прикаже фактот дека тие стрададе маченички во името на нивниот Бог“ (eorge E. Ladd, *A Commentary on the Revelation of John*, Grand Rapids, MI: Eerdmans, 1972, p. 103).

**Кој не викнал за правда која никогаш не дошла (особено ако бил жртва на неправда)? Зошто треба со вера да прифатиме дека правдата, која толку му недостасува на овој свет, на крајот ќе се оствари? Каква утеха можете да извлечете од ова прекрасно ветување?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во делата на Елена Г. Вајт, прочитајте ги следните поглавја: „Непремостливата бездна премостена“, стр. 260-271 (оригинал) во книгата Христовите параболи и „Голгота“, стр. 749-752 (оригинал), во книгата Копнежот на вековите. Ако сте во можност, прочитајте го и поглавјето „Teachers as Examples of Christian Integrity“, стр. 504 во книгата Fundamentals of Christian Education.

„Во својата парабола за богатиот човек и за сиромавиот Лазар Христос покажува дека човекот во овој живот решава за својата вечна судбина. За време на оваа проверка Божјата милост ѝ е понудена на секоја душа. Меѓутоа, ако луѓето ги испуштат можностите што им се даваат и наместо тоа живеат според своите желби, самите себеси се лишуваат од вечниот живот. Нема да им биде дадено никакво ново време на милост. Со својата одлука сами си создале непремостлива бездна меѓу себе и својот Бог“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи,* стр. 260 оригинал).

„Кога биле прогонувани во планините и пустините, кога ги оставале во затворите да умираат од глад, студ и мачење, кога им се чинело дека маченииштвото е единствениот излез од нивната мака, тие рани христијани се радувале што се удостоиле да страдаат за Христа кој бил распнат заради нив. Нивниот достоен пример ќе биде утеха и охрабрување за Божјиот народ кој ќе доживее време на неволја какво што немало од почетокот на светот и вековите“ (Е. Г. Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 5, стр. 213).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како општото библиско гледиште за човечката природа ни помага подобро да разбереме некои од текстовите што ги проучувавме во текот на оваа седмица?**

**2. Размислете за спротивноста меѓу бескомпромисната вера на христијанските маченици и флексибилната вера на нашата постмодерна генерација. Со други зборови, за што вреди да се умре? Од друга страна, ако некој смета дека сите вистини се релативни или културно условени, тогаш дали за некоја од нив вреди да се умре? Во исто време, што можеме да научиме од оние кои се подготвени да умрат за идеалите коишто ние ги сметаме за лажни?**

**3. Разгледајте ја поподробно параболата за богаташот и Лазар. Кога Исус воскреснал од мртвите, многумина поверувале во Него. Меѓутоа, многу други, кои го имале истиот доказ, не верувале. Што ни кажува ова за фактот колку човечкото срце може да отврдне за вистината? Што би можеле да направиме за да не ни се случи тоа?**

**4. Исус зборувал за времето кога мртвите ќе оживеат: „И ќе излезат: кои правеле добро – ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување“ (Јован 5,29). Овие два настана се во временска разлика од илјада години, иако звучи како да се случуваат во исто време. Како тоа може да ни помогне да го разбереме она што сака Павле да го каже во Филипјаните 1,23?**

**Лекција 10**
**Од 26 ноември до 2 декември 2022**

# ПЕКОЛНИОТ ОГАН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 9,42-48; Малахија 4,1; Јуда 7; 1. Тимотеј 2,5; Дела на апостолите 2,29.34.35; 1. Јованово 5,3-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сѐ испитувајте, за доброто држете се!“ (1. Солуњаните 5,21)**

Италијанскиот поет Данте Алигиери (1265–1321) го напишал своето познато дело „Божествена комедија“ за замисленото патување на душата по смртта. Душата одела или во инферно (пеколот) внатре во земјата, или во чистилиштето, каде што човечкиот дух можел да се очисти и да се удостои да се вознесе на небото, односно во Рајот, во присуство на самиот Бог.

Иако се работи за поема, чиста фикција, зборовите на Данте имале големо влијание врз христијанските учења, а особено на римокатоличката теологија. Сфаќањето дека бесмртната душа оди во пекол, чистилиште или рај станало основно учење на таа црква. И многу конзервативни протестантски деноминации веруваат во бесмртна душа, која по смртта на човекот или се издигнува во Рајот или се спушта во пеколот. И навистина, ако човечката душа никогаш не умира, тогаш таа мора да оди некаде по смртта на телото. Накратко, погрешното разбирање на човечката природа довело до ужасни теолошки заблуди.

Оваа седмица ќе разгледаме некои од тие небиблиски теории, како и библиското сфаќање за тоа што се случува по смртта.

## БЕСМРТНИ ЦРВИ?

**Споредете го текстот Марко 9,42-48 со стихот Исаија 66,24. Како го разбирате изразот „нивниот црв не умира“ (Марко 9,48)?**

---

Некои именката во еднина, „црв“ (Марко 9,48), ја толкуваат како алузија на бестелесна душа или духот на злите луѓе, кои по смртта одат во пеколот, каде никогаш не умираат и трпат вечни маки.

Меѓутоа, тоа толкување не го одразува библиското сфаќање за бесвесната состојба по смртта. Исто така, тоа ја занемарува и старозаветната заднина на текстот. Всушност, „еднината – ‘црв’ се користи генерички за ‘црви’ – и не се однесува на поединечен црв. Така, тоа е поврзано со црви кои се хранат со телата во состојба на распаѓање“ (Robert G. Bratcher and Eugene A. Nida, *A Translator’s Handbook on the Gospel of Mark*, London: United Bible Societies, 1961, p. 304

Во текстот Марко 9,48, Исус го цитира стихот Исаија 66,24, кој гласи: „И ќе излегуваат и ќе ги видат труповите на луѓето што отстапиле од Мене; зашто црвот нивни нема да умре, ниту огнот нивни ќе угасне и ќе бидат одвратност за секоја плот“.

Таа застрашувачка метафоричка сцена го доловува бојното поле каде што Божјите непријатели лежат мртви и се уништени. Телата кои не се изгорени од оган ќе бидат распаднати од црви, или можеби прво ќе дејствуваат црви, а потоа оган. Во секој случај, не се споменува никаква наводна душа која би можела да го избегне тоа уништување на телото и да отиде во пеколот.

Но, што е со „црвите“ кои никогаш не умираат? Метафоричкиот јазик на стихот Исаија 66,24 (цитиран во Марко 9,48) не подразбира дека овие црви се бесмртни. (Бесмртни црви?) Акцентот е на тоа дека црвите нема да ја напуштат својата работа на распаѓање додека целосно не ја завршат. Со други зборови, тие ќе продолжат да ги голтаат телата на злите додека не бидат целосно уништени. Наспроти ова, Божјите верни деца радосно ќе живеат на „новата земја и новото небо“ и ќе го обожаваат Бога во самото негово присуство (Исаија 66,22.23). Имајќи ги на ум таквите различни судбини, не е ни чудо што Исус изјавил дека е многу подобро да се влезе во Божјото царство без некој дел од телото – без рака, нога, па дури и око – отколку да се има совршено тело кое ќе биде проголтано од оган и црви (Марко 9,42-48).

**На крајот на краиштата, ние или сме целосно спасени или целосно изгубени. Нема средина. Можеме да имаме вечен живот или да се соочиме со вечно уништување. Какви одлуки мора да ги донесете денес? Како таа реалност – вечен живот или вечно уништување – треба да влијае на тие одлуки?**

# ПЕКОЛНИОТ ОГАН

Во својата книгичка за деца со наслов *Поглед на пеколот* (John Furniss, *The Sight of Hell,* Dublin: James Duffy, [1874], p. 24), англискиот римокатолички свештеник Џон Фурнис (1809-1865) го илустрира вечното мачење со топка од цврсто железо, поголема од небото и земјата. „Птица лета еднаш во сто милиони (sic!) години и само ја допира големата железна топка со пердувите на своите крилја.“ Авторот тврди дека горењето на грешниците во пеколот ќе продолжи дури и откако таа железна топка целосно ќе се излиже и истроши од таквите попатни допири на крилата!

Тажно е што и многу протестанти денес веруваат во нешто слично, кога е во прашање судбината на изгубените.

**Прочитајте ги стиховите Малахија 4,1 и Јуда 1,7. Како овие текстови ни помагаат подобро да го разбереме поимот „вечен оган“, или идејата, како што ја изразил Исус, дека изгубените ќе бидат во „вечен оган“ (Матеј 18,8) или во „неизгаслив оган“ (Марко 9,43)?**

Зборот „вечен“ (еврејски: *‹olam*; грчки: *aion, aionios*) може да има различни значења во зависност од непосредниот контекст. На пример, кога е поврзан со зборот Бог (5. Мојсеева 33,27. „вечен“), тој го изразува Неговото вечно постоење. Кога се однесува на човечки суштества (2. Мојсеева 21,6, „вечен“), значењето на зборот е ограничено со должината на нивниот животен век. Кога се однесува на оган (Матеј 18,8; Матеј 25,41; „вечен“), тогаш се подразбира дека огнот нема да се изгасне додека она што е запалено не биде целосно изгорено. Тоа значи дека „вечниот оган“ ќе биде вечен во смисла дека целосно и неповратно ќе ги изгори злите, не оставајќи им „ни корен, ниту гранчиња“ (Малахија 4,1).

Теоријата за вечно казнување на злите има сериозни импликации. Кога злите би биле казнувани засекогаш, тогаш злото никогаш не би се искоренило. На крајот на краиштата, целиот живот потекнува од Бога (5. Мојсеева 32,39; Псалм 36,9), кој вели дека „не ја посакувам смртта на грешникот“ (Езекиел 33,11). Зошто тогаш Тој би продолжил да им го продолжува животот на злите, за тие да трпат бескрајни маки? Зар не би било многу поразумно за Него едноставно да го прекине нивното постоење? Ако злите ќе бидат казнети „според своите дела“ (Откровение 20,12), зошто поради краткотрајноста на човечкиот живот би биле бескрајно казнувани?

Сите библиски референци за „вечен оган“ треба да се гледаат како алузии на постмилениумското „огнено езеро“ од текстот Откровение 20 (видете ја 13. лекција). Затоа, не е во согласност со Библијата да се зборува за веќе присутен, вечно запален пекол.

**Колку и да се лоши тие пеколни огнови, што ни открива за Божјата љубов оваа вистина за пеколот, особено ако се спореди со идејата за вечно мачење?**

# СВЕТЦИТЕ ВО ЧИСТИЛИШТЕТО

Римокатоличката црква смета дека мртвите кои не заслужуваат пекол, но сѐ уште не се подготвени ни за Рајот, можат да се исчистат од своите гревови во чистилиште, а потоа оттаму да се вознесат на Рајот. Во исто време, страдањата на кои се изложени во чистилиштето можат да се намалат со молитвите и покорите на нивните најблиски.

Катихизисот на Католичката црква експлицитно зборува за чистилиштето: „Сите кои умираат во Божјата благодат и пријателство, но сепак несовршено исчистени, можат навистина да бидат сигурни во своето вечно спасение. Но, тие поминуваат низ очистување по смртта за да ја постигнат светоста неопходна за да се влезе во небесната радост“ (*Catechism of the Catholic Church,* New York: Doubleday, 1995, p. 291). Исто така, тука се наведува дека нивните страдања можат да се ублажат со молитвите на нивните најмили, како и со други дела направени во име на мртвите. „Црквата исто така препорачува милостина, прошталници и дела на покајание кои се преземаат во име на мртвите“ (*Catechism of the Catholic Church,* стр. 291).

**Прочитајте: Проповедник 9,10; Езекиел 18,20-22 и Евреите 9,27. На кои начини овие текстови ја побиваат теоријата за чистилиштето?**

---

Догмата за чистилиштето ја комбинира паганската претстава за пекол што гори со паганската практика на молитва за мртвите. Таа догма е неприфатлива за оние кои веруваат во следните библиски учења: (1) дека мртвите остануваат да почиваат во своите гробови во несвесна состојба (Проповедник 9,10); (2) дека праведноста на едно грешно човечко суштество не може да се пренесе на друго грешно човечко суштество (Езекиел 18,20-22); (3) дека нашиот единствен Посредник е Исус Христос (1. Тимотеј 2,5); и (4) дека по смртта следи конечен суд, без каква било друга шанса човекот да се покае за своите падови во овој живот (Евреите 9,27).

Уште посериозна импликација на антибиблиската теорија за чистилиште е начинот на кој таа го искривува самиот Божји карактер. Навистина, „уште од својот пад сатаната се труди погрешно да го претстави нашиот небесен Татко. Тој ја предложил догмата за бесмртност на душата... Идејата за вечно запален пекол била сатанско дело; чистилиштето е исто така негов изум. Тие учења погрешно го прикажуваат Божјиот карактер, обвинувајќи го дека е строг, одмаздољубив, дека настапува произволно и не проштава“ (Елена Г. Вајт, *Manuscript* 51, 10 декември, 1890 година). Наместо мртвите да спијат и да го чекаат Христовото враќање, според тоа сфаќање, тие се наоѓаат во чистилиште, каде што страшно страдаат сѐ додека некој не успее да ги избави оттаму.

**Што нѐ учат погрешните сфаќања како оние за чистилиштето и вечните маки за важноста на доктрините? Зошто е важно и тоа во што веруваме, а не само во кого веруваме?**

## РАЈ СО БЕСТЕЛЕСНИ ДУШИ

Иако протестантите не ја прифаќаат идејата за чистилиште, сепак многумина сѐ уште веруваат дека душите на праведните мртви веќе уживаат во рајот во присуство на самиот Бог. Некои тврдат дека овие „души“ се всушност бестелесни духови. Други сметаат дека тие се бестелесни духови, но облечени во духовно тело на славата.

Каква и да е наводната метафизичка состојба на овие живи мртви, овие теории го поткопуваат библиското учење за конечното воскресение и судот над мртвите. Зошто би имало воскресение и суд (Откровение 20,12-14) ако душите на праведните веќе уживаат во рајот?

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 2,29.34.35 и 1. Коринќаните 15,16-18. Како овие текстови ја расветлуваат состојбата на мртвите и оние што чекаат воскресение?**

---

Библијата учи дека сите луѓе кои се веќе на небото или се земени таму живи, како во случајот со Енох (1. Мојсеева 5,24) и Илија (2. Царевите 2,9-11), или се воскреснати од мртвите. како Мојсеј (Јуда 1,9) и оние кои воскреснале со Христа (Матеј 27,51-53).

Како што веќе видовме, алузијата на душите „под олтарот“ кои викаат кон Бога барајќи одмазда (Откровение 6,9-11) претставува само метафора за правдата и не ја докажува теоријата за вродена бесмртност на душата. Во спротивно, овие луѓе навистина не може да се каже дека уживаат во својата вечна награда. Гробот е всушност место за почивање на мртвите, кои во несвесна состојба го чекаат конечното воскресение, кога ќе биде обновено нивното свесно постоење. Мртвите, дури ни праведните мртви, не се бестелесни души кои лебдат по небото и трпеливо чекаат повторно да се соединат со своето тело при конечното воскресение.

А за што зборува Павле во 1. Коринќаните 15,18, кога вели дека ако нема воскресение на мртвите, „тогаш и оние, што умреле за Христос, пропаднале“? Како би можеле тие да пропаднат ако веќе уживаат во блаженствата на небото и ако биле таму за цело време откако умреле? Ова лажно учење дека праведните мртви ќе се вознесат за да ја примат својата вечна награда веднаш по смртта, всушност го обезвреднува централното и клучно учење на Новиот завет – за воскресението на мртвите при Христовото враќање. Сепак, постојано слушаме за тоа, особено на погреби.

**На кој начин можете да им помогнете на луѓето да сфатат дека тврдењето оти мртвите спијат во земјата е всушност „добра вест“, во смисла дека тие навистина почиваат во мир, и дека не знаат за каква било болка и страдање?**

## БИБЛИСКИ ПОГЛЕД

**Прочитајте го текстот 1. Јованово 5,3-12. Зошто апостол Јован го ограничува „вечниот живот“ само на оние кои се во Христа?**

---

Библиското учење за условна бесмртност на човечките суштества – наспроти небиблиската теорија за вродена бесмртност на душата – е експлицитно наведено во текстот 1. Јованово 5,11.12. За да го разбереме значењето на овој важен текст, мора да имаме на ум дека само Бог е „единствен бесмртен“ (1. Тимотеј 6,15.16) и дека тој е единствениот Извор на животот (Псалм 36,9; Колошаните 1,15-17; Евреите 1,2).

Кога гревот навлегол во овој свет преку падот на Адам и Ева (1. Мојсеева 3), тие, заедно со сите нивни потомци (вклучувајќи нè и нас), паднале под проклетството на физичката смрт, губејќи го дарот на вечниот живот. Но, нашиот драг Бог спровел план за спасение, за луѓето да можат да си го вратат вечниот живот – живот што требало да им припаѓа од почетокот. Павле за ова напишал: „Така што и нè избра преку Него, уште пред светот да биде создаден, за да бидеме свети и непорочни пред Него во љубовта“ (Ефесјаните 1,4).

Апостол Павле објаснува дека „како што гревот влезе во светот преку еден човек (Адам), а преку гревот – смртта“, така „преку благодатта на еден Човек, Исус Христос“, благодатниот дар на вечниот живот станал достапен за сите луѓе (Римјаните 5,12-21). Павле овде недвосмислено и дословно мисли на Адам кој ги донел гревот и смртта на овој свет. Зашто, ништо за што зборува Библијата нема да има смисла без дословниот Адам, кој со својот престап донел грев и смрт во нашиот свет.

Во врска со тоа, апостол Јован додава: „А сведоштвото е тоа дека Бог ни дарувал живот вечен; и тој живот е во Неговиот Син. Кој Го има Синот Божји, тој го има и тој живот; кој го нема Синот Божји, го нема тој живот“ (1. Јованово 5,11.12).

Целата слика станува појасна во светлината на следните Исусови изјави: „Секој што ќе го види Синот и ќе поверува во Него да има вечен живот, а Јас ќе го воскреснам во последниот ден“ (Јован 6,40) и: „Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее“ (Јован 11,25).

Тоа значи дека вечниот живот е дар од Бога преку Христа – дар кој е обезбеден во сегашноста, но во потполност се ужива дури по конечното воскресение на праведните. Заклучокот е мошне едноставен – ако вечниот живот им се дава само на оние што се во Христа, тогаш оние што не се во Него немаат вечен живот (1. Јованово 5,11.12). Наспроти ова, теоријата за вродена бесмртност на душата им ветува вечен живот – било во рајот или во пеколот – на сите луѓе, дури и на оние кои не се во Христа. Колку и да е популарно ова учење, тоа сепак не е библиско.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Големата борба од Елена Г. Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Првата голема измама“, стр. 531-550 оригинал; „Можеме ли да разговараме со мртвите?“ стр. 551-562 оригинал.

„Врз големата заблуда за вродена бесмртност се засновува науката за свесна состојба на мртвите по смртта - наука која, како и онаа за вечните маки, му се противи на учењето на Светото писмо, на логиката на разумот и на нашите чувства за човечност. Според верувањето што е раширено среде народот, спасените на небото се запознати со сè што се случува на земјата, а особено со животот на пријателите што ги оставиле зад себе. Но како би можело за мртвите да биде извор на радост сознанието дека нивните мили на земјата страдаат, дека грешат, дека чувствуваат болки, разочарувања и животни грижи? Колкава небесна среќа би можеле да уживаат оние што постојано би се наднесувале над своите пријатели на земјата? А колку е ужасно верувањето дека душата на непокајаниот, штом здивот ќе го напушти телото, си заминува во пеколен оган! Каков ужасен страв мора да поднесуваат оние што ги гледаат своите пријатели како неподготвени си заминуваат в гроб за да влезат во вечноста на болката и гревот!“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 545 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Оние кои имале прилика да разговараат со други христијани за состојбата на мртвите и природата на пеколот, веројатно откриле колку луѓето можат да бидат непоколебливи и цврсти во нивните убедувања, не само во поглед на тоа дека спасените веднаш одат во рајот, туку и дека изгубените трпат вечни маки во пеколот. Што мислите, зошто е тоа така? Едно е тоа што луѓето сакаат да веруваат, и донекаде разбирливо, дека нивните сакани кои починале сега се „со Господа“ (иако, како што видовме, и понатаму останува прашањето колку би било вознемирувачко за нив да ја набљудуваат хаотичната состојба на работите како што е овде). Меѓутоа, од каде таа приврзаност за ужасната идеја дека изгубените вечно се мачат во пеколот? Што нè учи овој факт за силата на традицијата? Дискутирајте за ова во класата.**

**2. Повеќето христијански деноминации ја застапуваат небибliskата теорија за вродена бесмртност на душата заедно со сите други теории поврзани со неа. Што друго би можеле ние како црква да направиме (покрај тоа што веќе го правиме) за да му го објавиме на светот библискиот поглед на смртта и задгробниот живот?**

**3. Иако станува збор за обична фикција, поемата на Данте, Божествена комедија, стана многу влијателна, придонесувајќи лажните учења за тоа што се случува со „душата“ по смртта цврсто да се всадат во човечкиот ум. Кои поуки можеме да ги извлечеме во врска со тоа колку лесно христијанската теологија може да биде под влијание на надворешните учења? Кои други нехристијански идеи влијаат на христијанската мисла дури и денес, и како можеме да се заштитиме од нив?**

**Лекција 11**
**Од 3 до 9 декември 2022**

# ИЗМАМИТЕ НА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 7,21-27; Јован 11,40-44; 1. Петрово 3,18; 1. Самоилова 28,3-25; Ефесјаните 6,10-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И не е за чудење! Па и самиот сатана се преправа во ангел на светлината; па затоа и не е големо нешто ако и служителите негови се преправаат како слуги на правдата; но нивниот крај ќе им биде според делата нивни“ (2. Коринќаните 11,14.15).**

Нашиот современ свет стана зовриен котел од сето натприродно и мистично, за што во голема мера придонесува Холивуд, кој не бега од снимање филмови на тема религија и мистицизам, правејќи од тоа вистинска турли-тава од секакви измами и заблуди. Старата лага, „Нема да умрете“ (1. Мојсеева 3,4), исто така послужила како инспирација за некои од најчитаните книги и најгледаните филмови на претходната деценија, како и за многу популарни видеоигрички. Неспорно е дека се наоѓаме на маѓепсан сатански терен, кој може да се појави во безброј облици, а во некои случаи дури може да биде скриено и под превезот на науката.

Еден од најизмамните феномени е она што се нарекува „искуства на блиска смрт“ (ИБС), при што оние што „умреле“ се враќаат во живот со приказни за задгробен живот. Многумина на овие настани гледаат како доказ за бесмртност на душата!

Во текот на оваа седмица ќе разгледаме некои од измамите на последното време, вклучувајќи го и мистицизмот, искуствата блиски до смрт, реинкарнацијата, некромантијата, обожавањето на предците и други. Тоа се опасни појави за кои треба да бидеме свесни, но без да се изложуваме на нивно влијание.

## МИСТИЦИЗАМ

Нашиот свет е преплавен со силни бранови на мистицизмот. „Мистицизам“ е сложен термин кој опфаќа огромна разновидност на идеи. Од религиозна перспектива, тој збор подразбира соединување на поединецот со Божественото или со Апсолутното во некакво духовно искуство или транс. Ова е карактеристично за богослужбеното искуство дури и на одредени цркви. Феномените можат да се разликуваат по форма и интензитет, но секогаш постои тенденција авторитетот на Божјиот пишан збор да се замени со сопствени субјективни искуства. Во секој случај, Библијата губи голем дел од својата доктринарна улога, а христијанинот останува подложен на влијанието на своите искуства. Таквата субјективна религија не обезбедува заштита од каква било измама, особено не од измамите на последното време.

**Прочитајте го текстот Матеј 7,21-27. Во светлината на зборовите на самиот Исус, што значи да ја градиш својата духовна куќа „на камен“, а што „на песок“?**

---

Во постмодерниот христијански свет, постои силна тенденција да се минимизира важноста на библиските учења, гледајќи ги притоа како заморен одек на една застарена форма на религија. Во тој процес, Христовите учења вештачки се заменуваат со Христовата личност – при што се тврди, на пример, дека овој или оној библиски извештај не може да биде вистинит затоа што Исус, како што тие го доживуваат, никогаш не би дозволил тоа да се случи онака како што е напишано. Личните чувства и вкусови на крајот стануваат критериуми за толкување на Светото писмо, па дури и за целосно отфрлање на она што јасно го учи Библијата, особено кога станува збор за послушноста кон Бога, што, според Исусовите зборови, е толку важно за да можеме нашата куќа да ја изградиме на камен.

Оние кои мислат дека не е важно во што веруваат во поглед на доктрината, сѐ додека веруваат во Исуса Христа, се наоѓаат на опасен терен. Дури и римските инквизитори, кои осудиле безброј протестанти на смрт, верувале во Исуса Христа. Во Него верувале и оние кои „истерувале ѓаволи“ во Христово име (Матеј 7,22). „Тврдењето дека не е важно луѓето во што веруваат е една од најуспешните заблуди на сатаната. Тој знае дека вистината, ако е прифатена со љубов, ја посветува душата на оној што ја прифаќа; затоа секогаш се обидува вистината да ја замени со лажни теории, со прикаски – со друго евангелие“ (Е. Вајт, *Големата борба,* стр. 520 ориг.).

**Како можеме да се бориме против таа типична човечка склоност да им дозволуваме на нашите емоции и желби да нѐ наведат на дела спротивни на Божјата реч?**

# ИСКУСТВА БЛИСКИ ДО СМРТТА

Некои од најпопуларните современи аргументи со кои се „докажува" теоријата за вродена бесмртност на душата се „искуствата блиски до смртта". Во својата книга *Живот по животот,* Рејмонд Муди ги изнесува резултатите од неговото петгодишно истражување на повеќе од сто луѓе кои доживеале „клиничка смрт", но биле вратени во живот. Овие поединци тврдат дека виделе некое љубезно и срдечно светлосно битие пред да се вратат во живот. Се смета дека тоа претставува „возбудлив доказ за опстојување на човечкиот дух по смртта" (коментар на задната страна на книгата). Со текот на годините, биле објавени многу слични дела, промовирајќи ја истата идеја. (Видете ја 2. лекција).

**Прочитајте ги извештаите за воскресението во следните текстови: 1. Царевите 17,22-24; 2. Царевите 4,34-37; Марко 5,41-43; Лука 7,14-17 и Јован 11,40-44. Колкумина од нив зборуваат за какво и да е свесно постоење на мртвите пред воскресението, и зошто тој одговор е важен?**

---

Сите искуства блиски до смртта, пријавени во современата литература, се однесуваат на луѓе кои се сметале за клинички мртви, но не и навистина мртви, за разлика од Лазар, кој бил мртов четири дена и чиј труп почнал да се распаѓа (Јован 11,39). Меѓутоа, ниту Лазар, ниту некој од оние што воскреснале од мртвите во библиско време, никогаш не спомнал некакво задгробно искуство, било во Рајот, Чистилиштето или Пеколот. Тоа е, впрочем, „аргумент од тишина", но е во целосна согласност со библиското учење за несвесната состојба на мртвите!

Меѓутоа, што е со искуствата „блиски до смртта" за кои толку често се зборува денес? Ако го прифатиме библиското учење за несвесната состојба на мртвите (За Јов 3,11-13; Псалм 115,17; 146,4; Проповедник 9,10), тогаш ни остануваат две главни можности: или станува збор за природна психохемиска халуцинација во екстремни услови, или може да биде натприродно сатанско измамно искуство (2. Коринќаните 11,14). Сатанската измама навистина може да биде објаснување, особено затоа што во некои случаи тие луѓе тврдат дека разговарале со своите мртви роднини! Но, тоа може да биде и комбинација од двата фактора.

Бидејќи оваа измама е толку распространета и толку убедлива за мнозина, од најголема важност е цврсто да се држиме до учењата на Божјата реч, без оглед на сите искуства што ние самите или другите луѓе би можеле да ги имаат, а се во спротивност со она што го учи Библијата.

**Интересно е што овие „искуства блиску до смрт" сега често доаѓаат со посебно одобрение на „науката". Тогаш, колку треба да бидеме претпазливи дури и кон нешто што науката наводно го „докажува"?**

## РЕИНКАРНАЦИЈА

Паганскиот поим за бесмртна душа дава основа за небиблиската теорија за реинкарнација или преселување на душите. Таа теорија ја усвоиле некои големи светски религии. И додека повеќето христијани веруваат во постоењето на бесмртна душа, која останува во постојан рај или пекол по смртта, оние кои веруваат во реинкарнација веруваат дека таквата бесмртна душа минува низ многу циклуси на умирање и повторно раѓање овде на земјата.

Некои веруваат дека реинкарнацијата е процес на духовна еволуција што му овозможува на духот, на својот пат кон совршенство, да достигнува сè повисоки нивоа на знаење и морал. Хиндусите веруваат дека вечната душа поминува низ развојот на свеста, или „самсара“, во рамките на шест класи на живот: водни животни, растенија, влекачи и инсекти, птици, животни и човечки суштества, вклучувајќи ги и жителите на небото.
**Прочитајте ги текстовите Евреите 9,25-28 и 1. Петрово 3,18. Ако Исус умре „еднаш“ (Евреите 9,28, 1. Петрово 3,18), а сите луѓе исто така умираат само „еднаш“ (Евреите 9,27), зошто дури и некои таканаречени христијани веруваат во некаков облик на реинкарнација?**

---

Многумина не веруваат во она во што треба да веруваат, туку во она во што сакаат да веруваат. Ако некоја теорија им обезбедува егзистенцијален мир и утеха, за нив целата дискусија завршува тука. Но, за оние кои сериозно ја сфаќаат Библијата, прифаќањето на реинкарнација не доаѓа предвид.

Прво, таа теорија е во спротивност со библиските учења за смртноста на „душата“ и воскресението на телото (1. Солуњаните 4,13-18).

Второ, таа го го негира учењето за спасение засновано на благодатта преку вера како дел од откупителното дело на Исуса Христа (Ефесјаните 2,8-10) и го заменува со човечки дела.

Трето, оваа теорија е во спротивност со библиското учење дека вечната судбина на поединецот зависи од одлуките што тој ги носи во овој живот (Матеј 22,1-14; Матеј 25,31-46).

Четврто, таа теорија го намалува значењето и важноста на второто Христово доаѓање (Јован 14,1-3).

И петто, таа теорија им нуди на луѓето можност да ги надминат своите недостатоци дури и по смртта, а тоа е небиблиско учење (Евр. 9,27).

Накратко, во христијанската вера нема место за идејата за реинкарнација.

# НЕКРОМАНТИЈА И КУЛТОТ НА ПРЕДЦИТЕ

Зборот „некромантија“ доаѓа од грчките зборови *nekros* (мртов) и *manteia* (гатање). Практикувана уште од дамнешно време, некроманијата е облик на повикување на наводно активните духови на покојниците, со цел да се стекне знаење, често за идните настани. Од друга страна, култот на предците е обичај да се обожаваат починатите роднини, бидејќи тие сè уште се сметаат за членови на семејството, чии духови, како што се верува, можат да влијаат на она што се случува со живите. Тие пагански обичаи можат да бидат многу привлечни за луѓето кои веруваат во бесмртност на душата и за оние на кои им недостасуваат нивните мили и драги кои починале.

**Прочитајте го текстот 1. Самоилова 28,3-25. Какви духовни поуки против каков било обид за комуникација со мртвите можеме да извлечеме од искуството на Саул со вражарката од Ендор?**

---

Библијата многу јасно вели дека, во древната израелска теократија, сите спиритисти, медиуми, вражари и бајачи биле одвратни пред Господа и требало да бидат каменувани до смрт (3. Мојсеева 19,31; 3. Мојсеева 20,6.27; 5. Мојсеева 18, 9 -14). Во согласност со тој закон, Саул ги истребил сите гатачи и вражари од Израел (1. Самоилова 28,3.9).

Но, потоа, откако Господ го отфрлил, и тој самиот отишол во хананскиот град Ендор за да се распраша за една вражарка (1. Самоилова 28,6.7.15; споредете со Исус Навин 17,11; Псалм 83,10). Тој барал од неа да го повика покојниот пророк Самоил, кој наводно се појавил во некромантично привидение и разговарал со Саула (1. Самоилова 28,13-19). Лажниот дух, преправајќи се дека е Самоил, му рекол на Саула, „Утре ти и твоите синови ќе бидете со мене“ (1. Самоилова 28,19). Предвидувајќи ја смртта на Саул, овој лажлив дух, со самото тоа што го презел ликот на Самоил, наводно ја потврдил небиблиската теорија за вродената бесмртност на душата. Тоа била моќна измама, но Саул требало да постапи помудро и да не се вплеткува во она што претходно го осудил.

Повеќе од два века подоцна, пророкот Исаија напишал: „И кога ќе ви речат: ‘Обратете се кон оние, што извикуваат мртовци, и кон маѓесници, кон бајачи и оние што говорат од стомак, тогаш одговарајте: не треба ли народот да се обрнува кон својот Бог? Се прашуваат ли мртви за живи?’ Допрашајте се до законот и откровението! Ако некои речат дека не е така, тогаш за нив нема светлина“ (Исаија 8,19.20; исто и: Исаија 19,3).

**Колку често, особено кога сме под стрес, правиме нешто за кое знаеме дека е погрешно? Зошто верата, молитвата и послушноста кон Божјата реч се нашата единствена сигурна одбрана од самите нас?**

## ЛАЖНО ПРИКАЖУВАЊЕ НА МРТВИТЕ КАКО ДА СЕ ЖИВИ И ДРУГИ ПОЈАВИ

Слични на некроманијата се демонските „лажни прикажувања“ на мртвите и другите демонски појави. За време на тие лажни прикажувања, духовите можат да го попримат ликот на починат член на семејството, пријател или некој друг. Во исто време, физичкиот изглед и гласот многу потсетуваат на покојникот. Сите овие сатански измами ќе бидат искористени за да бидат заведени оние што не се цврсто втемелени во Божјата реч. Елена Вајт предупредува: „Овие лажни духови се јавуваат во вид на ‘апостоли’ кои му противречат на она што го пишувале апостолите вдахнати со Светиот Дух додека биле на земјата“ (*Големата борба,* стр. 557 ориг.). Таа потоа додава: „Во завршниот чин на големата измама, лично сатаната ќе се прикаже како Христос“ (*Големата борба*, стр. 624 ориг.).

**Прочитајте 2. Коринќаните 11,14-15 и Ефесјаните 6,10-18. Што би требало да биде наша заштита од таквите демонски измами?**

---

Апостол Павле нè предупредува дека „нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“ (Ефесјаните 6,12). Од овие измами можеме да се заштитиме само ако го облечеме „сето оружје Божјо“ (Ефесјаните 6,13) опишано во Ефесјаните 6,13-18.

Сатанските лажни прикажувања на умрените како да се живи и други појави можат да бидат многу застрашувачки и измамливи, но не можат да ги заведат оние што се под Божја заштита и кои се втемелени на Божјата реч. Од доктринална гледна точка, оние кои веруваат во библиското учење за условна бесмртност на луѓето знаат дека секое појавување на „мртвите“ или комуникација со нив има сатанско потекло и мора да бидат отфрлени со дејствувањето на Божјата моќна благодат. И повторно, колку и да изгледаат моќни, убедливи и навидум реални овие појави, ние секогаш мораме цврсто да се држиме до учењето дека мртвите спијат во гробовите.

Меѓутоа, замислете да изгубите некој сакан близок, а потоа истата личност наводно да се појави пред вас и да ви каже дека ве сака и дека многу ѝ недостигате. Да ви раскажува нешто што само таа може да го знае. А уште вели и дека сега е на подобро место. Размислете колку лесно би можел да падне на таа измама некој што не е целосно утврден во она што го учи Библијата за состојбата на мртвите. Особено затоа што луѓето понекогаш сакаат да веруваат во тоа.

**Што значи да се облече „сето оружје Божјо“? Како ние, во секојдневна практична смисла, го правиме тоа во секоја област од нашиот живот, не само кога се соочуваме со измамите на последното време?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Еванѓелизам* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов: „Лажни теории, култови и тајни друштва“, стр. 602-609 ориг.. Ако сте во можност, прочитајте го и поглавјето: „Spiritism“, стр. 86-93 во книгата *Confrontation*.

Една фондација објавила дека работи на технологија која ќе ни овозможи да контактираме со починатите „преку пораки, телефонски повици и видеоконференции“. Нарекувајќи ги мртвите PMO (постматеријални лица), членовите на фондацијата тврдат на нивната веб-страница дека по смртта луѓето едноставно преминуваат „во друга фаза на вечноста“, но „ја задржуваат свеста, идентитетот и основните аспекти на нивниот претходен физички изглед“. А сега тие, наводно, развиваат, во три фази, технологија која ќе овозможи комуникација меѓу материјалните и постматеријалните лица.

Првата фаза ќе „овозможи испраќање пораки и допишување со постматеријалните членови на семејството, пријателите и експертите од сите области“. Втората фаза би требало да „ни овозможи разговор со драгите луѓе кои живеат на другата страна на вечноста. А третата фаза, како што велат, ќе ни овозможи „да ги слушнеме и видиме оние кои го доживуваат ова поле на неограничени можности од другата страна“.

Она што посебно застрашува е начинот на кој тие тестираат дали мртвите со кои стапуваат во контакт се навистина оние што велат дека се. „На пример“, се вели на веб-страницата, „ожалостен родител може да го постави следново прашање на синот или ќерката што починале: „Дали имаше куче по име Снупи кога беше дете? Дали ти подаривме џебно ноже за твојот десетти роденден?“ Интересно е да се согледа сето ова во светлината на следното предупредување: „Понекогаш на луѓето им се јавуваат духовни суштества во вид на нивните умрени пријатели и роднини и им раскажуваат настани што се поврзани со нивниот живот, или имитираат некои постапки кои на покојниците им биле својствени во текот на животот“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 684 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Користејќи го изговорот дека тоа е културно прифатливо, многу христијани следат сè што промовираат медиумите. Меѓутоа, кои библиски принципи треба да го водат нашиот однос спрема медиумите, особено кога тие отворено промовираат ставови за кои знаеме дека се погрешни и измамливи (види Псалм 101,1-8; Мудри изреки 4,23; Филипјаните 4,8)?**

**2. Како можеме да им помогнеме на другите да ги надминат сатанските измами на последното време без самите ние да потпаднеме под нивното заводливо влијание?**

**3. Во тоа како „Самоил“ бил повикан од гробот, многу христијани гледаат библиски доказ дека мртвите продолжуваат да живеат. Како тој извештај ни покажува дека не можеме да се потпреме само на еден текст или настан за да се утврди една доктрина, туку мораме да разгледаме сè што вели Библијата за одредена тема?**

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Лекција 12**
**Од 10 до 16 декември 2022**

# БИБЛИСКИ ПОГЛЕД НА СВЕТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Лука 2,52; Матеј 4,23; 1. Коринќаните 6,19.20; Псалм 24,3.4; Дела 8,4-24; 1. Јованово 3,1-3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сè, и целиот ваш дух и душата и телото да се запазат без порок за доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос!“ (1. Солуњаните 5,23).**

Книгата Откровение зборува за две главни „глобализации“ кои ќе му претходат на Второто доаѓање на Исуса Христа. Тринаесеттата глава од Откровението ја опишува глобализацијата на лагите, кога „целата земја“ ќе се зачуди и ќе му се поклони на ѕверот од морето (Откровение 13,3.7. 8.12.16). Четиринаесеттата глава ја нагласува глобализацијата на вистината, кога „вечното евангелие“ ќе му се проповеда на „секое племе и јазик и племе и народ“ (Откровение 14,6.7). За време на тие „тешки времиња“ (2. Тимотеј 3,1), ќе дува „секој ветар на лажните учења“ (Ефесјаните 4,14), а луѓето ќе ги оттргнат своите „тие ќе го одвратат слухот свој од вистината и ќе се свртат кон бајки“ (2. Тимотеј 4,4). „Со две големи заблуди, со заблудата за бесмртност на душата и со заблудата за празнување на неделата, сатаната ќе успее да ги прелаже луѓето. Додека првата заблуда поставува темели за спиритизмот, втората создава врска на пријателство со Рим“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 588 оригинал).

Сè додека не се случат тие завршни настани, ние мора да останеме цврсто во нашето верување во сета вистина што ја имаме, а која ја вклучува и природата на човекот и природата на смртта. Ние, исто така, мора да бараме да бидеме водени од Светиот Дух, со цел да се подготвиме за славното Христово враќање.

## ИСУС КАКО ПРИМЕР

**Прочитајте го текстот Лука 2,52. Кои четири димензии на Исусовиот раст се споменуваат во тој стих?**

---

Исус бил совршено човечко суштество, а Неговиот раст ги опфаќал сите основни димензии на човековото постоење. Според Лука 2,52, „Исус, пак, напредуваше во мудроста (ментално) и во растењето (физички) и во милост кај Бога (духовно) и кај луѓето (социјално)“. „Бил жив и со прониклив ум, а неговата разборитост и мудрост ги надминувале неговите години. Неговиот карактер бил урамнотежен и хармоничен. Силите на неговиот ум и тело се развивале постепено во согласност со законите на детството. Како дете, Исус се одликувал со исклучително привлечна природа. Неговите услужливи раце секогаш биле подготвени да им послужат на другите. Тој покажувал непоколеблива стрпливост и вистинољубивост која никогаш не би ја жртвувала чесноста. Во начелата цврст како карпа, неговиот живот откривал особина на несебична љубезност“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 68, 69 оригинал).

**Прочитајте го текстот Матеј 4,23. Како можеме ние денес успешно да ја извршуваме тројната Исусова служба – поучување, проповедање и исцелување?**

---

Ако прифатиме дека човечкото суштество е единствена и неделива личност, тогаш не можеме да ја ограничиме нашата религија само на духовни прашања. Всушност, вистината го опфаќа целокупното наше битие, го покрива сиот наш животен век и ги вклучува сите димензии на нашиот живот. Нашите физички и духовни елементи се толку силно соединети, што навистина не можат да се разделат. И иако ние, како паднати суштества, никогаш не можеме да се изедначиме со тоа како е прикажан Исус овде, со Божјата благодат треба да се угледаме на Него, зашто „да се обнови во човекот ликот на неговиот Создател, да се врати во состојбата на првично совршенство, да се поттикне развојот на неговото тело, умот и душата“ (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр . 15,16 оригинал) – тоа е делото на откупување. Ова е она што Бог сака да го направи во Својот народ како дел од процесот на подготовката за Неговото враќање.

**Ако се споредиме себеси со Исуса, таа разлика лесно може да нè обесхрабри. Тогаш како сосредоточеноста на крстот и сето она што тој го подразбира, нè штити од обесхрабрување, особено кога она што го гледаме во себе го споредуваме со она што го гледаме во Исуса?**

# ТЕЛОТО КАКО ХРАМ

Дуалистичката теорија за смртно тело со бесмртна душа довела до различни верувања за човечкото тело. На пример, за древните грчки филозофи, човечкото тело било затвор на душата, која се ослободувала при смртта. Како ехо на тоа паганско разбирање, многу христијани денес веруваат дека телото е само привремено живеалиште на бесмртната душа, која повторно ќе се соедини со телото при воскресението. Спротивно на тоа, пантеистите го сметаат човечкото тело за божествено. Тие веруваат дека Бог и вселената се едно исто. За нив сѐ е Бог, а човечкото тело е само дел од единствената, обединета, универзална божествена творба. И така, наспроти сите овие спротивставени теории на оваа тема, ние мора да останеме цврсто на она што го учи Библијата за природата на човекот.

**Прочитајте ги текстовите 1. Коринќаните 6,19.20 и 1. Коринќаните 10,31. Како сфаќањето дека нашето тело е „црква на Светиот Дух“ може да изврши позитивно влијание врз нашиот начин на живот?**

---

И Адам и Ева биле создадени според Божјиот лик (1. Мојсеева 1,26.27), што се одразило не само на нивниот карактер, туку и на физичкиот аспект на нивното битие. И бидејќи тој лик е нарушен, па дури и скриен поради присуството на гревот, делото на откупување е човечките суштества да се вратат во нивната првобитна состојба, што го вклучува и нивното физичко здравје, до степен до кој тоа е можно за суштествата кои не се во можност да јадат од дрвото на животот.

Тоа обновување е животен процес кој ќе заврши дури со второто Христово доаѓање, кога расадливото ќе стане нераспадливо, а она што е смртно ќе стане бесмртно (1. Коринќаните 15,53.54).

Апостол Јован му напишал на својот пријател Гај: „Возљубен, се молам да бидеш здрав и во сѐ да ти биде добро, како што и е добро на душата твоја“ (3. Јованово 1,2).

Ако прифатиме дека човечкото суштество е неделива целина, а дека религијата ги опфаќа сите аспекти на човечкиот живот, тогаш треба да го сметаме и нашето физичко здравје како верска обврска. Треба да се водиме од вдахновеното начело: „И така било да јадете, или да пиете, или нешто друго да правите, сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринќаните 10,31). Но, да имаме на ум дека сѐ уште живееме во свет во кој, и покрај нашите сесрдни напори, дури и добрите луѓе сепак ги трпат последиците од грешната човечка природа и грешното окружение. Затоа, треба да се надеваме на Бога и да го дадеме најдоброто од себе, а резултатите да му ги ги препуштиме Нему.

## УМ ХРИСТОВ

Некои луѓе сметаат дека менувајќи ја средината, поединецот може значително да се промени. И навистина, ние секако треба да ги избегнуваме местата и околностите во кои би можеле да бидеме изложени на искушенија (Псалм 1,1; Мудри изреки 5,1-8). Меѓутоа, нашиот проблем со искушението и гревот може да се реши само со преобразување на нашето срце (односно умот). Христос ја допрел самата суштина на тој проблем велејќи дека „однатре, од срцето човечко, излегуваат лоши помисли, прељубодејства, блудства, убиства, кражби, лакомства, лукавства, пакости, злоби, око завидливо, богохулство, гордост, безумство“ (Марко 7,21.22). Ова значи дека најпрво треба нашиот ум да се преобрази за да може да се промени и нашето однесување.

**Прочитајте: 1. Коринќаните 2,16; Псалм 24,3.4; Римјаните 12,2; Филипјаните 4,8; Колошаните 3,2. Што значи да се има „ум Христов“?**

---

Господ ветил дека, во рамките на „новиот завет“, Тој ќе го стави законот во умот на припадниците на својот народ и ќе го запише во нивните срца (Еремија 31,31-33; спореди со: Евреите 8,8-10; Евреите 10,16). Затоа, не е никакво чудо што во Проповедта на горатa Христос го проширил и го продлабочил значењето на Божјите заповеди, сè до ниво на мисли и побуди (види Матеј 5,17-48). Според тоа, ние можеме да извојуваме победа над искушението само со Божјата благодат која преобразува и можеме, на ниво на мисли и побуди, да се повикаме на тоа ветување за да ги запреме грешните мисли.

Меѓутоа, ние ќе имаме грешна природа сè додека не дојде Исус. Но, ако сме во Христа, тогаш сме целосно покриени со Неговата праведност. Иако сè уште не сме совршени, уште сега се сметаме за совршени во Него (Филипјаните 3,12-15). „Кога сме соединети со Христа, ние го имаме Христовиот ум. Чистотата и љубовта се огледуваат во карактерот, а кротоста и вистината управуваат со животот. Дури и самиот израз на нашето лице се менува. Христос, кој живее во душата, има моќ да преобрази, така што нашиот надворешен изглед сведочи за мирот и радоста што владеат во нас самите“ (Елена Г. Вајт, *Selected Messages,* книга 1, стр. 337).

Таква преобразба во нашиот живот можеме да доживееме само со секојдневно предавање, со секојдневно умирање за себе, со секојдневни решителни напори направени со вера да му бидеме послушни на Исуса.

**Замислете како би изгледал вашиот живот кога би можеле да ги запрете дури и грешните мисли. Колку поинаков би бил вашиот живот? Кој е единствениот можен начин тоа да стане наше искуство?**

## ВОДСТВОТО НА ДУХОТ

Светиот Дух е Божјиот моќен Претставник, кој ја излева Божјата љубов во нашите срца (Римјаните 5,5), нè води кон вистинското спасоносно искуство (Јован 16,7-11), нè упатува во сета вистина (Јован 16,13) и нè оспособува да го исполниме евангелскиот налог (Дела 1,8). Бидејќи Светиот Дух е тој што се спротивставува на разорното дејствување на сатаната, не е ни чудо што сатаната се служи со сите средства за да го изврти нашето разбирање за природата и дејствувањето на Светиот Дух. И така, додека некои ја негираат Неговата личност, други претерано ги нагласуваат даровите на Духот, во однос на Неговата моќ да нè преобрази.

**Прочитајте Дела 8,4-24. Симон вражарот од Самарија сакал да ги прими даровите на Светиот Дух без самиот да биде обновен од Дух. На кој начин овој ист став се манифестира и во нашево време?**

---

Божји деца се оние кои се упатени од Светиот Дух (Римјаните 8,14) во сите вистини на Божјата реч (Јован 16,13; Јован 17,17). Исус нè предупредил многу јасно: „Не секој што Ми вели:‚Господи, Господи‘, ќе влезе во царството небесно, туку оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен. Мнозина ќе Ми речат во оној ден‚Господи, Господи, нели во Твое име пророкувавме? И зар во Твое име демони не изгонувавме? И нели во Твое име многу чуда правевме?‘ И тогаш Јас ќе им кажам:‚Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мене вие што правите незаконски дела!‘“ (Матеј 7,21-23). Ова значи дека Светиот Дух никогаш не води некого без Божјото слово – кое Тој лично го вдахнал – и секогаш нè доведува во хармонија со Словото.

Истиот Свети Дух кој нè упатува на сета вистина, нè оспособува да ги водиме и другите кон истата чудесна вистина (Матеј 28,18-20; Дела 1,8). И додека ја исполнуваме нашата света мисија, примаме Негова посебна помош. Затоа мораме, од утро во утро, да клекнуваме пред Господа и да го обновуваме нашиот завет на посветување кон Него. Ако го правиме тоа, Тој ќе ни го дава присуството на Својот Дух, со Неговата оживувачка сила, сила која посветува.

Меѓутоа, мораме да бидеме отворени за Неговото водство така што секојдневно ќе донесуваме свесна одлука да го правиме она што знаеме дека е правилно и да го избегнуваме она што знаеме дека е погрешно. Односно, само ако настојуваме да живееме онака како што треба, во силата што ни ја дал Бог, ќе бидеме отворени да ја примиме во нашиот живот силата на Светиот Дух што Бог ни ја ветил.

**Зошто е толку важно, од утро во утро, да се отвораме за водството на Светиот Дух во нашиот живот преку молитва?**

# ПОДГОТВЕНИ ЗА НЕГОВОТО ДОАЃАЊЕ

Живееме во безумен свет со премногу вештачки потреби и наметливи понуди кои ни го одвлекуваат вниманието. Ако не сме внимателни, тоа може да ни одземе премногу од нашето време и да ги наруши нашите приоритети. Но, не станува збор само уште една несакана нуспојава на нашиот глобализиран сајбер свет. Христијаните во секое време, до оваа или онаа мера, морале да се чуваат од обидите на сатаната да ги одврати од она што е навистина важно во животот.

Кому не му се заканува опасност да ги одврати очите од Господа од чисто невнимание и да се занимава со она што е световно, телесно, на она што, во суштина, не може да нè задоволи и што, на крајот, може да доведе до наша духовна пропаст?

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Петрово 3,14 и 1. Јованово 3,1-3. Која разлика ја забележувате меѓу *подготовката* за Второто доаѓање и *подготвеноста* за тој славен настан?**

---

Идејата за ***постојана подготовка*** за Второто доаѓање често станува изговор за одолговлекување. Тоа лесно може да го наведе човекот премногу да се опушти, размислувајќи како лошиот слуга: „Господарот мој уште за долго време нема да дојде“ (Матеј 24,48).

**Прочитајте: Псалм 95,7.8; Евреите 3,7.8.15; Евреите 4,7. Што ни кажуваат овие стихови за потребата да бидеме подготвени токму сега?**

---

Од библиска перспектива, времето на спасението е секогаш „денес“, никогаш утре (видете: Псалм 95,7.8; Евреите 3,7.8.15; 4,7). Уште повеќе, ако не минеме низ некое позначајно искуство на обратување, ние и понатаму ќе останеме вакви какви што сме сега. Времето само по себе нема да ги промени необратените. Напротив, ако човек не доживува постојано растење во благодатта и напредување во верата, тој ќе биде склон да отпадне, да стане закоравен, скептичен, циничен, па дури и неверник.

Гледано од тој агол, би можеле да кажеме дека секој ден од нашиот живот е всушност наш живот во мало. Затоа, плановите иднината треба да ги правиме според Божјата благодат, но секој ден да живееме подготвени за Исусовото враќање – особено затоа што, со оглед на непредвидливоста на случувањата во овој живот, денес би можел да биде нашиот последен ден на оваа земја.

**Како можете уште денес бидете подготвени за Исусовото враќање, во случај Тој да се врати денес? Разговарајте за вашиот одговор во саботношколската класа.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го поглавјето со наслов „Исцелување на умот“, стр. 241-259 од книгата *Во потрага по подобар живот* од Елена Г. Вајт. Ако имате можност, прочитајте го и поглавјето „True and False Theories Contrasted“, стр. 7–16, во книгата *The Sanctified Life* од истиот автор.

„Големата борба се приближува кон својот крај. Секој извештај за несреќа на море или на копно сведочи за фактот дека крајот на сè е близу. Војните и гласовите за војни го објавуваат тоа. Има ли некој христијанин чие срце не чука посилно при помислата на големите настани што се случуваат пред нас? Господ доаѓа. Слушаме како чекорите на Бога како се приближуваат“ (Елена Г. Вајт, *Маранатā,* стр. 220 оригинал).

„Живејте живот на вера од ден на ден. Не грижете се и не се вознемирувајте поради времето на неволји, и со тоа да го повикувате тоа време однапред. Немојте постојано да мислите: ‚Се плашам дека нема да можам да издржам во денот на големо искушение›. Треба да живеете во сегашноста, само за овој ден. Утре не е ваше. Денес мора да извојувате победа над себеси. Денес треба да живеете живот исполнет со молитва. Денес треба да се борите во добрата борба на верата. Денес треба да верувате дека Бог ве благословува. И додека стекнувате победа над темнината и неверувањето, ќе ги исполните барањата на Учителот и ќе станете благослов за луѓето околу вас“ (E. G. White, *Signs of the Times*, October 20, 1887).

„Господ ќе дојде наскоро и ние мора да бидеме подготвени да го дочекаме во мир. Да вложиме решителни напори и да направиме сè што е во наша моќ да им ја пренесеме светлината на луѓето околу нас. Не треба да бидеме тажни, туку весели, и секогаш да го имаме Господа Исус пред себе... Мораме да бидеме подготвени и да го чекаме Неговото доаѓање. О, колку ќе биде величествено кога ќе Го здогледаме и ќе го слушнеме повикот како Негови откупени! Долго чекаме, но нашата вера не смее да ослаби. Кога би можеле да го видиме Царот во Неговата убавина, би биле благословени засекогаш. Чувствувам потреба да викам гласно: 'Одиме дома!' Наближува времето кога Христос ќе дојде со сила и голема слава, да ги одведе своите откупени во нивниот вечен дом“ (E. White, *Heaven,* pp. 165, 166).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како може сфаќањето на личноста – телото, душата и духот – како неделива целина, да ни помогне подобро да ја разбереме сеопфатноста на религијата и важноста на нашиот личен начин на живот?**

**2. Сите вистински будења и реформи се теоцентрични (сосредоточени на Бога), а никогаш антропоцентрични (засновани на човековото однесување). На кој начин параболата за фарисејот и цариникот (видете го текстот Лука 18,9-14) го илустрира ова начело?**

**3. Разговарајте во класата за вашиот одговор на последното прашање од проучувањето предвидено за четврток. Како можете да знаете дали сте подготвени и можете ли во тој поглед да чувствувате сигурност без дрска самоувереност?**

**Лекција 13**
**Од 17 до 23 декември 2022**

# СУДСКИ ПРОЦЕС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 25,31-46; Даниел 7,9-14; 1. Коринќаните 6,2.3; 2. Петрово 2,4-6; Малахија 4,1; Откровение 21,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто сите ние треба да се јавиме пред Христовиот суд. Та секој да прими што заслужил, според она што го извршил во телото свое, било добро или зло“ (2. Коринќаните 5,10).**

Ако постои нешто за кое Светото писмо потполно јасно зборува, тоа е реалноста на судот. Бог ќе му суди на светот. Текстовите што го потврдуваат тоа, и во Стариот и во Новиот Завет, многубројни се и недвосмислени. Правдата, која толку многу ни недостасува овде и сега, еден ден ќе се оствари.

Библијата тврди дека Бог е „Најсовршениот во секое знаење“ (Книгата за Јов 37,16) и дека Тој „знае сè“ (1. Јованово 3,20), вклучувајќи ги и нашите најскриени намери (Проповедник 12,14 ; Еремија 17,10). Можеме да се криеме од кого било и од што било друго, но ништо не е скриено пред Бога.

Она што го подразбира овој факт е дека Нему не му треба суд за сам за себе да го разоткрие животот на секој поединец. Божествените судови се, всушност, божествено усогласување, спроведено во полза на Неговите созданија, и на небото и на земјата. Тоа е процес од космичко-историска природа, бидејќи Луцифер го започнал својот бунт на небото, а потоа го раширил на овој свет (Откровение 12,7-9).

Во текот на оваа седмица ќе го разгледаме судскиот процес на крајот на времето со неговите три главни етапи: предадвентен суд, милениумски суд и извршен суд. Целиот овој процес завршува со потврдување на оправданоста за заслужената втора смрт на злите.

# КОНЕЧНИОТ СУД

За многумина, идејата за судот подразбира осуда. И иако тоа е навистина дел од процесот, не смееме да заборавиме дека идејата за судот има и своја позитивна страна, во смисла дека судот го опфаќа и оправдувањето на невините. Така, кога во книгата на пророк Даниел се вели: „Судот беше даден на светиите од Севишниот“, тоа всушност значи дека судот ќе се случи на крајот на времето во корист на светите (Данило 7,22). Според тоа, Божјиот суд ги вклучува и двата елемента – а тоа е принципот што го наоѓаме во овој старозаветен стих: „Тогаш сослушај ги од небото и дејствувај, донеси суд над Своите слуги, обвини го виновниот, стоварувајќи му ја врз главата негова постапката негова, и оправдај го правиот, давајќи му според неговата праведност.“ (1. Царевите 8,32).

**Прочитајте ги текстовите Матеј 25,31-46 и Јован 5,21-29. На кој начин Христос укажува на принципот на истовремена осуда и оправдување за време на конечниот суд?**

Некои тврдат дека изразите „нема да биде суден“ (Јован 3,18) т.е „Нема да дојде на суд“ (Јован 5,24) значи дека оние што се во Христа нема воопшто да им се суди. Меѓутоа, овие изрази всушност значат дека на верните нема да бидат осудени на судот. Затоа, овие текстови треба да се сфатат во смисла на: „нема да биде суден“ (Јован 3,18) и „нема да дојде на суд“ (Јован 5,24).

Накратко, нашата судбина е одредена од нашиот сегашен живот. Оние кои се во Христа веќе им е обезбедено оправдување на судот, а оние кои не се во Христа остануваат под осуда. Опишувајќи го судот (Матеј 25,31-46), Христос не го спомнува само присуството на јарци (злите) туку и овци (праведните). А апостол Павле изрично тврди: „Зашто сите ние треба да се јавиме пред Христовиот суд. Та секој да прими што заслужил, според она што го извршил во телото свое, било добро или зло“ (2. Кор. 5,10).

Додека размислуваме за судот, треба да имаме на ум дека сме спасени по благодат (Исаија 55,1 ; Ефесјаните 2,8-10), оправдани со вера (1. Мојсеева 15,6; Римјаните 5,1), и дека ни се суди врз основа на делата (Проповедник 12,14; Матеј 25,31-46; Откровение 20,11-13). Основата на тој судски процес е Божјиот морален закон, сумиран во Десетте заповеди (Проповедник 12,13.14; Јаков 1,25; Јаков 2,8-17). Нашите дела се надворешен доказ за искреноста на нашето искуство на спасение и, соодветно на тоа, се предмет на процена во текот на судот.

Запомнете: не постои произволен декрет со кој Бог избира некои да бидат спасени, а други да бидат изгубени. Секој носи морална одговорност за сопствената судбина.

Конечно, судот не е време кога Бог одлучува дали ќе нè прифати или ќе нè отфрли, туку време кога Бог го потврдува нашиот избор – дали ние сме Го прифатиле или не – избор што видливо се пројавува преку нашите дела.

## ПРЕДАДВЕНТНИОТ СУД

Концептот на судот пред Христовото враќање, или, како што ние го нарекуваме, предадвентен суд, се наоѓа на многу места во Светото писмо.

**Прочитајте го следниве текстови: Даниел 7,9-14; Матеј 22,1-14 ; Откровение 11,1.18.19; 14,6.7. Како овие текстови го расветлуваат поимот предадвентен истражен суд во небесната судница? Кое е значењето на еден таков суд?**

---

---

Концептот за предадвентен истражен суд над Божјиот народ се заснова на три основни библиски учења.

Едното е дека сите мртви – праведни и неправедни – остануваат во своите гробови во несвесна состојба сѐ до конечното воскресение (Јован 5,25-29).

Второто е постоењето на сеопшт суд над сите луѓе (2. Коринќаните 5,10; Откровение 20,11-13).

Третото е фактот дека првото воскресение ќе биде блажена награда за сите праведни, додека второто воскресение ќе донесе вечна смрт на злите (Јован 5,28.29; Откровение 20,4-6.12-15).

А бидејќи на сите луѓе им се суди, тоа значи дека треба да им се суди пред воскресението, затоа што тие својата вечна награда ќе ја добијат при воскресението.

Книгата на пророк Даниел ни помага да го разбереме и времето и природата на предадвентниот суд. На крајот од 2300 симболични денови – 1844 година – требало да се очисти небесното светилиште (Даниел 8,14, споредете со Евреите 9,23) и да започне предадвентниот истражен суд (Даниел 7,9-14), што всушност се два различни начини за да се опише еден ист настан. И тој суд заседава „во полза на светиите од Севишниот“ (Даниел 7,22 NKJV). Затоа, тоа е добра вест за Божјиот народ.

Во текстот Матеј 22,1-14, Исус зборува за проверка на сватовите воопшто пред свадбената гозба воопшто да започне.

А во книгата Откровение, за предадвентниот истражен суд се зборува како мерење на оние „што се поклонуваат“ во Божјиот храм (Откровение 11,1) и објавување дека „настапи часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,6.7; споредете со текстот Откровение 14,14-16).

**Како би требало нашето знаење за судот на небото да влијае на тоа како живееме овде на земјата?**

## МИЛЕНИУМСКИОТ (ИЛЈАДАГОДИШЕН) СУД

Библијата ни кажува дека при Второто доаѓање (1) и живите свети и воскреснатите свети ќе бидат „грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господа во воздухот“ (1. Солуњаните 4,16.17); (2) сите свети ќе бидат однесени на небото, каде што ќе престојуваат во „живеалишта“ кои Исус лично ги подготвува за нив (Јован 14,1-3); а (3) дури на крајот на милениумот Новиот Ерусалим ќе се спушти на земјата за да стане вечен дом на светите (Откровение 21,1-3.9-11). И така, во текот на милениумот, додека на земјата владее пустош, светите ќе царуваат со Христа на небото (Еремија 4,23; Откровение 20,4).

**Прочитајте: 1. Коринќаните 6,2.3 и Откровение 20,4-6.11-13. Зошто светите треба да земат учество на илјадагодишниот суд?**

---

---

Целиот тој судски процес има за цел (1) да го одбрани Божјиот карактер од обвинувањата на сатаната, кој тврди дека Бог е неправеден во постапувањето кон своите созданија; (2) да се потврди непристрасноста во наградувањето на праведните; (3) да покаже дека злите се праведно казнети; и (4) да ги отфрли сите сомнежи кои би можеле да доведат до некаков нов бунт во вселената. Само небесните војски ќе учествуваат во предадвентното истражно судење на праведните (Даниел 7,9.10). Но, во илјадагодишното судење на злите луѓе и паднатите ангели, ќе бидат вклучени и самите праведници (1. Коринќаните 6,3; Јуда 1,6 ; Откровение 20,4-6).

Предадвентниот истражен суд започнал во 1844 година, кога „се поставија престоли... седнаа судиите и книгите се отворија“ (Даниел 7,9.10). Сепак, илјадагодишниот суд ќе започне дури кога светите ќе бидат вознесени на небото и поставени на престолите, по што судот ним ќе им биде доверен. Тогаш, уште еднаш, ќе се отворат небесните книги и „судени беа мртвите според запишаното во книгите, според делата нивни“ (Откровение 20,4.12). Тој процес ќе им даде можност на светите да ги прегледаат небесните извештаи и да се уверат во Божјото праведно постапување во секој од тие случаи. Тој нема само да ги награди и казни сите луѓе според она што го заслужуваат врз основа на нивните сопствени одлуки, туку и ќе им објасни зошто го прави тоа.

**Што ни кажува овој факт за Божјиот карактер, дека пред некој од изгубените да воскресне за да се соочи со втората смрт, спасените ќе бидат вклучени во судскиот процес, така што никој нема да биде казнет додека и ние самите не се увериме во Божјата праведност и чесност? Изнесете го вашиот одговор во вашата класа во сабота.**

## ИЗВРШНИОТ СУД

Во текот на средниот век постоела силна тенденција да се прикаже Бог како строг судија, секогаш подготвен да го казни престапникот. Денес, напротив, постои тенденција Тој да се опишува како благ и љубезен Татко, кој никогаш не ги казнува своите деца. Меѓутоа, љубовта без правда би се претворила во хаос и беззаконие, а правдата без љубов во насилство и брутално потчинување. Спротивно на тоа, Божјиот суд претставува совршена комбинација на правдата и милоста, при што и двете произлегуваат од Неговата безусловна љубов.

Извршниот суд е Божјата конечна и неотповиклива казнена интервенција во човечката историја. Некои други казнени интервенции, со ограничен обем, веќе се одиграле, на пример, за време на исфрлањето на сатаната и неговите побунети ангели од небото (Откр. 12,7-12), протерувањето на Адам и Ева од Рајската градина (1. Мој. 3), големиот Потоп (1. Мојсеева 6-8), уништувањето на Содом и Гомора (1. Мојсеева 19; Јуда 1,7), смртта на првородените во Египет (2. Мој. 11-12) и страдањето на Ананија и Сафира (Дела 5,1-11). Затоа не е ни чудо што извршната пресуда над злите ќе биде спроведена на крајот на човечката историја.

**Прочитајте ги текстовите 2. Петрово 2,4-6 и 2. Петрово 3,10-13. Како овие текстови ни помагаат да ја разбереме природата на конечниот извршен суд? Како тие ни укажуваат на довршувањето на казната, наспроти идејата дека таа трае бесконечно, што всушност би било изопачување на правдата, а не нејзин вистински израз?**

---

„Божјата добрина и воздржаност, Неговото трпение и милост кон Неговите созданија, нема да го спречат да го казни грешникот кој одбива да ги послуша Неговите барања. Не му доликува на човек – престапник на Божјиот свет закон, помилуван само благодарение на големата жртва што Бог ја принел давајќи го својот син да умре на место виновникот, бидејќи Неговиот закон е непроменлив – значи, не му доликува на човекот да му ја наметнува својата волја на Бога“ (Ellen G. White, *Manuscript Releases,* кн. 12, стр. 208).

Сѐ што можел да направи за да го спаси човештвото од вечната загуба, Бог направил, и тоа со голема лична жртва. Оние кои на крајот ќе бидат изгубени, сами донеле одлуки што ги довеле до тој несреќен завршеток. Едноставно, погрешно е тврдењето дека Божјиот суд над изгубените, па дури и уништувањето на изгубените (наместо вечно мачење), е во спротивност со карактерот на Бога, кој е полн со љубов. Божјата љубов, и само Божјата љубов, е таа што бара правда.

**Како самиот Крст нѐ учи за тоа што Бог бил подготвен да направи за да ги спаси сите оние што сакаат да бидат спасени?**

## ВТОРАТА СМРТ

Бог ја води човечката историја кон кулминација на крајот на времето. По завршување на милениумот, сите починати зли ќе бидат подигнати од гробовите за да им биде изречена последната пресуда (Откровение 20,5.11-15). Тогаш, кога ќе заврши целиот судски процес, и кога ништо не ќе може да се додаде на него, дури и злите ќе признаат дека Бог е праведен . „Имајќи ги пред очи сите факти на големата борба, целата вселена - како оние што му останале верни, така и оние што падналe – едногласно извикнува: 'Праведни и вистинити се твоите патишта, Цару на народите' (Откровение 15,3)! И самиот сатана е „прислен да ја признае Божјата праведност и да се поклони пред Христовата премоќ" (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 670, 671 оригинал).

**Прочитајте ги следните стихови: Малахија 4,1; Откровение 20,14.15; 21,8. Колку ефикасни ќе бидат „огненото езеро" и „втората смрт"?**

---

Конечното уништување на сатаната, на неговите ангели и сите зли луѓе ќе го исчисти универзумот од гревот и од неговите последици. Сепак, дури и тоа конечно уништување на злите е дело на Божјата љубов, не само кон светите, туку и кон самите зли. Бидејќи тие повеќе би сакале да умрат отколку да живеат во присуството на Бога, кој за гревот е „оган што изгорува" (Евреите 12,29).

„Тие (изгубените) би сакале да побегнат од ова свето место. Радо би прифатиле уништување само да можат да се скријат од лицето на Оној кој умрел да ги спаси. Судбината на грешниците е запечатена со нивниот личен избор. Нивното исклучување од небото е нивна самоволна одлука, а од страна на Бога праведна и милосрдна" (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 543 оригинал).

Според тоа, конечното уништување на гревот и грешниците – за разлика од небибліската теорија за нивно вечно мачење во пеколот – обезбедува праведна и соодветна казна за какво било зло што луѓето го направиле. Исто така, тоа потврдува дека гревот имал свој почеток и дека ќе има крај. Тогаш целата вселена ќе се врати во првобитното совршенство, пред гревот, злото и непослушноста да се појават необјасниво и без никакво оправдување.

Слава на Господа што Тој, како наш „праведен судија" (2. Тимотеј 4,8), ќе донесе правилна одлука да им даде бесмртност на праведните и вечна пропаст на злите.

**Зошто не би било правилно Бог да ги спаси сите на крајот? Зошто е тоа во суштина многу лоша идеја?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните поглавја во делата на Елена Г. Вајт : „Без свадбено руво“, стр. 307 - 319 (оригинал) во книгата *Христовите параболи*; „Пустошење на Земјата“, стр . 653 - 661 и „Големата борба е завршена“, стр . 662 - 673 (оригинал) во книгата *Големата борба*.

„На денот на конечниот суд секоја загубена душа ќе ја сфати природата на своето отфрлање на вистината. Ќе се покаже крстот, а неговото вистинско значење ќе го увиди секој ум што бил заслепен со престапот. Пред сцената на Голгота и на нејзината таинствена Жртва, грешниците ќе стојат осудени. Ќе биде отфрлен секој лажен изговор. Човечкиот отпад ќе се појави со својот ужасен карактер. Луѓето ќе видат што избрале. Секое прашање на вистината или заблудата во долгата борба ќе биде објаснето. Пред судот на вселената Бог ќе стои чист од вината за постоењето или траењето на злото. Ќе се покаже дека гревот не го предизвикале божествените прописи. Во Божјето владеење немало недостаток, немало никаква причина за незадоволство. Кога ќе се откријат помислите на секое срце, тогаш и верните и бунтовниците ќе се обединат во објавувањето: ‘Праведни и вистинити се патиштата твои, Цару на народите. Кој не ќе се бои од тебе, Господе, и не ќе го прослави твоето име?... зашто се покажаа твоите праведни судови’ (Откровение 15,3.4)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 58 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **„Ако се потпирате само на себеси и одбивате својата волја да му ја покорите на Бога, вие се определувате за смрт. За гревот, каде и да се наоѓа, Бог секогаш е оган што изгорува. Ако го изберете гревот и одбивате да се откажете од него, Божјата присутност која го уништува гревот, ќе ве уништи и вас“ (Елена Г. Вајт, *Мисли од Гората на блаженствата*, стр. 62 оригинал). Како тој цитат ни помага да ја разбереме природата на извршниот суд?**
2. **Разговарајте подетално за таа мисла (претставена на крајот од лекцијата за вторник) дека никој од изгубените нема да се соочи со својата конечна пресуда сè додека откупените не станат дел од тој судски процес. И повторно, што нè учи тоа за Божјата отвореност и транспарентност? Зошто таа транспарентност е толку важна за вселената во која владее љубовта?**
3. **На кој начин учеството на илјадагодишниот суд ќе може да им даде утеха на светите поради нивните најблиски кои ќе бидат изгубени?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 14**
**Од 24 до 30 декември 2022**

# СÈ НОВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2 . Петрово 3,13; Откровение 21,3.22; 1. Јованово 3,2.3; 1. Петрово 1,22; Исаија 25,8; Откровение 22,3-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Седнатиот на престолот рече: ‘Ете, сè ново создавам.’ И ми рече: ‘Напиши, зашто овие зборови се вистинити и верни’“ (Откровение 21,5).**

Светото писмо ни ја дава оваа надеж: „Но ние, според Неговото ветување, очекуваме ново небо и нова земја, на кои ќе се всели правда“ (2. Петрово 3,13).

За некои, пак, ветувањето за „ново небо и нова земја“ (Откровение 21, 1) изгледа како измислица, како приказна на оние кои се на власт и кои ја користат надежта во задгробниот живот за да ги задржат масите во покорност. А идејата е наводно следна: Иако ви е тешко во моментов, еден ден ќе добиете награда на небото, и слично.

И иако некои луѓе таа надеж во иднината, како што е претставена во Библијата, навистина ја користеле на таков начин, нивната злоупотреба не ја менува вистината кога станува збор за ветувањата што ги имаме во врска со новото небо и новата земја.

Во последните денови, исмејувачите ќе се потсмеваат на нашата блажена надеж (2. Петрово 3,3-7). Но, дури и нивниот потсмев, токму како што е проречено, може да се смета како дополнителен доказ дека она што го кажува Библијата е вистина, бидејќи тие се потсмеваат токму онака како што е кажано и објавено во неа.

Во текот на оваа седмица ќе размислуваме за славното ветување за новото небо и новата земја, а тоа ги вклучува небесниот храм, присуството на Бога, крајот на смртта и солзите – и, најпосле, конечниот триумф на Божјата љубов.

# НОВО НЕБО И НОВА ЗЕМЈА

За некои следбеници на грчката филозофија, самата помисла дека нешто е од физичка природа подразбира дека тоа е лошо. Затоа за нив е незамисливо во иднина да постои вистински рај со вистински луѓе. Според овој начин на размислување, за нешто да го претставува небото и да се смета за добро, тоа би требало да има чисто духовна природа, без дамките што се наоѓаат овде во физичкиот свет. Ако е нешто материјално, тврдат тие, не може да биде духовно; а ако нешто е духовно, не може да биде материјално. Спротивно на тоа, Библијата зборува за небото во конкретна смисла, но без ограничувањата што ги наметнува присуството на гревот.

**Прочитајте ги текстовите: Исаија 65,17-25 ; 66,22.23; 2. Петрово 3,13; Откровение 21,1-5 . Која е клучната порака на овие текстови?**

---

Книгата на пророкот Исаија дава интересен увид за тоа како би изгледала Земјата доколку Израел како народ останел верен на својот завет со Бога (Исаија 65,17-25; 66,22.23; споредете со 5. Мојсеева 28). Природното окружување, со своите различни облици на живот, би се развивало сѐ повеќе според првичниот Божји план, односно според планот што постоел пред појавата на гревот.

Меѓутоа, тој план не се остварил во согласност со очекувањата. Затоа е воспоставен нов план, но сега со црквата, составена од Евреи и незнабожци од сите народи (Матеј 28,18-20; 1. Петрово 2,9). Затоа пророштвата на Исаија мора повторно да се читаат, овој пат од перспектива на црквата (2. Петрово 3,13; Откровение 21,1-5) .

„Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина (Евреите 11,14-16). Таму небесниот Пастир своето стадо го води на извори на жива вода. Дрвото на животот носи плод секој месец, а неговите лисја служат за здравје на народот. Таму течат потоци кои вечно жуберкаат, бистри како кристал, на чиишто брегови се лелеат дрвја кои со своите сенки ги постилаат патеките што им ги приготвил Господ на откупените. Таму пространите рамнини прераснуваат во прекрасни брекчиња зад кои Божјите гори ги издигнуваат своите величествени врвови. На тие тивки полјани, покрај тие живи потоци, Божјиот народ, кој бил толку долго патник и поклоник, ќе најде своја татковина“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 675 оригинал) .

**Многу световни писатели, без надежта во вечноста како што е претставена во Светото писмо, се жалат на бесмисленоста на човековото постоење. Иако грешат во поглед на иднината, сепак, зошто е тешко да се негира нивното тврдење за бесмисленоста на животот кој би бил без идна надеж? Изнесете го вашиот одговор во класата во сабота.**

# ВО БОЖЈИОТ ХРАМ

Некои тврдат дека самото небото го претставува Божјото светилиште. Меѓутоа, книгата Откровение зборува за конкретно светилиште/храм во рамките на Новиот Ерусалим, каде што се наоѓаат Божјиот престол и стакленото море (Откровение 4,2-6 ; Откровение 7,9-15; Откровение 15,5-8). Таму големото мноштво свети „од сите племиња и колена, народи и јазици“, вечно ќе го слават Бога (Откровение 7,9-17).

**Споредете ги Откровение 7,9-15 и 21,3.22. Како можеме да го усогласиме описот на големото мноштво откупени кои му служат на Бога „во Неговиот храм и дење и ноќе“ (Откр. 7,15) со тврдењето на Јован во врска со Новиот Ерусалим: „Не видов црква во него“ (Откр. 21,22)?**

---

Небесното светилиште/храм отсекогаш било местото каде што небесните војски му се поклонуваат на Бога. Но, со појавата на гревот, тоа светилиште станало и место од каде што му се нуди спасение на човештвото. „Кога ќе заврши проблемот со гревот, на небесното светилиште ќе му биде вратена првобитната улога. Во текстот на Откровение 21,22, Јован известува дека не видел храм во градот, бидејќи неговиот храм е Семоќниот Господ Бог и Јагнето. Меѓутоа, дали тоа значи дека повеќе нема да има дом Господов каде што Неговите созданија ќе можат да доаѓаат за да уживаат во посебна заедница со Него? Во никој случај!“ (Richard M. Davidson, *„The Sanctuary: 'To Behold the Beauty of the Lord'“*, in Artur Stele, ed., The Word: Searching, Living, Teaching, vol.; 1 Silver Spring, MD: Biblical Research Institute, 2015, p. 31).

Книгата Откровение посебно внимание му посветува на Оној кому му се поклонуваат и на оние што Му се поклонуваат. Тоа небесно обожавање е сосредоточено на Бога и Јагнето (Откровение 5,13; Откровение 7,10). Како и секогаш, и како што би требало да биде, Христос е во центарот на богослужението.

А учесниците на тоа богослужение се оние „што дојдоа од големи маки; тие ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Јагнето“ (Откр. 7,14). Тие се живи сведоци на Божјата способност да откупи и преобрази. Тие му пеат пофалби на Бога за тоа кој е Тој и што направил за нив.

**Текстот Откровение 21,3 гласи: „И чув висок глас од небото како зборува: 'Ете го светиот шатор, светилиштето на Бога меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив - нивниот Бог'.“ (Еремија 32,38; Езекиел 37,27; Захарија 8,8; Евреите 8,10). Што значи за нас сега, додека сè уште сме на земјата, тоа што Бог е наш Бог и тоа што ние сме Негов народ? Како сега живееме во согласност со оваа неверојатна вистина?**

## ВО ПРИСУСТВО НА БОГА

Библијата вели дека Бог „живее во непристапна светлина“ (1. Тимотеј 6,16), и дека „Бога никој никогаш не Го видел“ (Јован 1,18; 1. Јованово 4,12). Дали ова значи дека светите на небото никогаш нема да го видат Бог Отецот? Не, не значи. Сосема е очигледно дека оваа изјава за неможноста да се види Бог се однесува на луѓето по Падот, бидејќи во Светото Писмо има неколку показатели дека светите навистина ќе Го видат на небото.

**Прочитајте: Матеј 5,8; 1. Јованово 3,2.3; Откровение 22,3.4. Што ни кажуваат овие текстови за врвната предност да го видиме Бога?**

---

Истиот апостол Јован кој изјавил дека „Бога никој никогаш не Го видел“ (Јован 1,18; 1. Јованово 4,12), исто така рекол дека „ќе го видиме каков што е“ (1. Јованово 3,2.3) и „ќе го гледаат лицето негово“ (Откровение 22,3,4). Спорна точка може да биде дали овие текстови се однесуваат на Бог Отецот или на Христа. Меѓутоа, сите сомнежи се отфрлаат во светлината на Христовата изјава,

„Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бога“ (Матеј 5,8). Каква привилегија ќе биде за откупените – да му се поклонат на Бога во Неговиот храм! Но, најголемата привилегија од сите ќе биде да гледаат Неговото лице.

„Божјиот народ ужива предимство на непосредна заедница со Отецот и со Синот. ‘Зашто сега гледаме како во огледало, загадочно’ (1. Коринќаните 13,12). Ние сега ја гледаме Божјата слика како на некое огледало: во делата на природата и во неговите постапки со луѓето; но тогаш ќе го видиме лице в лице, без црн превез меѓу нас. Ќе стоиме пред него и ќе го гледаме неговото лице“ (*Големата борба,* стр. 676, 677 ориг.).

Во текстовите што ги проучувавме денес, забележете ја поврзаноста меѓу чистотата и гледањето на Бога. „Чистите по срце“ ќе го видат Бога; оној што ќе го види Бога „се очистува самиот себе, како што е чист Тој“ (1. Јованово 3,3). Овие стихови откриваат дека Бог сега мора да изврши одредено дело во нас за да нè подготви за небото.

Иако, на крајот на краиштата, нашето право на небото е обезбедено со Исусовата смрт, сепак овде и сега ќе мораме да поминеме низ процесот на чистење, што ќе ни помогне да се подготвиме за нашиот вечен дом. А она што е пресудно во процесот на очистување е послушноста кон Неговото Слово.

**Прочитајте го текстот од 1. Петрово 1,22. Како овој текст ни ја открива врската меѓу послушноста и очистувањето? Што е тоа во врска со послушноста што нè прочистува? Според Петровите зборови, како конкретно ќе се покаже нашата послушност?**

## НЕМА ДА ИМА ВЕЌЕ СМРТ И СОЛЗИ

Учењата за бесмртноста на душата и за вечното мачење во пеколниот оган се во спротивност со библиското учење дека на новото небо и новата земја „смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот“ (Откровение 21,4). Кога би била вистинита теоријата за пекол што вечно гори, тогаш „втората смрт“ не би го искоренила гревот и грешниците од вселената, туку само ќе ги затвори во вечен пекол на маки и плач. И уште повеќе, во тој случај, вселената никогаш не би била обновена до своето првобитно совршенство. Но, благодарност на Господа што Библијата дава една сосема поинаква слика!

**Прочитајте ги следните текстови: Исаија 25,8; Откровение 7,17; Откровение 21,4. Каква утеха и надеж можат да ни дадат овие текстови среде искушенијата и страдањата на овој сегашен свет?**

---

Животот може да биде многу тежок, неправеден, суров. Студената прегратка на смртта брутално ни однела некои нам многу драги луѓе. Од друга страна, некои други луѓе вешто влегуваат во нашиот живот, ги освојуваат нашите чувства, а потоа едноставно си заминуваат како ништо да не се случило. Колку е страшно кога некој што сме го сакале и на кого сме му верувале ќе нѐ изневери!

Има моменти кога, со скршено срце, можеби дури и се прашуваме дали животот воопшто вреди да се живее. Но, што и да нѐ растажило, Бог секогаш сака да избрише што повеќе солзи од нашите образи. Сепак, некои од нашите најтешки солзи ќе продолжат да течат сѐ до оној славен ден кога смртта, тагата и плачот ќе престанат да постојат (Откр. 21,1-5).

Можеме да се потпреме на фактот дека, на конечниот суд, Бог ќе постапи праведно и со љубов со секое човечко суштество. Сите наши најмили кои умреле во Христа ќе воскреснат од мртвите за да бидат со нас во текот на сета вечност. Оние недостојни за вечен живот конечно ќе престанат да постојат и нема да бидат принудени да живеат во „омразен“ рај ниту во пекол што вечно гори. Најголема утеха ќе ни донесе сознанието дека Бог праведно постапил со сите. И кога смртта конечно ќе престане да постои, откупените радосно ќе повикаат: „О, смрт, каде ти е осилката? О, смрт, каде ти е победата?“ (1. Коринќаните 15,55).

Господ ветил дека, на новата земја и новото небо, „поранешните нема повеќе да се спомнуваат, ниту на ум ќе доаѓаат“ (Исаија 65,17). Ова не значи дека небото ќе биде место на општа амнезија, туку дека минатото нема да ја поткопува трајната радост на неговите жители.

**Кој од нас не доживеал тешки неправди што го придружуваат човечкото постоење на овој свет? Како можеме, особено во тие мачни времиња, да научиме да веруваме и, колку што е можно, да се радуваме на Божјата добрина и љубов?**

## НЕГОВОТО ИМЕ НА НИВНИТЕ ЧЕЛА

**Прочитајте Откровение 22,3-5. Како можеме да бидеме сигурни дека ќе се најдеме меѓу оние на кои ќе им биде испишано Божјето име на нивните чела? Можеме ли воопшто да бидеме сигурни во тоа?**

По бунтот на Луцифер и падот на Адам и Ева, Бог можел да ги уништи тие двајца грешници. Сепак, како израз на безусловната љубов кон Своите созданија, Бог смислил план да ги спаси сите оние кои го прифаќаат она што Тој го нуди. Тоа е она што го знаеме како „план на спасение“, кој, иако е воспоставен уште пред создавањето на земјата (Ефесјаните 1,3.4; 2. Тимотеј 1,9; Тит 1,2; Откровение 13,8), за прв пат им е изложен на луѓето во Едем, веднаш по Падот. Подоцна тој бил дополнително откриен во типовите и сенките на еврејската служба во светилиштето (2. Мојсеева 25). А тогаш неговиот најцелосен израз е даден во Исусовиот живот, смрт и воскресение (видете Римјаните 5).

Во срцето на планот за спасение е ветувањето за вечен живот, засновано на Исусовите заслуги, кое е упатено до сите кои со вера ја прифаќаат големата жртва принесена на крстот. И пред крстот и по крстот – спасението секогаш се прималоо врз основа на верата, никогаш врз основа на делата, колку и да се тие резултат на нашето спасение.

**Павле напишал за Аврам, кој живеел долго пред Христа, како пример за спасение преку вера: „Зашто ако Авраам се оправдал со дела, тој заслужува пофалба, но не пред Бога. Впрочем што вели Писмото? – ‘Му поверува Авраам на Бога, и тоа му се сметаше за праведност’“ (Римјаните 4,2.3). Како овие стихови ни помагаат да ја разбереме суштината на спасението со вера?**

Затоа можеме да ја имаме сигурноста на спасението ако сме го прифатиле Исуса, ако сме Му се предале, ако се повикуваме на Неговите ветувања, вклучувајќи го и ветувањето за новиот живот што веќе сега го имаме во Него, и ако целосно се потпираме на Неговите заслуги и ништо друго. Аврам верувал и тоа му се припишува како праведност. А истото важи и за нас.

**Ете, тоа значи да го имаме Неговото име напишано на своето чело. Ако тоа сега ни е напишано на челото и ако не отстапиме од Него, тогаш тоа ќе биде тука запишано и на новото небо и на новата земја.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борба* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето „Големата борба е завршена“, стр. 674-678 (оригинал). Ако сте во можност, прочитајте ги следните поглавја во книгата со наслов *Heaven* од истиот автор: „The Earth Made New“, стр. 133–145; „Heaven Is a School“, стр. 146-158; „It Will Not Be Long“, стр. 159-166; „Heaven Can Begin Now“, стр. 167–176; „The Music of Heaven“, стр. 177-184; „A Call for Us to Be There“, стр. 185-192.

„Христовиот крст ќе биде главен предмет на проучување и песна на откупените низ сета вечност. Во прославениот Христос го гледаат распнатиот Христос. Никогаш нема да заборават дека Оној, чијашто моќ ги создала и ги одржува без бројните светови во вселената, Божјиот мил Син, небесното Величество, Оној пред кого се клањале херувимите и светите серафими – се понизил себеси за да го подигне паднатиот човек; дека ја зел на себе кривицата и срамот на гревот и доживеал лицето на Отецот да се скрие од него и болката за еден загубен свет да го скрши неговото срце на крстот на Голгота. Сознанието дека Оној што ги создал сите светови и кој е Судија на сите созданија, ја напуштил својата слава и се понизил од љубов кон човекот, секогаш ќе буди чудење и восхит во вселената“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 651 оригинал).

„Големата борба е завршена. Грев и грешници нема веќе. Целата вселена е чиста. Насекаде во безмерниот универзум владеат апсолутна хармонија и радост. Од Оној кој создал сè тече живот, светлина и радост низ сите светови во бесконечните простори. Од најмалечкиот атом, до најголемиот свет, сè што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост зборуваат дека Бог е љубов“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 678 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Многу посветовени христијани живеат како овој свет да ќе трае вечно (Лука 12,16-21). Како да ги избалансираме нашите земни идеали со нашите небесни приоритети? Како можеме да се заштитиме од она за што нè предупредил Исус во текстот Лука 12 глава?**
2. **Ако небото почнува овде, што би можеле да направиме за нашиот дом и личниот живот да стане мал одраз на небесните принципи?**
3. **Подетално размислете за прашањето поставено на крајот од лекцијата за недела. Која логика се крие зад песимизмот на оние кои не веруваат во вечен живот? Во исто време, се чини дека некои од нив сепак сè уште живеат прилично „среќно“, дури и без никаква надеж во иднината. Како мислите како им успева тоа? Односно, како луѓето успеваат да ги рационализираат проблемите, па дури да бидат и задоволни со животот, без никакво ветување за нешто што би можело да ги чека по смртта?**

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македониіа



## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ОКТОМВРИ

# СПАСЕНИЕТО Е ПОСТИГНАТО!

### ПОНИЖУВАЊЕ НА ЦАРОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **Матеј 27,26-31.** | *Понижување на царот* |

### ПОГЛЕД КОН ЦАРСТВОТО НА ВЕРАТА

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Матеј 27,32.** | *Средба полна со болка* |
| *3. Понеделник* | **Галатјаните 3,13.** | *„Распнатиот“ Спасител?* |
| *4. Вторник* | **Евреите 10,35.36.** | *Тежината на гревот* |
| *5. Среда* | **2. Коринќаните 5,21.** | *Размена на Голгота* |
| *6. Четврток* | **Матеј 27,35-37.** | *Незнаењето на мнозина* |
| *7. Петок* | **Лука 23,32–42.** | *Поглед кон царството на верата* |
| *8. Сабота* | **Лука 23,43.** | *Извонредно ветување* |

### ГРИЖЛИВО ДО САМИОТ КРАЈ

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Матеј 27,39–44.** | *Парадоксот на распнатиот Месија* |
| *10. Понеделник* | **Марко 15,29.30.** | *Попатна лекција за останување на крстот* |
| *11. Вторник* | **Матеј 27,41.42.** | *Повеќе за останување на крстот* |
| *12. Среда* | **Јован 19,25–27.** | *Грижливо до самиот крај* |
| *13. Четврток* | **Матеј 27,45.46.** | *Два вида темнина* |
| *14. Петок* | **Марко 15,34.** | *Исусовата темна ноќ на душата* |
| *15. Сабота* | **Псалм 22,1.2.** | *Мојата темна ноќ на душата* |

### СПАСЕНИЕТО Е ПОСТИГНАТО!

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Лука 23,46.** | *Мирна победа* |
| *17. Понеделник* | **Јован 19,30.** | *Спасението е постигнато!* |
| *18. Вторник* | **Матеј 27,51.** | *Земен симбол на небесните нешта* |
| *19. Среда* | **Матеј 27,51–53.** | *Посебно воскресение* |
| *20. Четврток* | **Матеј 27,54.** | *Првите плодови на крстот* |
| *21. Петок* | **Матеј 27,55.56.** | *А потоа тука беа жените* |
| *22. Сабота* | **Јован 19,31–37.** | *Аутопсија: Смрт поради препукнато срце* |

### ВДАХНОВЕНО ПОСВЕТУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **Јован 19,38.39.** | *Силата на крстот* |
| *24. Понеделник* | **Марко 15,44–47**. | *Вдахновено посветување* |
| *25. Вторник* | **Лука 23,55.56**. | *Поука за саботата* |
| *26. Среда* | **Матеј 27,62–66**. | *Човечките дела и божественото провидение* |
| *27. Четврток* | **Матеј 28,1–4.** | *Пресвртница* |
| *28. Петок* | **Матеј 28,5.6.** | *Момент што треба да се запомни* |
| *29. Сабота* | **Лука 24,1–8.** | *ДА СЕ СЛУШНЕ и слушне* |

### БЛАГОДАТТА НА ВОСКРЕСЕНИЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Марко 16,6–8.** | *Благодатта на воскресението* |
| *31. Понеделник* | **Лука 24,10.11.** | *Неуспехот на првата христијанска проповед* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – НОЕМВРИ
# ПРИЈАТЕЛ НА ПРЕСТОЛОТ

### НОВИ ОЧИ ЗА НОВИ ПОУКИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Лука 24,12.** | *Две верзии: еден извештај* |
| *2. Среда* | **Матеј 28,11-15.** | *Проблемот со исчезнатото тело* |
| *3. Четврток* | **Лука 24,13-21.** | *Заслепувачката сила на пропаднатата надеж* |
| *4. Петок* | **Лука 24,21-27.** | *Нови очи за нови поуки* |
| *5. Сабота* | **Лука 24,28-31.** | *Извештајот за двата оброка* |

### ТЕМЕЛИТЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Лука 24,31-35.** | *Загреаните срца на откупената заедница* |
| *7. Понеделник* | **Лука 24,36-43.** | *Понатамошна операција на очите* |
| *8. Вторник* | **Јован 20,24-27.** | *Сила во различноста* |
| *9. Среда* | **Јован 20,28-31.** | *Тома ја гледа светлината* |
| *10. Четврток* | **1. Коринќаните 15,1-4.** | *Темелите на евангелието* |
| *11. Петок* | **1. Коринќаните 15,5-8.** | *Силата на воскресението* |
| *12. Сабота* | **Откровение 1,17.1.** | *Клучевите од гробот* |

### КРАЈ КОЈ ПРЕТСТАВУВА ПОЧЕТОК

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Дела 4,8–12.** | *Клучот на апостолската моќ* |
| *14. Понеделник* | **Римјаните 1,1-5.** | *Главната улога на клучот* |
| *15. Вторник* | **1 Коринќаните 15,17-19.** | *Несреќно, безумно, безначајно „христијанство“* |
| *16. Среда* | **Јован 21,1-8.** | *Исус доаѓа кога ни е потребен* |
| *17. Четврток* | **Јован 21,9-17.** | *Приказната за двата огна* |
| *18. Петок* | **Матеј 28,16-20.** | *Крај кој претставува почеток* |
| *19. Сабота* | **Лука 24,48.49.** | *Времето на чекање* |

### ПРИЈАТЕЛ НА ПРЕСТОЛОТ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Дела 1,8.** | *Исусовиот мисионски план, прв дел* |
| *21. Понеделник* | **Дела 1,8.** | *Исусовиот мисионски план, втор дел* |
| *22. Вторник* | **Дела 1,9-11.** | *Настан што ја изградува верата* |
| *23. Среда* | **Лука 24,50-53.** | *Подготовка за работа* |
| *24. Четврток* | **Откровение 5,11-14.** | *Устоличување* |
| *25. Петок* | **Дела 2,1-41.** | *Две свечени воведувања на должност* |
| *26. Сабота* | **Евреите 1,3.** | *Пријател на престолот* |

### ИСУС: ПОДОБРИОТ ПАТ!

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Евреите 8,1.2** | *Исусовото дело на небото* |
| *28. Понеделник* | **Евреите 4,14-16.** | *Смело да пристапиме пред Божјиот престол* |
| *29. Вторник* | **Евреите 9,12** | *Исус: Подобриот пат* |
| *30. Среда* | **Евреите 7,23-25** | *Тој може!* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ДЕКЕМВРИ

# НАДЕЖ ВО ВОСКРЕСЕНИЕТО

### ИМАМЕ ПОСРЕДНИК

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **1. 1. Јованово 2,1.2.** | *„Имаме претставник!“* |
| *2. Петок* | **Римјаните 8,31-37.** | *Имаме посредник!* |
| *3. Сабота* | **1. Јованово 5,13–15.** | *Исусовата служба и одговорот на молитвите* |

### ЗАВРШНИОТ СУД

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Даниел 7,9,10.** | *Воспоставување на конечниот суд* |
| *5. Понеделник* | **Даниел 7,13.14.** | *Последица на судот, 1. дел* |
| *6. Вторник* | **Даниел 7,21-27.** | *Последица на судот, втор дел* |
| *7. Среда* | **Матеј 16,26, 27.** | *Завршниот суд* |
| *8. Четврток* | **Откровение 22,11-13.** | *Тивкото завршување на Исусовото дело на Небото* |
| *9. Петок* | **Даниел 12,1.** | *Тешки времиња* |
| *10. Сабота* | **Тит 2,11-14.** | *Надеж - збор што го дефинира христијанството* |

### НАШИТЕ СОМНЕЖИ НЕ ГИ МЕНУВААТ БОЖЈИТЕ ПЛАНОВИ

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Евреите 9,26-28.** | *Полуспасени* |
| *12. Понеделник* | **2. Петрово 3,3-7.** | *Нашите сомнежи не ги менуваат* Божјите планови |
| *13. Вторник* | **2. Петрово 3,8–10.** | *Зошто Исус чека?* |
| *14. Среда* | **Откровение 21,10.** | *„Најдобрата претстава на светот“* |
| *15. Четврток* | **Откровение 11,15-18.** | *Промена на власта* |
| *16. Петок* | **Откровение 6,12-17.** | *„Стравот“ е повеќе од почит* |
| *17. Сабота* | **Откровение 6,16.17.** | *Гневот на јагнето* |

### НАДЕЖ ВО ВОСКРЕСЕНИЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *18 . Недела* | **Откровение 19,1-16.** | *Царско јагне* |
| *19. Понеделник* | **Откровение 19,6-9.** | *Најважната земска вечера* |
| *20. Вторник* | **1 Солуњаните 4,13)** | *Повеќе за „надежта“* |
| *21. Среда* | **1 Солуњаните 4,14.** | *Надеж во воскресението* |
| *22. Четврток* | **1 Солуњаните 4,15-18.** | *Приказ на две вознесувања* |
| *23. Петок* | **1. Солуњаните 4,16, 17.** | *Не толку тајно вознесение* |
| *24. Сабота* | **1. Коринќаните 15,51-54.** | *Бесмртни свети* |

### ПРОДОЛЖИ ДА ГИ НАСОЧУВАШ СВОИТЕ ОЧИ КОН ИСУСА

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **2. Петрово 3,10-14.** | *Да бидеме подготвени за Исусовото доаѓање* |
| *26. Понеделник* | **Откровение 21,1-5.** | *Небото: негативна перспектива* |
| *27. Вторник* | **Откровение 22,1-5.** | *Небото: позитивна перспектива* |
| *28. Среда* | **Откровение 1,8.** | *Исус Вечен и Семоќен* |
| *29. Четврток* | **Јован 21,25.** | *Каде ќе завршиш?* |
| *30. Петок* | **Откровение 22,16.17.** | *Исусовиот конечен повик* |
| *31. Сабота* | **Јован 1,29.** | *Продолжи да ги насочуваш очите кон Исуса* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ



















Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!







**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## Октомври

| | |
|---|---|
| **1.** | Амос 1-3 |
| | |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | Авдија и Јона 1-4 |
| 5. | Михеј 1-4 |
| 6. | 5-7 |
| 7. | Наум 1-3 |
| **8.** | Авакум 1-3 |
| | |
| 9. | Софонија 1-3 |
| 10. | Агеј 1-2 |
| 11. | Захарија 1-3 |
| 12. | 4-6 |
| 13. | 7-10 |
| 14. | 11-14 |
| **15.** | Малахија 1-4 |
| | |
| 16. | Матеј 1-5 |
| 17. | 6-8 |
| 18. | 9-11 |
| 19. | 12-13 |
| 20. | 14-15 |
| 21. | 16-17 |
| **22.** | 18-20 |
| | |
| 23. | 21-25 |
| 24. | 26-28 |
| 25. | Марко 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-13 |
| **29.** | 14-16 |
| | |
| 30. | Лука 1-3 |
| 31. | 4-6 |

## Ноември

| | |
|---|---|
| 1. | Лука 7-8 |
| 2. | 9-11 |
| 3. | 12-14 |
| 4. | 15-17 |
| **5.** | 18-20 |
| | |
| 6. | 21-22 |
| 7. | 23-24 |
| 8. | Јован 1-3 |
| 9. | 4-6 |
| 10. | 7-9 |
| 11. | 10-12 |
| **12.** | 13-15 |
| | |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | Дела 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| **19.** | 13-15 |
| | |
| 20. | 16-18 |
| 21. | 29-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-28 |
| 24. | Римјаните 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| **26.** | 7-9 |
| | |
| 27. | 10-12 |
| 28. | 13-16 |
| 29. | 1. Кор. 1-5 |
| 30. | 6-9 |

## Декември

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Кор. 10-12 |
| 2. | 13-16 |
| **3.** | 2. Кор. 1-5 |
| | |
| 4. | 6-9 |
| 5. | 10-13 |
| 6. | Галатјаните 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Ефешаните 1-6 |
| 9. | Филипјаните1-4 |
| **10.** | Колошаните 1-4 |
| | |
| 11. | 1. Солуњаните 2-5 |
| 12. | 2. Солуњаните 1-3 |
| 13. | 1. Тимотеј 1-6 |
| 14. | 2. Тимотеј 1-4 |
| 15. | Тит и Филимон |
| 16. | Евреите 1-5 |
| **17.** | 6-9 |
| | |
| 18. | 10-13 |
| 19. | Јаков 1-5 |
| 20. | 1. Петрово 1-3 |
| 21. | 2. Петрово 1-3 |
| 22. | 1. Јованово 1-3 |
| 23. | 4-5 |
| **24.** | 2. и 3. Јованово |
| | |
| 25. | Јудино послание |
| 26. | Откровение |
| 27. | 5-9 |
| 28. | 10-13 |
| 29. | 14-16 |
| 30. | 17-19 |
| **31.** | 20-22 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Октомври*

**1.** Псалм 79.
2. Псалм 80.
3. Псалм 81.
4. Псалм 82.
5. Псалм 83.
6. Псалм 84.
7. Псалм 85.
**8.** Псалм 86.
9. Псалм 87.
10. Псалм 88
11. Псалм 89,1-13.
12. Псалм 89,14-26.
13. Псалм 89,27-39.
14. Псалм 89,40-52.
**15.** Псалм 90.
16. Псалм 91.
17. Псалм 92.
18. Псалм 93.
19. Псалм 94.
20. Псалм 95.
21. Псалм 96.
**22.** Псалм 97.
23. Псалм 98.
24. Псалм 99.
25. Псалм 100.
26. Псалм 101.
27. Псалм 102,1-14.
28. Псалм 102,15-28.
**29.** Псалм 103.
30. Псалм 104,1-18.
31. Псалм 104,19-35.

## *Ноември*

1. Псалм 105,1-15.
2. Псалм 105,16-31.
3. Псалм 105,32-45.
4. Псалм 106,1-16.
**5.** Псалм 106,17-32.
6. Псалм 106,33-48.
7. Псалм 107,1-21,
8. Псалм 107,22-43.
9. Псалм 108.
10. Псалм 109,1-16.
11. Псалм 109,17-31.
**12.** Псалм 110.
13. Псалм 111.
14. Псалм 112.
15. Псалм 113.
16. Псалм 114.
17. Псалм 115.
18. Псалм 116.
**19.** Псалм 117.
20. Псалм 118,1-14.
21. Псалм 118,15-29.
22. Псалм 119,1-14.
23. Псалм 119,15-29
24. Псалм 119,30-43
25. Псалм 119,44-56.
**26.** Псалм 119,57-90.
27. Псалм 119,91-117.
28. Псалм 119,118-143.
29. Псалм 119,144-176.
30. Псалм 120.

## *Декември*

1. Псалм 121.
2. Псалм 122.
**3.** Псалм 123.
4. Псалм 124.
5. Псалм 125.
6. Псалм 126.
7. Псалм 127.
8. Псалм 128.
9. Псалм 129.
**10.** Псалм 130.
11. Псалм 131.
12. Псалм 132.
13. Псалм 133.
14. Псалм 134.
15. Псалм 135.
16. Псалм 136,1-14.
**17.** Псалм 136,15-26.
18. Псалм 137.
19. Псалм 138.
20. Псалм 139.
21. Псалм 140.
22. Псалм 141.
23. Псалм 142.
**24.** Псалм 143.
25. Псалм 144.
26. Псалм 145.
27. Псалм 146.
28. Псалм 147.
29. Псалм 148.
30. Псалм 149.
**31.** Псалм 150.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ОКТОМВРИ 2022 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 18:02 | 17:50 | 17:40 | 17:30 |
| Колешино | 18:01 | 17:50 | 17:39 | 17:29 |
| Стар Дојран | 18:01 | 17:50 | 17:40 | 17:30 |
| Куманово | 18:05 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Неготино | 18:04 | 17:52 | 17:42 | 17:32 |
| Струмица | 18:02 | 17:50 | 17:40 | 17:30 |
| Кочани | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Велес | 18:05 | 17:53 | 17:43 | 17:33 |
| Кавадарци | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Дебар | 18:10 | 17:59 | 17:48 | 17:38 |
| Скопје | 18:06 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |
| Битола | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:36 |
| Кичево | 18:08 | 17:57 | 17:46 | 17:36 |
| Лаки | 18:01 | 17:50 | 17:39 | 17:29 |
| Чифлик | 18:03 | 17:52 | 17:41 | 17:31 |
| Штип | 18:03 | 17:52 | 17:41 | 17:31 |
| Тетово | 18:08 | 17:56 | 17:46 | 17:35 |
| Јегуновце | 18:07 | 17:56 | 17:45 | 17:35 |
| Росоман | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Гевгелија | 18:02 | 17:51 | 17:41 | 17:31 |
| Свети Николе | 18:04 | 17:53 | 17:42 | 17:32 |
| Делчево | 18:01 | 17:49 | 17:38 | 17:28 |
| Валандово | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Охрид | 18:09 | 17:58 | 17:47 | 17:38 |
| Радовиш | 18:02 | 17:51 | 17:40 | 17:30 |
| Прилеп | 18:06 | 17:55 | 17:44 | 17:34 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| НОЕМВРИ 2022 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| Виница | 16:21 | 16:13 | 16:07 | 16:02 |
| Колешино | 16:20 | 16:13 | 16:07 | 16:02 |
| Стар Дојран | 16:21 | 16:14 | 16:08 | 16:03 |
| Куманово | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Неготино | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Струмица | 16:21 | 16:13 | 16:07 | 16:03 |
| Кочани | 16:21 | 16:13 | 16:07 | 16:02 |
| Велес | 16:24 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Кавадарци | 16:23 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Дебар | 16:29 | 16:22 | 16:15 | 16:11 |
| Скопје | 16:25 | 16:17 | 16:11 | 16:06 |
| Битола | 16:27 | 16:19 | 16:13 | 16:09 |
| Кичево | 16:27 | 16:20 | 16:14 | 16:09 |
| Лаки | 16:20 | 16:12 | 16:06 | 16:02 |
| Чифлик | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:05 |
| Штип | 16:22 | 16:14 | 16:08 | 16:04 |
| Тетово | 16:26 | 16:19 | 16:12 | 16:08 |
| Јегуновце | 16:26 | 16:18 | 16:12 | 16:07 |
| Росоман | 16:24 | 16:16 | 16:10 | 16:05 |
| Гевгелија | 16:22 | 16:15 | 16:09 | 16:04 |
| Свети Николе | 16:23 | 16:15 | 16:09 | 16:04 |
| Делчево | 16:19 | 16:12 | 16:05 | 16:01 |
| Валандово | 16:21 | 16:14 | 16:08 | 16:03 |
| Охрид | 16:29 | 16:21 | 16:15 | 16:11 |
| Радовиш | 16:21 | 16:14 | 16:07 | 16:03 |
| Прилеп | 16:25 | 16:18 | 16:12 | 16:07 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## ДЕКЕМВРИ 2022

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **2.** | **9.** | **16.** | **23.** | **30.** |
| **Виница** | 15:59 | 15:58 | 15:59 | 16:02 | 16:07 |
| **Колешино** | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:08 |
| **Стар Дојран** | 16:00 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:09 |
| **Куманово** | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| **Неготино** | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:10 |
| **Струмица** | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:08 |
| **Кочани** | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:07 |
| **Велес** | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:11 |
| **Кавадарци** | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:11 |
| **Дебар** | 16:08 | 16:07 | 16:09 | 16:12 | 16:16 |
| **Скопје** | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:11 |
| **Битола** | 16:06 | 16:06 | 16:07 | 16:10 | 16:15 |
| **Кичево** | 16:07 | 16:06 | 16:07 | 16:10 | 16:14 |
| **Лаки** | 15:59 | 15:58 | 15:59 | 16:02 | 16:07 |
| **Чифлик** | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:10 |
| **Штип** | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:09 |
| **Тетово** | 16:05 | 16:04 | 16:05 | 16:08 | 16:13 |
| **Јегуновце** | 16:04 | 16:03 | 16:04 | 16:07 | 16:12 |
| **Росоман** | 16:03 | 16:02 | 16:03 | 16:06 | 16:11 |
| **Гевгелија** | 16:01 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:10 |
| **Свети Николе** | 16:02 | 16:01 | 16:02 | 16:05 | 16:09 |
| **Делчево** | 15:58 | 15:57 | 15:58 | 16:01 | 16:06 |
| **Валандово** | 16:01 | 16:00 | 16:01 | 16:04 | 16:09 |
| **Охрид** | 16:08 | 16:08 | 16:09 | 16:12 | 16:16 |
| **Радовиш** | 16:00 | 15:59 | 16:00 | 16:03 | 16:08 |
| **Прилеп** | 16:05 | 16:04 | 16:05 | 16:08 | 16:13 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

# ЈУЖНОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Австралиска | 434 | 112 | 63,277 | 25,759,000 |
| Новозеландско пацифичка | 152 | 47 | 21,130 | 5,589,000 |
| Мисија Папуа Нова Гвинеја | 1,073 | 3,205 | 392,813 | 8,950,000 |
| Транспацифичка мисија | 552 | 660 | 135,056 | 2,437,000 |
| **ВКУПНО** | **2,211** | **4,024** | **612,276** | **42,735,000** |

## ПРОЕКТИ:

1. Основање на мисионска телевизија и радиоканал „Надеж“ (Хоуп) во Папуа Нова Гвинеја.

2. Снимање на пет детски ТВ серии „Царски деца“, со 13 епизоди врз основа на книгата ***Големата борба*** од Елена Вајт.